


# ОУ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ БИТОЛА

**адреса: Димче Лахчански бб, Битола, Битола**

**e-mail: ouklimentbt@yahoo.com**

**тел: 047/255737**

**факс: 047/252733**


## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**ЗА РАБОТАТА НА ОУ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ БИТОЛА**

**ЗА УЧЕБНАТА 2015/2016 ГОДИНА**



# СОДРЖИНА


1. Вовед
2. Лична карта на училиштето
3. Подготовка на материјално-техничките услови за работа
4. Ученици
5. Наставен кадар
6. Наставни средства
7. Организација на наставата

7.1 Задолжителна настава

7.2 Изборна настава

7.3 Дополнителна настава

7.4 Додатна настава

7.5 Вонннаставни активности

8. Работа на тимовите во училиштето
9. Работа на комисиите во училиштето
10. Проекти
11. Организации
12. Стручни активи
13. Училиштен одбор
14. Совет на родители
15. Заклучок

## 1.Вовед

***Извештајот за работа на ОУ „Св.Климент Охридски“-Битола е изработен според Законот за основно образование, Статутот на училиштето, Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2015/2016 година, Анексот на програмите кои се составен дел на Годишната програма, записниците, извештаите и укажувањата од увидите на Државниот просветен испекторат, советникот на БРО-Битола, Советот на родители и Училишниот одбор.***

***Целта и задачите на извештајот за работа е да се проследи реализацијата на планираните цели околу материјално-техничките услови за работа во училиштето, организацијата и начинот на остварување на воспитно-образовната работа во училиштето, формите на наставна и воннаставна активност, соработката со локалната средина, следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето, постигнувањата на учениците, а во исто време и да се укаже на тековните проблеми и тешкотии на кои наидовме во текот на оваа учебна година, со препораки за идната.***

***На почетокот на учебната 2015/16 година, беа извршени вообичаените подготовки за започнување на истата, а што се во насока на создавање подобри услови за работа што ќе овозможат да се подобрат резултатите во воспитно-образовната работа и реализацијата на наставните планови и програми во целост.***

***Во однос на техничката подготвеност на училиштето, како и секоја година, беа преземени неопходни мерки и активности за непречен почеток на годината. Поточно, беше направена нова организација на наставата во одделенска настава, заради што беше извршено бојосување на дел од училничките кабинети и холовите во училиштето. Во текот на месец декември и јануари беше извршена реконструкција на кровот на училиштето со што се надминаа проблемите со прокиснување во одредени простории и кабинети. Во текот на месец јануари и април беа реализирани две апликации за реконструкции во училиштето една во „Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието“ за реновирање на сите санитарни јазли во училиштето а другата за реконструкција на дограмата до Јапонската амбасада во Виена. Околу 30 000 евра грант од ПМИО училиштето го доби за реновирање на***

*санитарните јазли кој започна да се реализира во месец август. За втората апликација сеуште не е добиен одговор.*

*Од друга страна за наставниот кадар беа организирани неколку интерни работилници и дисеминации со цел што подобро подготвување на наставниците за работните предизвици во новата учебна година.*

*Една од новините кои се случија во оваа година е воведувањето на втор изборен јазик во училиштето со отворањето на првата паралелка по француски јазик, со што учениците добија можност покрај германскиот да го изучуваат и францускиот како втор изборен јазик. По тој повод училиштето го посети француската амбасадорка која најави отворање на Француско катче во рамките на училиштето.*

*Училиштето го освои зеленото знаме и по тој повод беше промовиран проектот „Здраво е од Клементина е„ за подигање на свеста кај младите за создавање на навики кон здравата храна. Во контекст на многубројните активности организирани од ЕКО тимот на училиштето го издвојуваме грантот од 1000 евра кој тимот го освои за изработка на сончеви колектори од лименки за заштеда на горивна енергија во училниците на северната страна од објектот. Со овој проект учениците изворно ја воочија заштедата на горивна енергија со користење на алтернативен извор на енергија.*

*Во оваа наставна година вреден е да се подвлече интерниот проект „Климентовци Претприемачи“ реализиран во рамките на училишно-родителската соработка „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“промовиран од МОН и БРО. Во рамките на истиот беа организирани три манифестации, Новогодишен и Велигденски панаѓур како и Првоаприлскиот избор на таленти. На овие манифестации се развиваа претприемничките вештини кај учениците како начин на примена на теоријата во пракса.*

*Особено е важно да се истакнат многубројните награди освоени од учениците под менторство на наставниците, големите успеси на Математичката секција, Спортските секции како и секциите од природните науки и Техничко образование. Годинава училиштето освои две големи признанија на ниво на град Битола и тоа: Најпопуларно училиште според читателите на Битолски весник како и Награда за професионалност во работата според гледачите на Телевизија Орбис.*

## 2. Лична карта на училиштето

### Општи податоци за училиштето:

| | |
|---|---|
| Име на училиштето | „ Св. Климент Охридски“ |
| Адреса, општина, место | „Димче Лахчански“ бб, Битола, Битола |
| Телефон | 047/255737 |
| Факс | 047/252733 |
| Е-меил | ouklimentbt@yahoo.com |
| Основано од | СИЗ за образование и наука |
| Верификација-број на акт | 13-162/90 |
| Година на верификација | 1990 г. |
| Јазик на кој се изведува наставата | македонски јазик |
| Година на изградба | 1989 година |
| Тип на градба | тврда градба |
| Површина на објектот | 5109 м$^2$ |
| Површина на училишниот двор | 15840 м$^2$ (заедно со спортските терени) |
| Површина на спортски терени и игралишта | 1487 м$^2$ |
| Училиштето работи во смена | Да |
| Начин на загревање на училиштето | парно греење со нафта |
| Број на одделенија | 9 одделенски совети |
| Број на паралелки | 46 |
| Број на смени | 2, со меѓусмена во I одделение |



*Местоположба на нашето училиште*

### 3. Подготовка на материјално-техничките услови за работа

На почетокот на новата учебна година беа извршени вообичаените подготовки за започнување на истата во насока на создавање подобри услови за работа, подобри резултати во воспитно-образовниот процес и реализацијата на наставните планови и програми во целост.

Во однос на техничката подготвеност на училиштето, како и секоја година, беа преземени неопходни мерки и активности за непречен тек на новата учебна година, а за секојдневна грижа во одржување на хигиенските услови, набавени се сите потребни хигиенски средства.

Се продолжи со програмата за дезинфекција и освежување на просториите во училиштето, беа направени одредени подготовки, во состав со потребите и материјалните можности на училиштето. Имено, во текот на летото, беше извршено бојадисување на холовите на горниот спрат и административниот дел, целосно и темелно чистење на сите училници и холови. ЈП „Комуналец“, пред самиот почеток на учебната година, изврши косење на тревата во училишниот двор.

Што се однесува до приемот и распределбата на новите учебници од фондот за бесплатни учебници на МОН, оваа учебна година, истите беа донесени навремено, така што сите ученици беа снабдени со учебници во предвидениот рок.

Според развојната програма за оваа учебна година беше предвидена изградбата на ЕКО училница во природа што како цел беше реализирана во текот на месец април. Истата беше изградена со помош на донација од ФОД , како и со рециклирани материјали од страна на техничката служба на училиштето. Еко училницата наставниците и учениците ја користат за реализација на нагледни часови и практична реализација на теоретските знаења. Проблемот со греењето на северните училници се подобри со изработка на сончеви колектори од лименки кои беа креирани од учениците и менторите на Еко тимот со поддршка на ОХО организацијата со грант од 1000 евра во материјали за истите.

Во текот на месец јуни беше извршена реконструкција на стариот дневен престој при што условите за прифаќање на над 100 ученици во дневниот престој се далеку подобрени. Со реконструкцијата на стариот престој се доби нов простор за надополнување на недостатокот на училница за прво одделение, со што се надмина проблемот со организаццција на наставата во три смени. Училиштето од оваа учебна година ќе работи во две смени.

### 4. Ученици

Во оваа учебна година, во училиштето завршиле 998 ученик, а во I одделение беа запишани 121 ученик, календарски обврзници, односно родените во 2009 година и во јануари 2010 година. Сите првоодделенци, според списокот на МВР се опфатени за започнување на деветгодишното основно образование.

| Одд. | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонц | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | | М | Ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | 5 | 120 | 63 | 54 | | | 2 | | 1 | | | |
| II | 5+1 | 116 | 55 | 58 | | | | | 1 | 2 | | |
| III | 5 | 112 | 54 | 53 | 2 | | 1 | | 2 | | | |
| IV | 5 | 121 | 65 | 49 | | | 2 | 1 | 2 | 2 | | |
| V | 5 | 96 | 48 | 46 | | 1 | | | | | 1 | |
| **I-V** | **26** | **565** | **285** | **260** | **2** | **1** | **5** | **1** | **6** | **4** | **1** | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **VI** | **5** | 98 | 54 | 41 | | | 1 | 1 | | | 1 | |
| **VII** | **5** | 125 | 69 | 53 | | | 1 | | 1 | | | 1 |
| **VIII** | **5** | 121 | 61 | 56 | 1 | 1 | | | 1 | | | 1 |
| **IX** | **5** | 90 | 48 | 41 | | 1 | | | | | | |
| **VI-IX** | **25** | **434** | **232** | **191** | **1** | **2** | **2** | **1** | **2** | | **1** | **2** |
| ***I-IX*** | ***51*** | ***998*** | ***517*** | ***451*** | ***3*** | ***3*** | ***7*** | ***2*** | ***8*** | ***4*** | ***2*** | ***2*** |

## 5. Наставен и ненаставен кадар

Во табелите се дадени детални податоци за структурата на наставниот и ненаставниот кадар, како и степенот на нивното образование, етничката и половата структура.

| Наставен и ненаставен кадар | вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на вработени | **89** | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| Број на наставен кадар | **67** | м | Ж | М | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на стручни соработници | **5** | 1 | 4 | | | | | | | | |
| Административни работници | **3** | | 3 | | | | | | | | |
| Техничка служба | **13** | 3 | 10 | | | | | | | | |
| Директор | **1** | | 1 | | | | | | | | |

### Степен на образование на вработените:

| **Образование** | **Број на вработени** |
|---|---|
| **Високо образование** | **69** |
| **Виша стручна спрема** | **5** |
| **Средно образование** | **4** |
| **Основно образование** | **11** |

## 6. Наставни средства

Училиштето располага со следните наставни средства:

- компјутери,
- касети со лап-топ комјутери за одделенска настава,
- касета со 16 лаптопи,
- 2 смарт табли,
- телевизори,
- ДВД и ЦД плеери,
- графоскопи,
- ЛЦД проектори,
- дигитални камери.

Располага со музички инструменти за потребите на училишниот оркестар, нагледни средства по биологија, физика, математика, географија, нагледни средства за активот на групата јазици како и за потребите на одделенска настава.

Училиштето располага и со десктоп компјутери, Intel Classmate лаптопи, Intel Classmate таблети и 2 смарт табли. Исто така располага и со следните асистивни уреди за работа со деца со потешкотии во учењето и за работа со деца со посебни образовни потреби: монитор на допир, 8 тастатури (5 со кирилично писмо и 3 со латинично писмо), 2 trackball, joystick, 2 одвоени кликови, како и 2 едукативни софтвери наменети за истите. Тие се сместени во канцеларијата на дефектологот, а по потреба се распоредуваат и по училниците.

## 7. Организација на наставата

### 7. 1 Задолжителна настава

***Задолжителната настава*** е прилагодена на возраста на учениците и им овозможува стекнување на соодветни знаења. Таа се организира по следните предмети:

*Македонски јазик ( I - IX )*
*Математика ( I – IX )*
*Англиски јазик ( I – IX )*
*Географија ( VII - IX )*
*Историја ( VI - IX)*
*Биологија ( VII – IX )*
*Хемија ( VIII, IX )*
*Физика ( VIII, IX )*
*Етика на религиите (VII)*
*Информатика ( VI, VII )*
*Техничко образование (V , VI )*
*Општество ( I – V )*
*Природни науки – ( I – III)*
*Природа ( IV )*
*Природни науки (V)*
*Природни науки и техника ( VI )*
*Граѓанско образование (VIII, IX)*
*Музичко образование ( I – IX )*
*Физичко и здравствено образование ( I – IX )*
*Ликовно образование ( I – IX )*
*Образование за животни вештини ( I – IX )* - исклучок има во прво одделение, каде овие часови се реализираат во состав на редовните часови.

### 7.2 *Изборната настава*

При изборот на изборните предмети, целосно се почитува Законот за деветтогодишно образование, според листата за избор на предмети, а се почитува и правилото учениците да избираат предмети кои минатата година не ги слушале.

| Изборни предмети | Паралелки | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX |
| *Работа со компјутери* | 5 | | 1 | | | | |
| *Творештво* | | 5 | 4 | | | | |
| *Етика на религиите* | | | | 5 | | | |
| *Класична култура на европската цивилизација* | | | | 5 | | | |
| *Француски јазик* | | | | 1 | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Германски јазик* | | | | 5 | | | |
| *Проекти од ликовната уметност* | | | | | | 5 | |
| *Проекти по техничко образование* | | | | | 5 | | |
| *Проекти од музичка уметност* | | | | | 5 | | |
| *Проекти од информатика* | | | | | | | 5 |
| *Програмирање* | | | | | | | 5 |
| *Вештини на живеење* | | | | | | 5 | |

Во одделенските совети на III, IV и V одделение, учениците по желба избираат втор изборен предмет помеѓу влашкиот, ромскиот и бошњачкиот јазик.

## *7.3 Дополнителната настава*

### ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА 2015/16 г.

Дополнителната настава според Законот, им овозможува на оние учениците кои заостануваат по одредени наставни содржини или имаат потешкотии со учењето по одделни наставни предмети, дополнително да ги совладаат истите содржини кои се изучуваат паралелно со редовните предмети.

Оваа настава се планира и организира во текот на целата наставна година и е застапена со вкупно 72 часа годишно, во предметна настава и во одделенска настава. За истата наставниците подготвуваат годишно планрање и предлагаат термин во седмицата за реализација.

Во текот на учебната година по квартали поднесуваат извештај за реализацијата. Педагошко-психолошката служба после секое тримесечие по предлог на преметниот наставник, на огласна табла за наставниците, истакнуваат списоци на ученици што треба да посетуваат дополнителна настава поради координација помеѓу наставниците за опфатот на учениците.

За опфатените ученици наставниците водат портфолио за напредокот, кога се вклучени и кога се исклучени. За реализацијата на дополнителната настава на ниво на училиште се подготвуваат извштаи по тримесечија како и на крајот од првото и второто полугодие од страна на училишниот педагог. Во прилог на подобрување на квалитетот на дополнителната настава во текот на учебната година се врши посета на истата од страна на училишниот педагог и директорот.

## АКТИВНОСТИ НА НИВО НА УЧИЛИШТЕ ЗА ПОУСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОПОЛНИТЕЛНАТА НАСТАВА:

| СПИСОК НА УЧЕНИЦИ ОПФАТЕНИ СО ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА | ОДД. | НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ ВО КОИ ЗАОСТАНУВА УЧЕНИКОТ | ВКЛУЧЕНИ | ИСКЛУЧЕНИ | СОРАБОТКА | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |

## ВРЕМЕНСКА РАМКА, АКТИВНОСТИ И СОРАБОТНИЦИ ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ДОПОЛНИТЕЛНАТА НАСТАВА:

| ВРЕМЕ | ЦЕЛНА ГРУПА | ФОРМА | ИНСТРУ-МЕНТИ | ПОСЕТА НА ЧАСОВ ЗА ДОП. НАС. | СОРАБОТ-НИЦИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **септември** | IV-IX одд. | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на доп. нас. | одд.рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **октомври** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на доп. нас. | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **ноември** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на доп. нас. | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **декември** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на доп. нас. | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **јануари-февруари** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на доп. нас. | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **март** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на доп. нас. | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **април** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на доп. нас. | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **мај** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на доп. нас. | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |

ИЗВЕШТАЈ

реализираноста на дополнителна настава на крајот од уч**.** 2015/2016 г.

| Ред. бр. | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ | ОПИС |
|---|---|---|---|
| 1 | Давање напатствија за н-ците (Подготвен формулар за планирање и формулар за список на у-ци ). | август-септември 2015 г. | Инструментот е даден со цел според дадени барања да се планира и да се подготви списокот на у-ци кои ќе посетуваат допо. нас. |
| 2 | Изготвување на училишен распоред за одржување на дополнителната настава со ден и час- истиот е испратен до просветниот инспектор. | септември 2015 г. | Наставниците даваат термини за одржување на дополнителната настава и сумирано од сите н-ци се праќа на просветниот инспектор. |
| | Прегледување на планирањата на н-ците за дополнителната настава | септември-октомври 2015 г. | Со прегледувањето на планирањата на наставниците се прегледува и планирањата за дополнителната настава-педагошки картон. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | | | |
| 4 | Поднесување на извештај за реализираноста на дополнителната настава од страна на н-ците на крајот од првото тримесечие | – ноември 2015 г. | Според законските обврски н-ците се должни на крајот од првото тримесечие да достават извештај за реализираноста на дополнителната настава, истото се евидентира во педагошкиот картон. |
| 5 | Преглед н одд. книги-евиденција на дополнителната настава | –ноември 2015 г. | При прегледот на средеността на педагошката евиденција се прегледува и евиденцијата на дополнителната настава во одд. книги. |
| 6 | Посета на часови за дополнителна настава | –септември-декември 2015 г. | Се прави договор со наставниците за посета на часови за дополнителна настава, со цел да се следат одредени ученици и унапредување на квалитетот на ваквите часови. |
| 7 | Поднесување на извештај за реализираноста на дополнителната настава од страна на н-ците на крајот од првото полугодие | –декември-јануари 2015/16 | Според законските обврски н-ците се должни на крајот од првото полугодие да достават извештај за реализираноста на дополнителната настава, истото се евидентира во педагошкиот картон. |
| 8 | Поднесување на извештај за реализираноста на дополнителната настава од страна на н-ците на крајот од првото тримесечие | – април 2016 г. | Според законските обврски н-ците се должни на крајот од третото тримесечие да достават извештај за реализираноста на дополнителната настава, истото се |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | евидентира во педагошкиот картон. |
| 9 | Преглед н одд. книги-евиденција на дополнителната настава | –април 2016 г. | При прегледот на средеността на педагошката евиденција се прегледува и евиденцијата на дополнителната настава во одд. книги. |
| 10 | Посета на часови за дополнителна настава | –јануари-јуни 2016 г. | Се прави договор со наставниците за посета на часови за дополнителна настава, со цел да се следат одредени ученици и унапредување на квалитетот на ваквите часови. |
| 11 | Поднесување на извештај за реализираноста на дополнителната настава од страна на н-ците на крајот од второто полугодие | –јануари-јуни 2016 | Според законските обврски н-ците се должни на крајот од второто полугодие да доставaт извештај за реализираноста на дополнителната настава, истото се евидентира во педагошкиот картон. |

Подготвил
Крстевски Никола

## *7.4 Додатна настава*

**ПРОГРАМА ЗА ДОДАТНА НАСТАВА 2015/16 г.**

| | |
|---|---|
| **ЦЕЛИ НА ДОДАТНАТА НАСТАВА:** | - Препознавање на надарените;<br>- Знаење за природата и потребите на надарените;<br>- Искористување на податоците од идентификацијата во планирање на индивидуалната програма за надарените;<br>- Познавање на соодветни програмски модели за нивна поддршка;<br>Знаење и вештини во користење на групната динамика;<br>- Интерес и обврски за постојано развивање на сопствената ефективност;<br>-Познавање на законите и правните норми поврзани со грижата на надарените;<br>- Знаење и вештина за советување на надарените ученици;<br>- Знаење за современите трендови и извори на воспитување и образование на надарените. |

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА**

ВРЕМЕНСКА РАМКА, АКТИВНОСТИ И СОРАБОТНИЦИ ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ДОДАТНА НАСТАВА:

| ВРЕМЕ | ЦЕЛНА ГРУПА | ФОРМА | ИНСТРУ-МЕНТИ | ПОСЕТА НА ЧАСОВ ЗА ДОД. НАС. | СОРАБОТ-НИЦИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **септември** | IV-IX одд. | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на дод. нас. | одд.рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **октомври** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на дод. нас | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **Ноември** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на дод. нас | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **декември** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на дод. нас | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **јануари-февруари** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на дод. нас | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **март** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на дод. нас | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **април** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкет, извештаи | според распоредот за одржување на дод. нас | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **мај** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на дод. нас | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |

ИЗВЕШТАЈ

реализираност на додатната настава на крајот од учебната 2015/2016 година

| Ред. бр. | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ | ОПИС |
|---|---|---|---|
| 1 | Советодавна работа со наставниците (особено почетници) за подготовка на програмата за додатна настава | август-септември 2015 година | -Разговори и консултации со наставниците за тоа како се подготвува програмата, околу нивото на задачи и временската рамка за подготовка на истата;<br>- Техничка подготовка на програмата за додатна настава во склоп на педагошкото досие. |
| 2 | Изготвување на училишен распоред за одржување на додатната настава со ден и час- истиот е испратен до просветниот инспектор, одделенска и предметна настава | септември 2015 година | -Запазување на законските регулативи со кои секоја паралелка треба да реализира по два часа додатна настава седмично;<br>-Државниот инспектор секоја учебна година во обврзни активности и документи го бара и училишниот рспоред за додатна настава;<br>-Потребен е за распределување на учениците кои ја посетуваат. |
| 3 | Консултации со наставниците за избор на ученици во групата за додатна настава | септември 2015 година | При изборот на ученици за посета на часовите од додатната настава треба да се има во предвид следново:<br>- Се вклучуваат ученици кои покажуваат надпросечни интереси по соодветниот наставен предмет поради својот талент, надпросечна општа интелигенција и надпросечни специфични фактори на интереси;<br>- Препорачливо е еден ученик да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | биде вклучен само во една област од додатната настава;<br>- Учениците кои ги поседуваат ваквите особини не треба да се вклучуваат во слободните ученички активности, што по некое правило и се случува; |
| 4 | Прегледување на планирањата на наставници за додатна настава | септември-октомври 2015 година | -Законска обврска при водење на педагошките картони и контролата на педагошките досиеа на наставниците;<br>-Сите наставници од второ до деветто одделение доставија програма. |
| 5 | Поднесување извештај за реализираноста на додатната настава од страна на наставниците на крајот од секој квартал (прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и крајот на учебната година) | – ноември 2015 до јуни 2016 година | -Законска обврска која треба да ја почитува секој наставник.; -Доставувањето на извештаите се евидентира во педагошкото досие на наставниците;<br>- Од увидот во извештаите воглавно може да се констатира дека на часовите од додатна настава се работат содржини кои се вон редовната настава, интересни и провокативни, со што се развива логичкото мислење. Содржините, најчесто се извлечени од додатна литература (збирки задачи, енциклопедии, наставни ливчиња на повисоко ниво, интернет и слично), а часовите се одржуваат според програмата доставена од страна на наставниците;<br>- Се работи индивидуално и во групи, се изготвуваат проекти, се подготвуваат учениците за организираните натпревари по наставни предмети од соодветни институции; |
| 6 | Посета на часови за додатна настава | –септември-мај 2015/2016 година | - Посетата на часови се врши со цел:<br>1. Увид во дневната подготовка на наставниците за спроведување на часовите од додатна настава.<br>2. Согледување успешноста и редовноста при реализацијата на овој вид |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | на настава.<br>3. Согледување на начинот, методите и формите преку кои се спроведуваат овој вид настава:<br>*Методи кои се применуваат: демонстративна метода, метод на самостојна работа, метода на групна дискусија и други.<br>*Форми на наставната работа: групна работа, работа во парови, индивидуализирана работа и други.<br>4. Прифаќањето на овие видови настава од страна на учениците, мотивација, односно емоционалната компонента.<br>5. Начинот и објективноста при изборот на ученици.<br>Наставниците кои се посетени поседуваат дневни подготовки посебно подготвени според претходно доставените програми. При посетата на часовите посебно напоменувам дека мотивацијата и заинтересираноста на учениците за содржините и спроведените активности е голема и лесно прифатлива.<br>Посетени се часови од додатна настава во одделенска настава, математика, информатика, странски јазици. |
| 7 | Подготовка на учениците за учество на општински, регионални и републички натпревари | −март до мај 2016 година | Часовите од додатна настава, наставниците ги спроведуваат за меѓуученички натпревари, како и подготовка на учениците за учество на престојните организирани натпревари преку индивидуализирана форма за работа;<br>Големиот број на освоени места и награди ја покажува големата посветеност на наставниците и учениците при реализацијата на овој вид настава. |

За идната учебна година останува задача да се направи нова ИЗЈАВА која ќе ја доставуваат учениците да доброволната посета на часовите од додатна настава.

Битола, јуни 2016 година

Изготвила
Кети Секуловска

## *7.5 Воннаставни активности*

**Слободните ученички активности** се организираа според потребите, а беа одредени и одговорни наставници. Преку нив се негуваа индивидуалните интереси и способности на учениците. Се организираа од областа на науката, техниката, уметноста, спортот, културно-уметничките активности и сл.. Истите ги посетуваа ученици кои ги препознаваа сопствените интереси и членуваа во нив по личен избор.

Активностите се реализираа преку следните секции:

•Библиотекарска секција
•Литературна секција
•Новинарска секција
•Училишно радио
•Рецитаторска секција
•Англиска секција
•Секција за германски јазик
•Драмска секција
•Математичка секција
•Млади физичари
•Млади хемичари
•Еколошка секција
•Биолошка секција
•Подготвителен хор
•Подготвителен оркестар
•Ликовна секција
•ТО-секција
•Информатичка секција
•Историска секција
•Географска секција
•Млади природници
•Секција од Граѓанска култура
•Балетска секција
•Слободни спортски активности
•Активности од хуманитарен аспект
•Детска организација
•Училишна заедница

Во одделенска настава, слободните ученички активности ги организираа наставниците во рамките на својата паралелка, според афинитетите и желбите на учениците и одделенскиот наставник, а работеа во следните секции:

•Пејачка секција
•Рецитаторска секција
•Музичка секција
•Љубители на природата
•Балетска секција
•Слободни спортски активности

•Англиска секција

*Успехот и постигнувањата на учениците во делот на слободните ученички активности може да се види од извештаите на тимовите на училиштето.*

***- Научно-рекреативни екскурзии***

1.Во текот на оваа учебна година беше изведена еднодневна екскурзија, со учениците од III одделение, на релација Битола-Струга-Вевчани-Охрид-Битола, според однапред утврдена програма. На екскурзијата присуствуваа 110 ученика и 5 наставнички.

На оваа екскурзија беа поставени и реализирани следните цели:

Учениците:

•Да се запознаат со природните и историските одлики на охридско – струшкиот регион;

•Да се запознаат со карактеристиките од нашето минато;

•Да развиваат позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;

•Меѓусебна социјализација;

•Да развиваат другарство, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобрување на меѓусебните односи.

2. Дводневната научна екскурзија низ Македонија беше реализирана според планираниот распоред, на 16. 4. 2015 година. Нејзината цел беше запознавање на учениците од шестите одделенија со културно-историските споменици и природните богатства во Македонија.

Беа посетени следните знаменитости: аеродромот „Александар Велики“, црквата „Св. Спас“ во Скопје, плоштадот во Скопје, Матка, манастирот „Св. Јован Бигорски“, Вевчанските извори, Самоиловата тврдина, Плаошник и амфитеатарот во Охрид.

**(немаме информација)**

3. Во периодот од 2 до 06. 04. 2016 год. со учениците од петто одделение, беше реализирана настава во природа во детското одморалиште „Мајски цвет“ во Струга. Наставата беше реализирана со посебна програма прилагодена според условите и интересите на учениците и според дефинирани цели:

-едукација;

-другарување;

-истражување;

-спорт, рекреација и забава;

-стекнување нови знаења за природата и нејзините убавини;

-подобро запознавање на учениците, развивање позитивни навики за соживот и надминување на националните, социјалните и други разлики кои постојат меѓу нив.

Во текот на целиот престој, учениците реализираа голем број активности преку истражување во природа, а помал број од активностите беа реализирани во опремена училница, која се наоѓаше во склоп на објектот. Тие имаа можност, на непосреден начин, да

се запознаат со флората и фауната на Охридското Езеро и големиот број на културно-историски споменици во градовите Струга и Охрид. Беа посетени: Домот на културата „ Драги Тозија“ во Ресен, природно-научниот музеј „Д-р Никола Незлобински“ во Струга, родната куќа на браќата Миладиновци, ликовната галерија на Вангел Коџоман, старата струшка чаршија, Мостот на поезијата, Вевчанските извори и др. По секоја реализирана посета, учениците добиваа задача да напишат извештај за истата, ликовно да се изразат, да приберат податоци и истите да ги презентираат на соодветен начин.

Во последниот ден од наставата во природа, беше посетена наколната населба-„Заливот на коските“ во Градиште, во близина на Охрид.

Учениците, за време на целиот престој во Струга, покажаа голем интерес и задоволство во реализирањето на сите активности. Тие имаа можност, на автентичен и непосреден начин, да се запознаат со с**е** она што ги опкружува, да донесуваат сами заклучоци и истите да ги презентираат на свој начин.

4.Учениците од IX одделение, од нашето училиште, според програмата на МОН, изведоа научна екскурзија низ Р Македонија од 20.10 -22. 10. 2014 година. Програмата на екскурзијата беше поставена според правилникот на МОН.

Според програмата, во првиот ден од екскурзијата беа посетени: градот Прилеп, винаријата Попова кула, Дојранското Езеро, Колешинските водопади, манастирот „Св. Богородица-Елеуса“ и градот Струмица, каде беше и првото ноќевање во хотелите „Илинден“ и „Централ“.

Во вториот ден, беа посетени: црквата „Св.Троица“ во Радовиш, градот Скопје, центарот, Музејот на ВМРО, Музејот на Холокаустот, црквата „Св. Спас“ и трговскиот центар „City moll“. Ноќевањето беше во Маврово.

Во третиот ден, беа посетени: манастирот „Св.Јован Бигорски“, манастирот „Св.Ѓорѓиј“ во село Рајчица, Вевчанските водопади и градот Охрид.

## 8. ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТАТА НА ТИМОВИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

**ЗА РАБОТАТА НА ТИМОТ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ**

| СОДРЖИНА | ЦЕЛИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА-2015/2016 | ОДГОВОРНИ ЛИЦА | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Проширување на тимот со нови членови** | Да се зголеми ефикасноста на работата на тимот | Септември | тим за професионален и кариерен развој директор | ефикасност во работата на тимот |
| **Изработка на план за активности за 2015/2016 година** | Да се прецизираат сите активности за работа на тимот за професионален развој | Септември | тим за професионален и кариерен развој директор | подобрување на функционалноста на тимот |
| **Изготвување на инструмент за анализа на состојбата (потребите за професионален развој на наставниците и стручните соработници)** | Да се издвојат потребите за професионален развој на наставниците и стручните соработници. | септември/ октомври | тим за професионален и кариерен развој Директор | идентификувани потреби за професионален развој на наставниците |
| **Изготвување на листа од потреби за професионален развој на наставниците и стручните соработници** | Да се направи листа на потреби од професионален развој;<br>Да се достават истите до БРО;<br>Да се бараат истакнатите форми за професионален развој на наставниците и стручните соработници преку провајдери и компетентни институции. | септември/ октомври | тим за професионален и кариерен развој Директор | прегледност на потребите за професионален развој на наставниците и стручните соработници |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Изготвување на правилник и критериуми за одржување на интерна работилница и обука.** | Ефикасност на интерните обуки, работилници | септември/ октомври | тим за професионален и кариерен развој<br><br>ниректор<br><br>Наставници | интерни обуки, дисеминации и работилници кои се ефикасни и преку кои присутните стекнуваат знаења, вештини и искуства |
| **Презентирање на правилникот** | Да се запознаат наставниците со Правилникот | септември/ октомври | тим за професионален и кариерен развој<br><br>директор | секој наставник го знае правилникот и критериумите за спроведување на интерни обуки |
| **Работилница за подобрување на работата на стручните активи** | Да се подобрат и продлабочат знаењата и искуствата за работата на стручните активи | август/ септември | Виолета Стевановска<br><br>Андријана Мигуловска | стекнати и продлабочени знаења во врска со проблематиката |
| **Работилница за примена на асистивната технологија во наставата со учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни образовни потреби** | Да се подобрат знаењата, вештините и искуствата на учениците за употребата на асистивната технологија | октомври | Андријана Шокларовска<br><br>Гордана Анастасова | стекнати и продлабочени знаења во врска со проблематиката |
| **Работилница за користење на Смарт таблата во наставата** | Да се стекнат вештини и знаења за користење на Смарт таблата[1] | Октомври | Гордана Анастасоваж<br><br>Атанас Пеев | стекнати и продлабочени знаења во врска со проблематиката |
| **Работилница за користење на софтверот** | Да се стекнат знаења и вештини за изготвување на | Ноември | Соња Кузмановска Андријана | стекнати и продлабочени знаења во врска |

[1] Оваа работилница се однесува на новите вработени и на сите оние наставници кои имаат потреба за дополнување и обновување на знаењата.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **KEduca** | стандардизирани тестови | | Мигуловска | со проблематиката |
| **Обука за иновативен пристап во користењето на апликации за работа со таблети во наставата** | Да се стекнат нови знаења, вештини искуства и да се споделат практики за користење на различни апликации за работа со таблети | февруари/ март | Весна А. Димитровска Виолета Стевановска | стекнати и продлабочени знаења во врска со проблематиката |
| **Дисеминација- Живеење во демократија** | Да се споделат искуствата и знаењата од посетениот пилот проект- Живеење во демократија | јануари/февруари | Билјана Цветковска | стекнати и продлабочени знаења во врска со проблематиката |
| **Работилници за подобрување на проблемско-проектната настава според наставните програми** | Да се стекнуват со нови искуства и знаења за проблемско-проектната настава | Декември | Андријана Мигуловска | стекнати и продлабочени знаења во врска со проблематиката |
| **Работилница за изготвување на план за личен професионален развој** | Да се стекнуват вештини за планирање на личниот развој на наставниците | октомври | Снежана Стојанова Виолета Стевановска | стекнати и продлабочени знаења во врска со проблематиката |
| **Одржување на отворени часови со примена на вештините и знаењата стекнати од интерните и екстерните работилници и обуки** | Да се добие повратна информација за употреба на новите стекнати знаења, вештини и искуства од интерните и екстерните дисеминации и работилници | септември/ јуни | директор ППС, дефектолог, еден претставник од тимот за професионален развој | повратна информација за употребата на новите техники, знаења и вештини стекнати со интерните и екстерните обуки и дисеминации |
| **Интерни работилници по математика со размислување за одделенска настава** | Да се прошират и збогатат знаењата на наставниците по математика | септември/ јуни | тим за учење (Гордана Анастасова, Снежана Стојанова) | стекнати и продлабочени знаења во врска со проблематиката |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **Учество на обуки, работилници и конференции и дисеминација на наставниците**[2] | Да се подобри професионалноста како и работата на наставниците | септември/ јуни | директор<br><br>ППС, Дефектолог, Еден претставник од тимот за професионален развој | повратна информација за употребата на новите техники, знаења и вештини стекнати со интерните и екстерните обуки и дисеминации |

Оваа година тимот работеше на тоа да се најдат обуки според потребите на наставниците, кои произлегоа од самата анализа на состојбата. Во таа насока дел од наставниците присуствуваа на обуки во земјата и во странство и тоа:

### ОБУКИ, СЕМИНАРИ, РАБОТИЛНИЦИ

| Ред. бр. | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ | ОПИС |
|---|---|---|---|
| **1** | Обуки за обучувачи за оценување | 28.08.2015 год. | Присуство на обука за оценување. Инструменти, постапки и начини на следење и оценување на знаењата на учениците |
| **2** | Меѓународна Конференција- Знаењето- капитал на иднината | 01.10.2016 | Презентација на стручни научни трудови од областа на образованието- работата на училиштето |
| **3** | Обука за наставниците по англиски јазик | 25.10.2015 год. | Професионален развој на наставниците по англиски јазик во врска со методите, постапките и начините на работа на часот по англиски јазик |
| | Обуки за професионален развој | 03.11.2015 | Професионален развој на |

[2] Овој дел од табелата се донесува на сите работилници, обуки, предавања, тркалезни маси и конференции кои ќе се одржуваат во текот на 2015/ 2016 и на кои ќе учествуваат наставници од нашето училиште. Имено секој од наставниците кој ќе биде присутен на некој од гренаведените форми за стекнување на знаење истите ќе има за задача да ги пренесе преку дисеминации на останатите наставници. Секоја организирана интерна обука, работилница, предавање потребно е да биде во согласност со Правилникот и критериумите за одржување на обуки.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | на наставниците- Национална Агенција за мобилност и европски програми | год. | наставниците, аплицирање на меѓународни проекти и користење на платформата etwinning |
| 5 | Обуки за користење на инструментите ЕГРА и ЕГМА- со читање до лидерство | 28.10.2015 год. | Проучивање, дискусија и договор за имплементација на испитување на математичките и јазичните компетенции на наставниците. |
| 6 | Меѓународна Конференција за заштита на личните податоци | 10.11.2015 | Споделување на искуства за сигурност во работата на интернет и заштита на личните податоците |
| 7 | Меѓународна Обука за Алтернативни начини за учење за намалување на бројот на ученици кои го напуштаат училиштето во Малта- Еразмус +. Конференција за улогата на претприемништвото во улога на намалување на бројот на ученици кои го напуштаат училиштето | 25.11.2015 | Споделување на алтернативни начини на учење за намалување на бројот на учеици кои го напуштаат училиштето |
| 8. | Семинар за професионален развој на наставници по англиски јазик | 25.12.2016 | Искуства, вештини и познавања во врска со англискиот јазик |
| 9. | Меѓународна Обука за подобрување на компетенциите кај сите ученици- Германија | 18.01.2016 | Споделување на искуства за алатки за признавање на работата на учениците и дискусија за аплицирање на меѓународни проекти |
| 10. | Учество на еду- конференција во Струга | 1-3.04.2016 | Споделување на искуства на наставата, техники на работа, употреба на технологијата во наставата и постер презентации во насока на подобрување и унапредување на наставниот процес. |
| 11. | Базични обуки за меѓуентничка интеграција во образованието | март, 2016 | Споделување на искуства, начини, методи на работа за подобро планирање и реализација на активностите во наставата. |
| 12. | Работилници за новоизбраните училишта за реновирање- МИО проект | март, 2016 | Информација за методи на работа за подобро планирање и реализација на активностите во наставата. |
| 12. | Учество на работилница за пишување на нова стратегија за | април, 2016 | Споделување на искуствата и практиките во основното |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | образование | | обраование со цел конципирање на нова стратегија во образованието |
| **13.** | Меѓународна Обука за подобрување на лидерските вештини при работа со | мај, 2016 | Вештини, компетенции и искуства на меѓународно ниво во врска со пишување на меѓународно искуство во врска со работата со учениците од аргинилизираните групи |
| **14.** | Работилници за формативно оценување за одделенска настава. | мај- јуни, 2016 | Стекнување на нови искуства во врска со формативното оценување за наставниците од одделенска настава |
| **15.** | Семинар за професионален развој на наставници по англиски јазик | 13.06.2016 | Искуства, вештини и познавања во врска со англискиот јазик |
| **16.** | Работилница- Чекор по чекор за наставници | 21.06.2016 | Работилници за подобрување на знаењата и стекнување на искуства |
| **17.** | Учество на фестивал за иновативни практики- државен натпревар на снимени добри практики од МИО | 30.06.2016 | Споделување на искуства, начини, методи на работа за подобро планирање и реализација на активностите во наставата. |

**ИНТЕРНИ РАБОТИЛНИЦИ ЗА НАСТАВНИЦИТЕ**

| Ред.бр. | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ | ОПИС |
|---|---|---|---|
| **1** | Подобрување на работата на стручните активи | 26.08.2015 год. | Работилница за работата на стручните активи, пишување на извештаи и записници |
| **2** | Обуката за користење на смарт таблата | 15.09.2015 год. | Презентација на начините на работа на смарт таблата поставена во одделенска настава |
| **3** | Интерна обука за оценување | 19.01.2016 год. | Обука за оценување- споделување на начини техники и инструменти за оценување. |

## ПРЕПОРАКИ- ОНА ШТО НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО ОВАА ГОДИНА И СЕ ПЛАНИРА ЗА НАРЕДНАТА ГОДИНА

- Изготвување на листа од потреби за професионален развој на наставниците и стручните соработници;
- Изготвување на правилник и критериуми за одржување на интерна работилница и обука;
- Работилница за примена на асистивната технологија во наставата со учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни образовни потреби;
- Дисеминација- Живеење во демократија;
- Работилници за подобрување на проблемско- проектната настава според наставните програми;
- Работилница за изготвување на план за личен професионален развој.

**Програма за работа со надарени и талентирани ученици во склоп на годишната програма на училиштето за учебната 2015/2016 година**

| ЦЕЛИ | АКТИВНОСТИ | РЕАЛИЗАТОРИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| **Идентификување на надарените ученици вклучени во редовна настава** | -Тестирање на учениците со тест на интелигенција и нивно селектирање (Равенови матрици);<br>-Прашалник за наставниците (Ренцули); | психолог | септември октомври |
| | Анализа на резултатите од тестирањето и изработка на извештај; | психолог | октомври ноември |
| **Идентификување на креативното мислење кај талентираните ученици** | -Тестирање на учениците со тест на креативно мислење- цртање ТЦТ-ДП Клаус К. Урбан и Ханс Г. Јелен; | психолог | септември октомври |
| **Формирање на групите за додатна настава со користење на податоците добиени од спроведените инструменти за** | -Состаноци на стручни активи и презентирање на резултатите за откривање на талентите на учениците и правилно формирање; | психолошко-педагошка служба, одделенски раководители, наставници | октомври |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **идентификација** | | | |
| **Подобро запознавање со видот на талентираност и следење на развојот на талентираните ученици** | -Индивидуални и групни состаноци со родителите и презентирање на информации; | психолошко-педагошка служба, одделенски раководители, наставници | ноември |
| **Определување на цели за работа со надарените ученици; стратегии и ментори за работа.** | -Состаноци  со стручните активи, одговорни наставници на слободни ученички активности, како и начинот на водење на додатната настава | психолошко-педагошка служба, одделенски раководители, наставници | септеври – мај |
| **Следење на развојот на талентираните  и надарените ученици** | -Состаноци  со наставниците и родителите на надарените ученици, водење записници;<br>-Прашалник за родителите во врска со нивното мислење за организацијата на додатната настава; | психолошко-педагошка служба, одговорни наставници за додатна настава | септеври – мај |
| **Поддршка на надарените ученици за акцелерација** | -Тестирање на учениците за креативност и интелигенција, годишни тестови на знаење по наставните предмети; | психолошко–педагошка служба, Стручни активи родители, наставници, одделенски раководители, | во текот на учебната година по потреба |
| **Поттикнување на надарените ученици во натамошното напредување и проширување на знаењата** | Организирање на додатна настава, адаптирана на поставените цели; | предметните наставници | во текот на учебната година |
| | Организирање на групна настава, адаптирана на потребите на надарените ученици; | предметните наставници | во текот на учебната година |
| | Вклучување во воннаставни активности на надарените деца | психолошко–педагошка служба во соработка со наставниците задолжени за воннаставни активности | Во текот на учебната година |
| **Континуирано следење на постигањата по** | Анализа на успехот (постигнувањата) на надарените ученици по | психолошко–педагошка служба оддел. | по класификациони периоди |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **класификациони периоди на надарените ученици** | класификациони периоди и изработка на извештај; | раководител | |
| **Откривање на потребите за продлабочување и проширување на знаењата и размена на информации и предлози за нивното напредување** | Организирање на индивидуални средби со надарените ученици;<br><br>Посета на часовите од додатна настава;<br><br>Анкетен лист за интересот за додатната настава; | психолошко–педагошка служба наставници родители | во текот на учебната година |
| **Запознавање на родителите со постигањата на учениците и размена на искуства и информации за потребите на ученикот** | Извештај за постигањата на надарените ученици, нивниот напредок, изготвување извештаи од посетата на часовите од додатна настава; | одделенски и предметни наставници, психолошко – педагошка служба (по потреба) | по класификациони периоди |
| **Соработка со локалната заедница** | Учество во натпревари во организација на МОН, БРО на РМ, општина Битола, НВО, Народна техника, Црвен крст и др. | ученици, предметни наставници, наставници ментори, МОН, БРО и др | во текот на учебната година |

## ГОДИШЕН ГЛОБАЛЕН ПЛАН-ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ТИМОТ ЗА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО УЧЕБНА 2015/16 г.

| АКТИВНОСТ | НОСИТЕЛИ | НАЧИН НА ПРАТЕЊЕ | ВРЕМЕ 2015/16 г. |
|---|---|---|---|
| ***Анализа на програмата за инклузивно образование*** и работата на тимот пред почетокот на учебната година<br>○ Број и профил на членови вклучени во спроведувањето на ИОП (Учебна 2015/16 има четири ученици со посебни потреби со наод и мислење,а четири ученици се само со мислење кои се ученици со потешкотии) сите наставници изработуваат ИОП со исклучок на наставните предмети физичко, музичко и ликовно образование. За еден од учениците се изработува ИОП по предметот физичко и здравствено образование , бидејќи станува збор за ученик со телесна инвалидност. | тим за ИО, наставник, родител | евиденција на тимот, извештаи | VI, VIII |
- Изложба на цртежи од конкурсот – Стевче Тодоровски и Ленче Крстеска , Изложба на изработени творби – VIII одд. – Виолета Поповска

**4.12.2015година**

- Во проториите на Дневниот престој се реализира ликовна работилница со ученици кои го посетуваат престојот и ученици од Заводот за рехабилитација за слух, говор и глас на деца „Кочо Рацин“. Учениците работеа во групи, изработуваа честитки, цртаа, боеа, сечеа, лепеа. Во активностите подеднакво беа вклучени сите ученици, имаше тимска работа, пријатна атмосфера, учениците соработуваа, си помагаа, изработуваа. Наставничките постојано ги следеа, поттикнуваа, мотивираа и каде што беше потребно и помагаа.Во работилницата беше вкучен и училишниот дефектолог кој помагаше за подобра комуникација помеѓу учениците. Наставници кои беа вклучени: **Сузана Дишковска, Кети Јосифовска, Ана Здравкова и Андријана Шокларовска и наставници од Заводот.**

- Во паралелката V – 3 одд. наставничката **Валентина Величановска** со своите ученици реализираше ликовна работилница на тема Боите на есента. Учениците изработуваа: шума, дрвја, верверички, полжави, есенски лисја, ѕвездички и сл. со помош на хартија во боја, пластелин и природни материјали: костени, лешници, ореви, суви лисја. Тие беа многу креативни при реализирањето на нивните идеи, а при изработката им помагаа и неколку родителки. Сите беа внесени во работата, владееше работна атмосфера, а на крајот своите успешни изработки децата со наставничката ги изложија во училницата.

- Наставничката на **V$^2$** одделение - **Марија Цветковска**, реализираше приредба, за чија содржинска организација голем простор им остави на нејзините ученици. Тие имаа слобода да избираат точки за реализиција (драмски текстови, песни за пеење, рецитали), а наставничката по одобрување на истите, ги следеше, им помагаше и ја организираше работата и вежбањето. Во приредбата беше вклучена и наставничката по англиски јазик, Моника Лазова, со една песна на англиски јазик. Приредбата беше добро организирана, просторот погодно адаптиран за одржување на истата. Родителите ја исполнија училницата целосно и со интерес ги проследија точките со кои што се претставија нивните деца. Вклучени беа сите ученици од одделението, во одредени точки, според нивните афинитети и можности. Родителите на крајот искажаа големо задоволство и честитки, учениците беа среќни и задоволни од нивниот настап и секако наставничката беше горда на покажаните можности и таленти на нејзините ученици
- Во паралелката V-2 се одржа Креативна работилница со ученици и родителим Поздравен говор одржа одделенскиот раководител **Билјана Печипајковска** со што ги воведе родителите во активностите што следеа. По повод темата поврзана за светлината тие заеднички изработија светлосен круг од мали сијалички. Потоа следување приредба – драматизација подготвена од самите ученици. Активностите на оваа работилница беа интересни, забавни и креативни и се се случуваше во пријатна празнична атмосфера.

- Стручниот актив по Информатика и Техничко образование(**Атанас Пеев, Игор Стојанов**

| | |
|---|---|
| | **Наташа Лавчанска**) се претстави со изработки од страна на учениците и истите беа изложени во училишнипт хол (со помош на Solar Kit беа изработени – соларна вртелешка, соларен брод, соларен авион, соларна ветерница, соларен автомобил, соларна играчка куче итн.) . Успешно и на интересен начин беше пренесена пораката за значењето и влијанието на обновливите извори на енергија во сите аспекти од човековото живеење – користете ја сончевата светлина и со тоа штедете пари, штедете енергија, не ја загадувате околината, а згора на се ќе бидете цивилизирани и современи граѓани.<br>• Историската секција во соработка со радиосекцијата, реализира активност под наслов ,, Кочо Рацин низ историјата“. Гости – учесници на настанот беа ученици од осмо одделение од ОУ,, Славко Лумбарковски“ од Новаци. Настанот беше одржан  во кабинетот по историја. Активноста се состоеше од читање реферат посветен на животот и дејноста на Кочо Рацин, со посебен осврт на неговото учество во втората светска војна; читање поезија од стихозбирката Бели Мугри, песни во кои симболично е претставена светлината, како раѓање на нова иднина; презентација на видеобим поткрепена со слики, извадоци од песни, фрагменти од асоцијации на песни и сл.Одговорни наставници беа **Оливера Илиевска и Љупчо Стојановски.**<br>• Изложба на цртежи од конкурсот – Стевче Тодоровски и Ленче Крстеска , Изложба на изработени творби – VIII одд. – Виолета Поповска<br>**7.12.2015година**<br><br>• Литературна средба со Мирјана Стојановска, доделување на награди од литературниот и ликовниот конкурс – одговорни: наставниците по Македонски јазик<br>Спортски натпревари |

ВТОРО ПОЛУГОДИЕ

| Ред. бр. | АКТИВНОСТ | **ВРЕМЕ** | **ОПИС** |
|---|---|---|---|
| 1. | Претприемнички настан – Новогодишен базар | 28.12.2015година | Наставниците и родителите во заедничка грижа за учениците организираа климентовски претприемачки настан, полн со изненадувања. Украси, храна, караоке забава и сликање со Дедо Мраз беа само дел од активностите.  Со ова беа финализирани активностите од проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ . |
| 2. | Приредба по повод одбележување на Денот на екологијата (18.03.2016г.) | 18.03.2016година | По повод Месецот на екологијата, на 18 март (петок) во училишната трпезарија се одржа централна манифестација, во која зедоа учество ученици од прво до осмо одделение. Приредбата беше збогатена со песни, драматизации, балетски точки, како и презентација на избрани скулптури од конкурсот „Екоград“. Одговорени за организација– Екотимот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | <u>**Програма:**</u><br>**1.** Визуелна драматизација: **„Најубавиот цвет“** (VII одд. - одговорен наставник, Соња Петровска)<br>**2.** Најава/поздравен говор<br>**3.** Песна **„Екологија“** (III одд. - одговорен наставник, Јасна Јанева-Гулевски)<br>**4.** Балет-кореографија на песната **„Фокус“** (голема група - одговорен наставник, Сања Кузмановска)<br>**5.** Драматизација: **„Чистотата е половина здравје“** (V одд. - одговорен наставник Марија Цветкоска)<br>**6.** Композиција: **„Од новиот свет“-Антонин Дворжак** (Ѓорѓи Димовски VI-3 (саксафон) и Поповски Бојан VI-3 (труба) - одговорен наставник, Пеце Колев)<br>**7.** Наградени ученици од литературниот конкурс: **„Еко град“**<br>**8.** Ликовен конкурс:**„Еко град“**-презентација на избрани скулптури<br>**9.** Драматизација: **„Хартеса, Хостеса и Плантеса“** (IV одд.- одговорен наставник, Даниела Петковска)<br>**10.** Балет - кореографија на песната **„Хулахоп“** (мала група- одговорен наставник, Сања Кузмановска)<br>**11. „Еколошка песна“** (II одд.- одговорен наставник Марика Костовска)<br>**12.** Драматизација**: „Ах,бре дедо!?“** (VI одд., - одговорен наставник, Андријана Димитров)<br>**13.** Одјава<br>**14.** Песна **„Next generation“** (Леона Мариќ, VII-2 и Зорица Станковска,VII-3 - одговорен наставник, Игор Огненовски) |
| 3. | Претприемнички настан по повод 1 ви Април, Денот на шегата: *Избираме најдобри во глума, танцување, смеа, забава, пантомима, битбокс, пеење, претприемништво* | 31.03.2016г одина 1.04.2016 година | <u>По повод 1 ви Април - Денот на шегата, на 31.03.2016г(четврток) и 1.04.2016г.(петок)</u> во нашето училиште се одржа голем претприемнички настан „Избираме најдобар талент“. На овој настан учествуваа ученици од прво до осмо одделение. Некои од нив се претставија со своја точка, а некои со маски. Стручното жири, составено од Јулијана Мирчевска, Бојан Стоков и Анастасија Милевска ги одреди победниците, за кои следуваат награди. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | Претприемнички настан - Велигденски базар | 27.04.2016година | Нашето училиште, во духот на традицијата, забавата, дружењето и учењето и овој пат организираа голем Велигденски базар. Украси, храна, караоке забава и дружење беа реализираните активности. Со ова ги финализиравме активностите од проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ Беше прекрасно доживување. |
| 5. | Приредба по повод 24 ти Мај, Денот на словенските просветители | 23.05.2016година 26.05.2016година | По повод 24ти мај, Денот на сесловенските просветители, тимот за прослави и приредби од нашето училиште организира две манифестации:<br>- Првата се одржа на 23 ти мај, во училишниот двор. На оваа манифестација се промовира новата покривна конструкција на училницата во природа. Сето тоа беше проследено со музички , балетски точки, рецитали, а присуствуваа и медиуми. Се одржаа отворени часови и сеоделија благодарници на учениците кои во текот на целата година го дадоа својот придонес во работата и промовирањето на училиштето.<br>- Втората се одржа на 26Мај во малата сала на Центарот за култура-Битола. На оваа манифестација беа прогласени најдобрите ученици на генерацијата според освоените бодови и критериумите на тимот за пофалби и награди при училиштето „Св Климент Охридски“ - Битола. Овој свечен чин беше збогатен со прекрасната изведба на драматизацијата „Госпоѓа Министерка“ од Бранислав Нушиќ од членовите на драмската секција при училиштето, предводена од наставничката Јулија Иванова. |

Изготвил:
Претседател на тимот за прослави приредби
***Снежана Стефановска***

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
ТИМ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ И ПРВА ПОМОШ 2015/2016

Реализираните активности на Тимот за заштита и спасување и прва помош се во согласност со доставениот Годишен план и програма за работа на истиот тим во тековната 2015/16 година.

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ТИМОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ И ПРВА ПОМОШ 2015/16 г.**

| ПЛАНИРАНИ ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕАЛИЗАТОР | МЕТОДИ И ПОСТАПКИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ ЦЕЛИ И ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| Донесување и усвојување на Програма за активностите на тимот | септември 2015 г. | тим за заштита и спасување | анализа на Програмата од претходната наставна година,откривање на воочените слабости подобрување на програмата | Успешна реализација на програмата и размена на искуства. |
| Тестирање на знак ѕвоно, потсетување на учениците и вработените преку разглас | октомври 2015 г. | тим за заштита и спасување | симулација на елементарна непогода | Препознавање на знак и брза реакција во случај на елементарни непогоди. |
| Предавање - Превентивни активности од природни непогоди за ученици | ноември 2015 г. | тим за заштита и спасување | интеракција | Навремено и правилно постапување во случај на елементарни непогоди. |
| Вежбовна активност на Тимот за прва медицинска помош – одделенска-предметна настава. | декември 2015 г | тим за прва медицинска помош | демонстрација | Правилна и брза реакција на тимот за прва помош во случај на елементарна незгода. |
| Вежбовна активност на тимот за заштита од пожари – одделенска-предметна настава. | февруари, 2016 г. | тим за заштита и спасување | демонстрација | Правилна и брза реакција на тимот за заштита од пожари. |
| Вежбовна активност и евакуација – одделенска - предметна настава | март,април, 2016г. | тим за заштита и спасување | симулација | Навремено напуштање на училишната зграда |
| Евалуација на спроведените активности | мај 2016 г. | тим за заштита и спасување | SWOT анализа | Отстранување на аномалиите и недостатоците |

**Цели:**

- Изготвување на ефикасен план за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди;
- Обука на учениците и вработените за ефикасна постапка во време на елементарна незгода;
- Избегнување и намалување на бројот на жртвите со навремено и организирано укажување на прва медицинска помош и евакуација на повредените.

**АКТИВНОСТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЦЕЛИТЕ**

Следи листа со реализираните активности , а потоа табела во која што е дадена временската рамка на реализација и краток опис на самите активности.

| Ред. бр. | АКТИВНОСТ | **ВРЕМЕ** | **ОПИС** |
|---|---|---|---|
| 1 | Донесување и усвојување на Програма за активностите на тимот | 09.2015 година | Согласно наведеното, во септември 2015 г. се донесе и усвои Програмата за активностите на тимот од страна на членовите на тимот за заштита и спасување. |
| 2 | Тестирање на знак -ѕвоно, потсетување на учениците и вработените преку разглас | 10.2015 година | Во месец октомври беше реализирана планираната активност: Тестирање на знак- ѕвоно, потсетување на учениците и вработените преку разглас. Главна цел беше препознавање на знак и брза реакција од страна на учениците во случај на елементарни непогоди. |
| 3 | Предавање -Превентивни активности од природни непогоди за ученици | 11.2015 година | Во текот на ноември според Програмата на тимот беше предвидена реализација на Предавање на тема: Превентивни активности од природни непогоди за ученици. Предавањето не се одржа. Причина- поканетиот гостин беше спречен поради професионални обврски да присуствува на предавањето. Предавањето е одложено за ворото полугодие. |
| 4 | Вежбовна активност на тимот за Прва медицинска помош – одделенска-предметна настава. | 12.2015 година | Во месец декември според Програмата беше предвидена вежбовна активност на тимот за прва медицинска помош – одделенска-предметна настава. Истата е одложена за почетокот на месец април од причина што во тој период се одржуваат Општинските натпревари по давање Прва помош. На овие натпревари ќе земат учество и ученици од нашето училиште , па вежбовната активност би им била проверка на веќе подготвените начини на давање на Прва помош. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 | Вежбовна активност на тимот за заштита од пожари – одделенска-предметна настава. | 14.03.2015 година | Во текот на февруари и март/април според Програмата на тимот беше предвидена реализација на вежбовна активност / вежбовна активност со симулација. Двете предвидени активности беа споени во една која се одржа во текот на месец март.Целта на овие активности беше правилна и брза реакција на учениците како и навремено напуштање на училишната зграда. |
| 6 | Вежбовна активност и евакуација –одделенска - предметна настава | | |
| 7 | Евалуација на спроведените активности | 05.2015 година | Предвидените активности поврзани со евалуацијата на годишно ниво во целост се спроведени. Очекуваните резултати од евалуацијата се во рамките на предвиденото. Заклучоците-резултатите на евалуацијата се основа за наредни чекори, односно планови за работа на тимот во следната година. |

**Препораки за наредната учебна година**

Врз основа на планот и програмата како и извештајот за реализација на истите план и програма ,како препораки за наредната учебна година би биле:

- Активно следење на потенцијалните ризици и адекватно на тоа соодветно прилагодување на планот и програмата како одговор на евентуалниот ризик;
- Следење на активностите , плановите и програмите на државно ниво со цел применување на позитивните практики препорачани од стручните лица во плановите и програмите на ниво на училишт. Секако ова би било примарна задача на менаџментот;
- Усогласување на планот и програмата за давање Прва помош со одредбите од законската регулатива кои ја покриваат таа материја, како на пример: содржина на сандачето за Прва помош.

**Изготвил:**

Координатор на тимот за заштита и спасување, ***Соња Кузманова***

## ТИМ ЗА УПОТРЕБА НА ИКТ ВО НАСТАВАТА

### Програма за работа

| ПЛАНИРАНИ ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕАЛИЗАТОР | МЕТОДИ И ПОСТАПКИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ ЦЕЛИ И ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| Примена на асистивната технологија во наставата | во текот на учебната 2015/16 год. | Андријана Шокларовска<br><br>Гордана Анастасова | демонстрација<br><br>практична работа | Поголема искористеност на асистивната технологија во наставата со ученици со потешкотии во учењето и со посебни образовни потреби. |
| Користење на Смарт табла во наставата | во текот на учебната 2015/16 год. | Гордана Анастасова<br><br>Атанас Пеев | демонстрација<br><br>практична работа | Зголемена примена и мотивација за користење на интерактивната табла при изучување на наставни содржини. |
| Користење на софтверот KEduca | во текот на учебната 2015/16 год. | Соња Кузманова | демонстрација<br><br>практична работа | Користење на софтвер за изготвување на тестови на знаење. |
| Иновативен пристап за користење на апликации за работа со таблети во наставата | во текот на учебната 2015/16 год. | Виолета Стевановска<br><br>Весна Димитровска | демонстрација<br><br>практична работа | Користење на различни апликации при работа со таблети. |

### ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ТИМОТ ЗА 2015/2016 ГОДИНА

Во текот на I полугодие од учебната 2015/2016 год. реализирани се следниве интерни работилници и обуки согласно потребите на наставниците:

| Ред. бр. | Реализирани работилници/обуки | Време на реализација | Опис |
|---|---|---|---|
| 1 | **Интерна работилница од страна на тимот за изготвување модели планови и програми на Стручни активи** | 19.08.2015 год. | Во наставничката канцеларија на училиштето беше изведена интерна работилница од страна на тимот за изготвување модели планови и програми на Стручни активи. На работилницата присуствуваа директорот на училиштето, педагошко - психолошката служба и наставниците. Притоа беа дадени шаблони за изработка на програми за работата на Стручните активи во одделенска и предметна настава усогласени со Развојниот план и Годишната програма за работа на училиштето со цел |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | подобрување на квалитетот на работата на Стручните активи. Исто така, беа дадени насоки за пишување на записници и извештаи. |
| **2** | **Обука за користење на Смарт таблата во наставата** | 17.09.2015 год. | Обуката беше изведена од страна на претставници од ПП Давка од Штип на која присуствуваа наставниците од I-V одд. како и наставниците од продолжениот престој во училиштето. |
| **3** | **Примена на асистивната технологија во наставата** | август 2016 | Оваа обука ќе биде изведена со цел наставниците да се оспособат за непречено користење на асистивната технологија во наставата со ученици со потешкотии во учењето и со посебни образовни потреби. |
| **4** | **Користење на Смарт табла во наставата** | август 2016 | Целите на оваа работилница се: зголемена примена и мотивација за користење на интерактивната табла при изучување на наставни содржини. |
| **5** | **Користење на софтверот KEduca** | Оваа обука ќе се реализира во текот на учебната 2016/2017 година | Целите на оваа работилница се наставниците да се оспособат за изготвување на тестови на знаење преку користење на соодветен софтвер. |
| **6** | **Иновативен пристап за користење на апликации за работа со таблети во наставата** | Оваа обука ќе се реализира во текот на учебната 2016/2017 година доколку училиштет о располага со таблети | Оваа обука не се реализира во текот на учебната 2015/2016 година поради тоа што училиштето не располагаше со потребните таблети и соодветните апликации за работа. |

**Препорака за наредната 2016/2017 година**

- Преземање активности за одржување на web- страната на училиштето.

Координатор на тимот, Наташа Лавчанска

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ТИМОТ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО ОУ„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“-БИТОЛА 2015/16год.

Тимот за претприемништво започна со работа оваа учебна година со воведување на предметот Иновации во наставната програма. Беа планирани и реализирани повеќе активности во училиштето во врска со претприемништвото на кое што заседоа активно учество голем број на наставници и ученици.

| Ред. бр. | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ | ОПИС |
|---|---|---|---|
| 1 | Новогодишен панаѓур | 30.12.2015 година | Во текот на оваа учебна година најпрво се планираа активностите и како прва активност на овој тим беше Новогодишниот панаѓур. На него учествуваа сите наставници и ученици од 1 до 9 одд. Имено тие подготвија претежно храна и подароци во духот на новогодишните празници. Настанот се одржа надвор на училишното игралиште, каде што имаше штандови посебно за секое одделение,како и бина на која се изведуваа скечови и музички точки од страна на учениците. Средствата од продажбата беа собрани од страна на родителите. |
| 2 | Избираме талент | 01.04.2016 година | Овој настан се планираше и се реализира со цел да се изберат ученици-таленти од нашето училиште.Наставниците по Музичко образование направија претходна аудиција. Бидејќи се пријавија голем број на ученици, настанот се одржа во 2 дена, едниот ден учениците од предметна настава, а другиот од одделенска настава. Наставниците по Ликовно образование ја украсија бината со маски. За датум беше одбран 1ви Април, Денот на шегата. Учениците се претставија со најразлични точки: скечови, пеење, танци, драматизација, маски и сл. Во стручното жири имаше познати глумци и пеачи од нашиот град, со чија помош се изрбаа најдобрите точки кои што беа наградени. Беа поканети и родителите, со чија помош се собраа средствата од продадените билети за настанот. |
| 3 | Велигденски панаѓур | 27.04.2016год. | Третиот настан за оваа учебна година беше организиран по повод Велигден. Настанот се одржа надвор на училишното игралиште. Имаше поставена бина и караоке, за што се погрижи родителот во овој тим Петар Котевски. Исто така учествуваа сите ученици од 1 до 8 одд. Тие припремија и продаваа храна,пијалоци и велигденски украси. Средствата беа собрани од страна на родителите. |

*Препораки за наредната учебна година:
-да се изработи прирачник за одржаните активности
-Фестивал на драма во состав на патрониот празник на училиштето

Изработил, Ленче Крстеска

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ТИМОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ И ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЕКТИ

**ЦЕЛИ:**

- Изработка на план за активности за 2015/2016 година
- Изготвување на ориетациона листа со проекти кои се во тек или кои престојат во текот на годината
- Аплицирање на идентификуваните проекти
- Вклучување во проекти со странски амбасади
- Вклучување во проекти со невладин сектор

**ЧЛЕНОВИ НА ТИМОТ:** Весна Димитровска**-** координатор**,** Гордана Анастасова, Снежана Стојанова, , Андријана Димитров, Снежана Захариева, Андријана Шокларовска, Наташа Лахчанска, Цвета Крстевска

### АКТИВНОСТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЦЕЛИТЕ

| СОДРЖИНА | ЦЕЛИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА2015/2016 | ОДГОВОРНИ ЛИЦА | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Проширување на тимот со нови членови** | да се зголеми ефикасноста на работата на тимот | 12.01.2015 | тим за прифаќање и одобрување на проекти директор | Ефикасност во работата на тимот. |
| **Изработка на план за активности за 2015/2016 година** | Да се прецизираат сите активности за работа на тимот за прифаќање и одобрување на проекти | септември | тим за прифаќање и одобрување на проекти директор | Подобрување на функционалноста на тимот |
| **Изготвување на ориентациона листа со проекти кои се во тек или кои престојат во текот на годината** | да се издвојат проектите на кои ќе се аплицира во тековната година | октомври/ноември | тим за прифаќање и одобрување на проекти директор | Идентификувани проекти на кои ќе се аплицира во тековната година. |
| **Разгледување на апликацијата за Erazmus+** | да се направи план и да се одбери темата со која нашето училиште ќе аплицира на оваа програма | јануар/февруари | тим за прифаќање и одобрување на проекти директор | Успешна и оригинално осмислена и пополнета апликација. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Разгледување на можноста за вклучување во Aces-проектот** | Вклучување во Aces и изнаоѓање можни партнерски училишта | февруари/март | тим за прифаќање и одобрување на проекти директор | Вклученост во проектот и наоѓање пртнерски училишта. |
| **Вклучување во проекти со странски амбасади** | зголемување на соработката и учество на заеднички проекти со амбасади | март | тим за прифаќање и одобрување на проекти директор | Заедничко учество меѓу училиштето и странските амбасади на заедничи проекти. |
| **Проект: e-twining** | да се запознаат наставниците со **e-twining** | март/април | тим за прифаќање и одобрување на проекти директор, обучувач од Националната агенција за образование и мобилност | Секој наставник да знае да ја користи платформата. |
| **Вклучување во проекти со невладини организации** | зголемување на соработката и учество на заеднички проекти со невладини организации | април | тим за прифаќање и одобрување на проекти директор | Заедничко учество меѓу училиштето и невладините организации на заеднички проекти. |
| **Одржување на координативни состаноци за ревидирање и пронаоѓање на нови проекти во кои можеме да се вклучиме во наредната година** | да се идентификуваат нови проекти | мај/јуни | Весна Димитровска Гордана Анастасова Снежана Стојанова | Идентификувани нови проекти. |

**НАПОМЕНА**: ВО ТЕКОТ НА УЧЕБНАТА 2015/16 ГОДИНА ПРОГРАМАТА МОЖЕ ДА ПРЕТРПИ ИЗМЕНИ ВО ПЛАНИРАНИТЕ ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ СОГЛАСНО ИДЕНТИФИКУВАНИТЕ ПРОЕКТИ И НИВНИТЕ РОКОВИ

## Годишен извештај за работата на Тимот за прифаќање и одобрување на проекти за учебната 2015/2016 година

Од самото формирање Тимот за прифаќање и одобрување на проекти ја следеше програмата за работа на истиот и реализира голем дел од планираните активности. Како што е наведено во самата програма, таа претрпуваше и соодветни промени во некои програмски активности согласно на идентификуваните проекти и нивните рокови.
Следи табела во која што е дадена временската рамка на реализација и краток опис на самите активности.

| ред. број: | активности: | време: | опис: |
|---|---|---|---|
| 1. | **Проширување на тимот со нови членови** | 12.01.2015 | Поради отворената можност да се земе учество во повеќе проекти од меѓународен карактер и да се зголеми ангажираноста на повеќето наставници за вклучување во истите и давање на разни идеи и предлози и идејни решенија, овој тим го прошири својот состав. |
| 2. | • **Изработка на план за активности за 2015/2016 година**<br>• **Изготвување на ориетациона листа со проекти кои се во тек или кои престојат во текот на годината** | 09.02.2015 | Се идентификуваа тековни проекти и нивните рокови. За таа цел се формираа поттимови кои ќе работат на истите.<br>Се разгледуваа условите за аплицирање на Еразмус + проектите и клучните акции К1 и К3. За овие проети беше формиран поттимот од наставниците: Виолета Поповска, Љупка Петкова, Снежана Захариева и Виолета Стевановска.<br>За e-twining беа ангажирани: Снежана Стојанова, Гордана Анастасова и Љупка Петкова.<br>За проектот Flying kites беа ангажирани:Виолета Поповска, Бојана Димова, Цвета Крстевска, Снежана Стефановска.<br>Претседателот на тимот е вклучен во сите подтимови. |
| 3. | • **Презнтација на Националната агенција и програмите од Еразмус + пред сите вработени** | 13.03.2015 | Координаторите на тимовите за прифаќање и одобрување на проекти и професионален развој одржаа кратка презентација на Националната агенција и значењето на Еразмус програмата како и целите и активностите кои ги опфаќа оваа програма. На присутните им се објасни значењето и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | функцијата на двете програми К1 и К2. |
| 4. | **Аплицирање на проектот од Erazmus+, К1**<br>**Аплицирање на проектот од Erazmus+, К2** | март/2015 | Во врска со клучната акција К1 нашето училиште се приклучи кон партнер-училиште од Турција кое воедно беше и координатор на проектот. Наша задача беше само да ги осмислиме општите активности кои ќе ги преземе нашето училиште.Апликацијата беше навремено испратена.<br>Во врска со клучната акција К2 нашето училиште се приклучи кон училиште од Бугарија кое беше координатор,а наша задача беше да ги испланираме општите активности за вклучување на проектот.Апликацијата беше навремено испратена. |
| 5. | **Разгледување на можноста за вклучување во Aces-проектот** | март/2015 | Иако беше разгледувана можноста за аплицирање на овој проект,**не беше реализиран,** бидејќи рокот беше премногу краток, но можноста за вклучување во истиот е оставена за наредната година. |
| 6. | **Вклучување во проекти со странски амбасади** | мај/јуни/2016 | Аплицирање за добивање на гранд од Јапонска амбасада за замена на дотраената дограма во училиштето.Апликацијата беше успешно и навремено испратена.<br>Аплицирање за добивање на гранд од Германска амбасада наменет за комплетно уредување на ентериерот во дневниот престој.Апликацијата беше навремено пополнета и испратена. |
| 7. | **Работилници за e-twining** | | Наставничката С.Захариева присуствуваше на презентација во ОУ „Коле Канински“ од Битола, организирана од страна на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Со наставниците беа споделени искуствата и информациите добиени во однос на начини и можности за аплицирање на проекти, а посебно за значењето и можностите на е - Twinning проектот во кој нашето училиште е вклучено повеќе од 4 години.<br>Меѓутоа во нашето училиште вакви работилници **не беа реализирани** поради недостиг на време и се оставија да се реализираат во наредната година. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | **Меѓународни обуки**<br>*подетален извештај во извештајот за професионален развој | ноември 2015 | • Меѓународна обука на Алтернативни начини за учење за намалување на бројот на ученици кои го напуштаат училиштето во Малта- Еразмус +. Конференција за улогата на претприемништвото во улога на намалување на бројот на ученици кои го напуштаат училиштето- учесник:Виолета Поповска<br>• Меѓународна обука за подобрување на компетенциите кај сите ученици- Германија. Учесник: Виолета Стевановска |
| 9. | **Вклучување во проекти со невладини организации**<br>* подетален извештај во извештајот за НВО | | |
| | • Работилница: Здрави заби за здрав живот – убава насмевка за секое дете – Проект на Ротари – Клуб, Битола | март 2016 | По повод Светскиот ден на оралното здравје во нашето уќилиште се реализира работилницата за здрави заби. Реализатори на активноста беа доктор Михајло Милевски и членовите на Ротари клуб, Симона Стаменковиќ и Марија Мерковска. Учениците ги проширија знаењата за забите, како да се одржува хигиената и кое средство и прибор  за одржување на хигиена за забите за што служи. |
| | • Потпишан меморандум за соработка со Инкогнито | мај 2016 | Председателот на НВО Инкогнито од Битола и директорката на ОУ„Св.Климент Охридски“-Битола потпишаа меморандум за соработка и истата со одредени активности ќе започне од наредната учебна година. |
| | • Работилница „Учиме за билките“ со МКЦ Битола | мај 2016 | Работилницата ја реализираа Маја Англеовска и Мери Нашоку. Преку картички учениците се запознаа со билките кои ги има во нашето место. |
| | • Работилница „Безбедни на Интернет“ со МКЦ Битола | јуни 2016 | Работилницата ја реализира Марија Мерковска. Преку презентација ги воведе учениците за тоа како да се заштитат на Интернет. Потоа учениците кажуваа примери што ги имаат слушнато.  Преку рефлексија на работилницата заклучија што смеат, а што не смеат да прават на Интернет – научија како да бидат безбедни на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Интернет. |
| | • Креативна работилница организирана од Здружението за европска интеграција-ЕВРОПСКА ГЛЕДНА ТОЧКА | февруар 2016 | Училиштето потпиша меморандум за соработка со здружението и се одржаа повеќе работилници од проектот „Да ја запознаеме Европската Унија“ |
| 10. | **ПМИО-издвоени активности:** | | |
| | • Апликација за добивање на грант за реновирање на училишта во делот Модел на училишта. (добиен грантот 7 – ми од вкупно 13 училишта кои го добиле грантот од аплицирани 200 училишта). | јануари 2016 | Тим од наставници :Снежана Захариева - кординатор, Гордана Анастасовска, Андријана Димитров, Атанас Пеев, Снежана Стојанова, Славица Костевска, Андријана Мигуловска, ја пополнаа апликацијата и го добија грантот кој ќе се искористи за реновирање на дел од WC во училиштето. Вклучени во реновирањето: Проктот ПМИО, Бизнис -Заедница и Општината. |
| 11. | **Активности од ЕКО-издвоени активности:**<br>***детално во извештајот на ЕКОТИМОТ** | | |
| | • Еконастан: Здраво е , од Климентина е! | декември 2015 | Во почетокот на декември реализиравме активности за засадување на екоградината Климентина и проширување на концептот зеленчукова екоградина со засадување на овошни дрвца. |
| | • Изработка и поставување на сончеви колектори;<br>• Промоција на импровизирани сончеви колектори. | март 2016<br>април 2016 | Одговорните наставници заедно со хаусмајсторите,учениците и родители ги изработуваа и ги поставија сончевите колектори на однапред договрените места. Во месец април наставничката по физика, Соња Кузманова, со ученици од IX одд. реализира низа пресметки за потрошувачката на електрична енергија во училиштето. Учествуваа во изработка на импровизирани сончеви колектори од лименки кои имаат за цел сончевата енергија да ја користат за затоплување на училниците. По поставувањето на колекторите беа извршени исти пресметки со што беше воочено дека колекторите ја постигнаа својата цел. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Справување со отпадот во училиштето | декември 2015<br><br>јуни 2016 | Со оглед на тоа што во училиштето се отстранети голем број стари клупи, нивната пренамена значи реупотреба на нештата – една од целите на еколошкото образование. Токму тоа се случи за време на новогодишниот пазар, кога беше изработена бина на која настапуваа учениците, од стари клупи во училиштето.<br><br>Изработка на гарнитура за седење од стари дрвени палети. |
| | • Проект Садница +, од семче до дрвце | април 2016 | Учениците заедно со своите наставници, засадија семчиња од елка за да можат на есен да ја разубават околината со нови садници. Активностите се изведуваа во училниците, а некои од наставничките тоа го направија и во училницата во природа |
| | • ПРОЕКТ ЕКО УЧИЛНИЦА | мај 2016 | Промовирање на проектот за училницата во природа која ќе биде наменета за одржување на часови на отворено, како и за секаква друга намена која е во функција на воспитно-образовниот процес. |

*Активности кои **<u>не се реализирани</u>**:

-Вклучување во ACESS проектот и пополнување на апликацијата за учество во истиот. Причината за неарилизраноста на оваа активност лежи во тоа што многу беше краток периодот од неговото идентификување до периодот за вклучување на истиот, бидејќи во тоа реме се формира и овој тим.
**<u>Препорака:</u>** Да се следат роковите и да се формира подтим кој исклучиво активно ќе работи на овој проект.

-e-twining работилници - Оваа активност не беше реализирана како што беше планирано во нашето училиште, но сепак не беше целсно изоставена како активност. Имено, наставничката С.Захариева присуствуваше на презентација во ОУ „Коле Канински“ од Битола, организирана од страна на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Истите не беа спроведени кај нас поради недостиг на време и преклопување со работењето на поприоритетни проекти.
**<u>Препорака</u>**: Поради нивното значење за наставниците, работилниците да се одржат во наредната година.

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
за делот од годишната програма: Грижа за здравјето
2015/16 година

## ПРОГРАМА ЗА ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

| СОДРЖИНА НА АКТИВНОСТИ | ОДД | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕАЛИЗАТОРИ |
|---|---|---|---|
| **Осигурување на учениците** | I-IX | септември | училиште |
| **Подобрување на квалитетот на здравствената едукација** | I- IX | септември | наставници, медицински лица |
| **Предавање од областа на сообраќајната култура: Почитувај ги правилата, почитувај го животот!** | I- IX | септември | наставници |
| **Преземање мерки и едукација за намалување на фактори на ризик од заразни болести и болести на завист** | I- IX | тековно | сите субјекти вклучени во воспитно - образовниот процес |
| **Подигнување на свеста за правата во здравственото осигурување** | I- IX | тековно | наставници |
| **Систематски прегледи на учениците** | I,III,V VII | ноември, март | Здравствен дом |
| **Редовен стоматолошки преглед за учениците и предавање за забите** | I – IX | септември , март | Стоматолошка ординација |
| **Редовно генерациско вакцинирање на учениците** | I- IX | септември, мај | Здравствен дом |
| **Превенција од злоупотреба на психотропни супстанции** | I- IX | април | психолог |
| **Предавање: Влијание на храната врз физичкиот и психосоматскиот развој на децата** | I- IX | септември, мај | Центар за јавно здравје, наставници |
| **Работилница : Органсха храна – мед и пчелни производи** | I- IX | мај | Здружение на пчелари |
| **Работилница: Водење грижа за личната хигиена** | I- IX | мај | одделенски раководители |
| **Активности за собирање, пресување и дистрибуирање на пластичен отпад** | I- IX | континуирано | одделенски раководители, тим задолжен за собирање и рециклирање на отпад |
| **Градење позитивен однос кон растенијата и животните** | I- IX | континуирано | одделенски раководители, тим задолжен за Екоградината |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Работилница: Вода – нееднакво распределено светско наследство** | I- IX | ноември | стручно лице |
| **Психички промени во пубертетот** | VII | март | психолог |
| **Одржување на хигиената во домот и училиштето** | I- IX | октомври | одд. наставници Животни вештини |
| **Превентивни мерки од инфективни заболувања** | I – IX | мај | НВО |

Нашето училиште континуирано работи на унапредување на здравјето на учениците и формирање на психички, социјално и физички здрава личност, способна да се грижи за своето здравје и здравјето на другите во околината (според дефиниција на Светска здравствена организација). Целта е унапредување на емоционалното и физичкото здравје на учениците, стимулирање на креативниот и интелектуалниот напредок на индивидуата како и превенција од зависности.

Грижата за здравјето на учениците ја опфати реализацијата на програмата за вакцинација на учениците, систематски прегледи и прегледи на забите, предавања, работилници за унапредување на здравјето, грижа за личната хигиена и одржување на хигиената во училиштето, едукација за здрава исхрана, превенција од зависности, борба против ХИВ/СИДА итн. Реализирани активности со кои е опфатена целокупната грижа за здравјето на учениците која ја реализираа сите вработени во училиштето, наставници, стручна служба, одделенски раководители, ученици, родители во соработка со Здравствениот дом – Битола и пошироката заедница. Во нашето училиште се вршат едукативни предавања кои ги организира училиштето, спроведени од наставниците, сè со цел да се подобри здравјето на учениците.

**Во училиштето беа спроведени следните активности:**

| СОДРЖИНА НА АКТИВНОСТИ | ОДД | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕАЛИЗАТОРИ |
|---|---|---|---|
| **Осигурување на учениците** | I-IX | септември | училиште |
| **Подобрување на квалитетот на здравствената едукација** | I- IX | септември | наставници, медицински лица |
| **Предавање од областа на сообраќајната култура: Почитувај ги правилата, почитувај го животот!** | I- IX | септември | наставници |
| **Преземање на мерки и едукација за намалување на фактори на ризик од заразни болести и болести на завист**<br><br>**-Хигиената – услов за здрав живот!**<br>**-Срце за живот!**<br>**-ГРИП** | I- IX | 28ми септември, 2015<br><br>5ти октомври, 2015<br><br>3ти февруари, 2016<br><br>16ти мај, 2016 | Сите субјекти вклучени во воспитно образовниот процес. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **-Вошливост** | | | |
| **Подигнување на свеста за правата во здравственото осигурување – работилници од Образование за животни вештини** | I- IX | декември | одделенски раководители |
| **Систематски прегледи на учениците** | I,III,V VII | ноември, март | Здравствен дом |
| **Редовен стоматолошки преглед за учениците и предавање за забите** | I – IX | септември , март | Стоматолошка ординација |
| **Редовно генерациско вакцинирање на учениците** | I- IX | септември, мај | Здравствен дом |
| **Превенција од злоупотреба на психотропни супстанции** | I- IX | април | одделенски раководители |
| **Предавање: Влијание на храната врз физичкиот и психосоматскиот развој на децата-засадување овошки во екоградината Климентина** | I- IX | 2ри декември 2015 | наставници, ученици, технички персонал |
| **Работилница : Органска храна – мед и пчелни производи – ликовен конкурс** | I- IX | октомври | Здружение на пчелари НЕКТАР (оваа година наместо планираната работилница се одржа ликовен конкурс на истата тема). |
| **Работилница: Водење грижа за личната хигиена– работилница од Образование за животни вештини** | I- IX | април | дделенски раководители |
| **Активности за собирање, пресување и дистрибуирање на алуминиумски лименки и тетрапак** | I- IX | декември - февруари | Одделенски раководители, тим задолжен за собирање и рециклирање на отпад |
| **Градење позитивен однос кон растенијата и животните– работилници од Образование за животни вештини и активности во Екградината Климентина** | I- IX | континуирано | одделенски раководители, тим задолжен за Екоградината |
| **Работилница: Вода –** | I- IX | март | стручно лице, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **нееднакво распределено светско наследство – посета на пречистителна станица Дихово** | | | наставници, ученици |
| **Психички промени во пубертетот** | VI - IX | април | психолог |
| **Одржување на хигиената во домот и училиштето** | I- IX | октомври | одд. наставници , Животни вештини |
| **Превентивни мерки од инфективни заболувања - СИДА** | I - IX | декември | Центар за јавно здравје |

За учениците од I, II, VI и IX одд. Здравствениот дом изврши систематски прегледи, а исто така беа извршени и вакцинации и ревакцинации на учениците. Стоматолошката амбуланта исто така изврши систематски прегледи на учениците и превземаше мерки за заштита на ученичкото здравје.

За одржување на хигиената во училиштето континуирано се грижеа техничкиот персонал и сите други субјекти, учениците, одржувајќи ги просториите во кои престојуваа. На часовите на одделенскиот раководител,од програмата Образование за Животни вештини, исто така беа реализирани содржини за здравјето на учениците, на физички, емоционален и социјален план.

Препорака, односно измена во планирањето за делот  ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО за следната година, се однесува на реализаторите за следните активнсти:

1. Превенција од злоупотреба на психотропни супстанции
2. Психички промени во пубертетот

Наместо психологот во училиштето, реализатори за следната година да бидат одделенските раководители кои во состав  на предметот Животни вештини, ќе треба да ги одржат соодветните работилници.

Изработиле:
С.Захариева, Н. Лавчанска, А. Димитров

ПРОГРАМА И ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
НА ТИМОТ ЗА ЗДРАВА ХРАНА
ПРИ ОУ„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“-БИТОЛА
2015/2016

| Содржина | Цели | Реализатор | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| 1.Формирање на ученички тим;<br>2.Разгледување на програмата за работа;<br>3. Собирање на плодови од екоградината и организација на изложба. | - успешно функционирање на училишната екоградина<br>- воочување на прносот на екоградината како резултат на минатогодишни от вложен труд | -одговорен наставник<br>- одговорни наставници, ученици | IX.2015 | -организирање и мотивирање на учениците за производство на здрава храна<br>- поттикнување на сатисфакција од добиените резултати од минатогодишнит е активности |
| 1. Натпревар во приготвување и декорација на здрава храна;<br>2. Организација на засадување на семе од зелка. | - мотивација на учениците за приготвување и конзумирање на здрава храна<br>- засадување на семе од зелка | - одговорни наставници, ученици | X.2015 | - оспособување на учениците за приготвување и декорација на здрава храна |
| 1.Оградување на екоградината;<br>2. Изработка на насловен плакат. | - заштита на екоградината од несовесните минувачи и подобрување на естетскиот изглед | - хаусмајстори<br>- одговорни наставници<br>- ученички тим | XI.2015 | - обезбедување на заштита на екоградината, како и подобрување на естетскиот изглед |
| 1. Одржување на предавања за здрава исхрана во текот на зимските месеци. | - информирање за корисноста и штетноста на намирниците кои ги користиме во исхраната | - стручни лица<br>- наставници<br>- ученички тим | XII.2015 | - практикување на користиње на намирници кои даваат позитивни ефекти на нашето здравје |
| 1.Изработка на плакати, флаери, брошури за здрава исхрана. | - пошироко информирање на сите ученици, вработени, како и локални жители за | - одговорни наставници<br>- ученички тим | I.2016 | -изработка на квалитетни информативни материјали за сите субјекти во училиштето и за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | здрава храна | | | околните жители |
| 1. Идеи за проширување на концептот екоградина. | -поттикнување на учениците за реализација на друг вид градини: цветна, градина со овошни насади и сл. | - одговорни наставници<br>- ученички тим | II.2016 | -презентирање на конкретни планови за реализација на друг вид градина |
| 1. Изработка на декорации/ подароци за 8ми Март | - изработка на подароци за празникот на жената на тема: Здрава храна | - одговорни наставници<br>- ученички тим | III.2016 | - развивање на ученичката креативност, истакнување на свесноста за значењето на здравата храна и потребата од нејзино фаворизирање |
| 1.редавање од страна на професори и ученици од Земјоделско училиште-СОУ:„Кузман Шапкарев“- Битола<br>2. Засадување на зеленчукови растенија од расад и семенски материјал од страна на учениците | -информирање за начинот на обезбедување на расад и негово засадување<br>- засадување на расад под менторство на ученици од стручно училиште | - одговорни наставници<br>- ученици | IV.2016 | -стекнување на знаења за обезбедување и засадување на расад |
| 1.Организирање на екопатроли за грижа на засадениот расад | -вклучување на учениците во одгледување на расад | - одговорни наставници<br>- ученички тим | V.2016 | - развивање на одговорност на учениците кон засадените растенија |
| 1. Промоција на часови одржани во екоградината | - истакнување на придобивките од настава во природа | - наставници | VI.2016 | -мотивација за повеќе користење на училишната екоградина |

| Ред. бр. | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ | ОПИС |
|---|---|---|---|
| 1 | Формирање на ученички тим<br>2.Разгледување на програмата за работа<br>3. собирање на плодови од еко-градината и организација на изложба | 15.09.201<br>5 год. | Преку поттикнување на сатисфакцијата од добиените плодови од минатата учебна година, ги организиравме и мотивиравме учениците за производство на здрава храна.<br>https://www.dropbox.com/home/ekogradina%20klimentina |
| 2 | Презентирање на производите од еко-градината Климентина | 27.09.201<br>5 година | На почетокот на оваа учебна година, во месец септември, реализиравме промоција на производите/ плодовите добиени од оваа еко-градина. За таа цел направен беше плакат на кој ретроспективно беше прикажан цел пат на производство на здравата храна во нашето училиште, како и самите производи. Овој плакат беше изложен во училишниот хол така што беше постојано достапен за разгледување и едуцирање на сите ученици. |
| 3 | Еко настан: Здраво е , од Климентина е! | 29.10.201<br>5 година | Во текот на минатата 2014/2015год. во нашето училиште ја создадовме еко-градината „Климентина“, одлична можност учениците да го осознаат процесот на производство на здрава храна. Како продолжение на нашата градинарска приказна, во нашето училиште се одржа настан под наслов: „Здраво е, од Климентина е!“. Целта на овој настан беше да им покажеме на учениците дека тие самите можат и умеат да си подготват здрав, вкусен и креативен оброк, а преку драматизации, музички точки и рецитали им прецизиравме колку е битно здраво да се храниме. Исто така поставено беше и зеленото знаме, кое нашето училиште го освои како резултат на сите еко- активности кои се одвиваа во изминатата учебна година. На овој настан учество зедоа:<br>1.Водители од VIII и IX одд. кои на шеговит, но истовремено и едукативен начин н**е** водеа низ целиот настан, под раководство на наставничката Андриана Димитров.<br>2.Ученици во дваесетина тимови- работни групи подготвуваа предјадење-салата, оброк- сендвич и десерт- овошна салата или декориран сок. Во нивна организација помогнаа наставниците Андриана Димитров, Виолета Поповска, Јасмина Л. Стојановска<br>2.Драматизацијата„Сашко и зеленчукот“ ја одиграа ученици од VII одд., под раководство на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | наставничката Соња Петровска,<br>3.Музички настап на песната „Јаболче и крувче"ја имаа ученици од VI одд.<br>4. Рецитаторска точка ни претставија ученици од VI одд.<br>5.За важноста на витамините во млекото, преку драматизација ни зборуваа ученици од III и IV одд., под раководство на наставничките Гордана Анастасова и Снежана Стојанова<br>Тимовите кои најдобро се претставија во своите готварски спосбности добија пофалници. Тоа беа претставници од: IX3, IX2, VIII1, VII5, VII1, VI1 и VI5.<br>https://www.facebook.com/photo.php?fbid=1119628261395022&set=a.1119628111395037.1073741860.100000435757312&type=3&theater<br>https://www.facebook.com/photo.php?fbid=1507355016230062&set=a.1507354996230064.1073741855.100008667332701&type=3&theater |
| 4 | Есенско засадување во еко-градината Климентина | 29.11.2015 | Одговорните наставници, заедно со тимот од ученици на училишната еко-градина Климентина, извршија есенско засадување на одредени видови зеленчукови култури во еко-градината.<br>https://www.facebook.com/photo.php?fbid=10205106585487495&set=pcb.10205106621008383&type=3&theater |
| 4 | Прибирање идеи за проширување на концептот еко-градина | 01.12.15 | Разговаравме со тимот на ученици на тема како тие ја замислуваат еко-градината Климентина. Дали може да се прошири концептот на зеленчукова еко-градина, да се подобри изгледот и функционирање- придобивките. |
| •Анализа на постигнатите резултатите од оцените на екстерното оценување за | Резултатите од екстерното тестирање, објективно докажуваат колку тоа што учителот/наставникот го предавал, навистина го научиле учениците. | (јуни-септември-2015 г.)**Учениците од четврто до деветто оделение полагаа компјутерски,** | (јануари-јуни2016 г.)**Наставниците и учениците се подготвуваат за екстерно тестирање. На** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| учебната 2014 /2015 година од 4 - 9 одделение : по наставен предмет и по наставник .<br>•  | Крајната цел е учениците да научат, а објективноста на наставникот при оценување на постигањата на успехот на учениците по наставните предмети да се процени преку отстапувањето или совпаѓањето на годишната оцена со оцената од екстерното оценување. | **пред комисија составена од претставници од Државниот просветен инспекторат и Министерството за образование. Резултатите од тестовите ќе ја покажат ефективноста на оценувањето на наставниците. Во нашето училиште секој од наставниците според понудената листа за постигнатите резултати, го пресметаа своето отстапување кое се движеше во границите на нормалата не надминувајќи цела една оценка, а промената на оценките кај некои ученици не донесе промена на нивниот успех.** | **учениците им се објаснува постапката и начинот на распределба на наставните предмети, а на наставниците кои за прв пат се сретнуваат со начинот на тестирање, им се <u>потенцира</u> пишувањето на објективната оценка според систематско следење, испитување и вреднување на ученичките постигнувања и успехот во остварување на задачите на наставниот предмет или воспитно-образовното подрачје.** |
| •Формирање на База на инструменти за оценување и самооценување на ниво на стручни активи | Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди за оценување на постигањата на учениците кои се темелат на стандардите за оценување и Блумовата таксономија. Основна цел е да се изведе праведна, транспарентна, валидна и релијабилна оценка, преку | <u>(август-септември 2015 г.)</u>**Стручните активи (поголемиот дел од нив) планираат заеднички методи што ќе ги користат во оценувањето, усогласување на критериумите, за формирање на** | <u>(август-јуни2015-2016 г.)</u>**Активите формираа база на податоци во кои има инструменти за оценување и самооценување на учениците. Се разменуваат наставни помагала,** |

| | | | |
|---|---|---|---|
|  | изработка на заеднички наставни помагала - стандардизирани тестови со сите членови на активот на соодветен наставен предмет. | **оценки, акциски истражувања за подобрување на оценувањето (користење на различни постапки и методи во наставата), взаемни посети на часови, размена на наставни помагала, инструменти и содржини, посочување на интересни Интернет страниции др. Активите формираат база на податоци во кои има инструменти за оценување и самооценување на учениците.** | **електронски се дополнуваат тематските и дневните планирања. Оваа база на податоци не е во целост спроведена во сите активи на ниво на училиште.** |
| •Одржување на обуки за оценување и евалвација на различни целни групи (наставници почетници, наставници од одделенска настава и наставници од предметна настава)<br>• | Наставниците треба на високо ниво да ги идентификуваат клучните карактеристики на формативното и сумативното оценување и да создаваат клима за ваков начин на оценување. Основна цел е наставникот да стекне вештини потребни за соодветно планирање и организирање на сопствената работа. | (август-јуни 2015-2016 г.)**Критериумите за формирање на оценка за постигањата треба да бидат јасно дефинирани и да се базираат на целите на наставните програми. Наставниците-ментори и наставниците од Тимот за следење и вреднување (кои имаат завршената обука од ПЕП** | (18 и 20 јануари 2016 г.)**На 18 и 20 - 01-2016 година, во училиштето, од страна на Тимот за оценување, беше одржана обука „Подобрување на оценувањето на учениците" ,со цел да ги воведе наставниците – почетници во различните видови оценувања, како и нивна имплементација во редовната** |

| | | | |
|---|---|---|---|
|  | | проектот, односно компонентата „Унапредување на оценувањето“ и инплементацијата на истиот во училиштето) со совети, сугестии, пишани наставни планови и програми, како и наставни и работни листови (кои имаат скала на оценување по Блумовата таксономија) ги обучуваат наставниците-почетници. Корисните совети и сугестии наставниците си ги разменуваат меѓу себе или преку електронска пошта. Се надеваме дека сите наставници на кои им била потребна помош за компонентата оценување, добиле соодветна и професионална насока. Надградбата на наставниците продолжува со почитување и заемна соработка. | настава.Акцент се даде на оценувањето, кое што треба да стане компонента на наставниот процес: Наставниците треба да ја идентификуваат потребата од транспарентност во оценувањето - учениците да се запознаат со наставните цели и очекуваните исходи; оценувањето да биде дел од поучувањето, во согласност со целите. Наставниците треба да согледаат дека оценувањето треба да се планира во рамките на наставниот предмет и тоа на ниво на училиште, стручен актив и на ниво на наставник. Преку идентификација на сосотојбите на постојниот систем на оценување во Република Македонија, наставниците да го планираат оценувањето во тематските и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **дневните планирања.** |
| •Изготвување на Полугодишен и Годишен извештај за реализираните активности предвидени со Програмата | Да се направи самоевaулација на реализираните активности<br>Инструменти: анкетни листови | (август-јануари 2015-2016 г.)**Тимот за следење и вреднување изготви Полугодишен извештај за реализираните активности предвидени со Програмата во учебната 2015/16 година.** | (август-јуни 2015-2016 г.)**Тимот за следење и вреднување изготви Годишен извештај за реализираните активности предвидени со Програмата во учебната 2015/16 година.** |
| •Учество на обуки, конференции и други образовни едукативни работилници и собири.<br>•<br><br> | Наставникот да стекне вештини потребни за соодветно планирање и организирање на сопствената работа. | (Јуни-Август-2015 г. )**Семинари и обуки на наставниците од одделенска настава и природната група на наставни предмети-воведување на Кембриџ програмата; реализација, адаптација на учениците, следење и нивно вреднување.** | (1 , 2 и 3 април 2016 г.)**Дел од тимот за оценување и 14 наставника од ОУ„Св. Климент Охридски“-Битола, имаа можност да следат предавања на експертите од земјата и странство, кои се истакнати и афирмирани во педагошките и информатичките сфери на Втората едуконференција на наставници и информатичари, 2016, во организација на здружението Пријатели на образованието, која се одржа од 1 до 3 април 2016 година.Членовите од Тимот за** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **оценување, учествуваа на конференцијата со постер-презентации со наслов: „Учиме, играме и програмираме“ и „Оценување-повратна информација по писмена работа“.** |

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА УРЕДЕН И ЕКОЛОШКИ ДВОР
ПРИ ОУ„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“-БИТОЛА
2015/2016

| Ред. бр. | АКТИВНОСТ | **ВРЕМЕ** | **ОПИС** |
|---|---|---|---|
| 1 | Презентирање на производите од еко-градината Климентина | 27.9.2015 година | Во месец септември се реализира промоција на производите/плодовите добиени од еко-градината. За таа цел, беше направен плакат на кој ретроспективно беше прикажан цел пат на производство на здравата храна во нашето училиште, како и конкретните производи. Овој плакат беше изложен во училишниот хол така што беше постојано достапен за разгледување и едуцирање на сите ученици. |
| | Еко-настан: Здраво е , од Климентина е! | 29.10.2015 година | Во текот на минатата 2014/2015год., во нашето училиште ја создадовме еко-градината„Климентина“-одличната можност учениците да го осознаат процесот на производство на здрава храна. Како продолжение на нашата градинарска приказна Климентина, во нашето училиште се одржа настан под наслов: „Здраво е, од Климентина е!“. Целта на овој настан беше да им покажеме на учениците дека тие самите можат и умеат да си подготват здрав, вкусен и креативен оброк, а преку драматизации, музички точки и рецитали им прецизиравме колку е битно здраво да се храниме. Исто така поставено беше и зеленото знаме, кое нашето училиште го освои како резултат на сите еко-активности кои се одвиваа во изминатата учебна година. **Во настанот учествуваа:**<br>1.Водители од VIII и IX одд. кои на шеговит, но истовремено и едукативен начин не водеа низ целиот настан, под раководство на наставничката Андриана Димитров.<br>2.Ученици кои во дваесетина тимови- работни групи подготвуваа предјадење-салата, оброк-сендвич и десерт- овошна салата или декориран сок. Во нивна организација помогнаа наставниците Андриана Димитров, Виолета Поповска, Јасмина Лајмановска-Стојановска.<br>3.Драматизацијата: „Сашко  и зеленчукот “- ја |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | | | одиграа ученици од VII одд., под раководство на наставничката Соња Петровска.<br>4.Музички настап на песната: „Јаболче и крувче“ имаа ученици од VI одд.<br>5.Рецитаторска точка ни претставија ученици од VI одд.<br>6.За важноста на витамините во млекото, преку драматизација, ни зборуваа ученици од III и IV одд., под раководство на наставничките Гордана Анастасова и Снежана Стојанова.<br>7.Тимовите кои најдобро се претставија во своите готварски спосбности, добија пофалници. Тоа беа претставници од одделенијата: IX-3, IX-2, VIII-1, VII-5, VII-1, VI-1 и VI-5. |
| 3 | Назначување одговорни лица согласно бројот на паралелки и смени во училиштето за спроведување на точките на акција. | 16.9.2015 година | Претставници од сите паралелки на IX одд. ја сочинуваат еко-патролата која е задолжена за реализација и контрола на активностите кои се преземаат за одржување на училишниот двор. |
| 4 | Одржување на зеленилото (редовно кастрење на зеленилото и косење на тревата). | 9.2015-15.2016 година | Еко-патролите имаа задача да помогнат во работата на хаусмајсторите во врска со одржување на зеленилото и да го следат континуитетот на реализација на ваквите активности. |
| 5 | Отстранување на непотребни и нефункционални предмети и растенија од дворот (исушени цвеќиња и дрвја, скршени клупи, скршени корпи и слично). | 10.2015-5.2015 година | Во месеците октомври и ноември ,беа реализирани акции за чистење на училишниот двор од отпадоци, со цел да дојдеме до почист и поестетски изглед на училишниот двор. |
| 6 | Засадување дрвца во еко-градината Климентина | 2.12.2015 година | Во почетокот на месец декември, реализиравме активности за засадување на борчиња во училишниот двор, како и проширување на концептот зеленчукова еко-градина Климентина со засадување на овошни дрвца. |
| 7 | Учество во кампања „Македонија без отпад“ | 5.12.2015 година | Во месец декември, наставничката по македонски јазик, Соња Петровска, со ученици, учествуваше во кампањата „Македонија без електричен и електронски отпад“. Како дел од кампањата, на распишаниот литературен |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | конкурс, прва награда за лична поетска творба освои ученичката Јана Белевска од VII-5 одд. За истата награда доби и подарок (таблет). |
| 8 | Учество во награден конкурс „Trash for art“ | 7.12.2015 година | Во тек на декември месец, наставничката Андриана Димитров, во соработка со наставничката Ленче Крстеска, зедоа учество на наградниот конкурс „Trash for art“ на кој го освоија второто место и парична награда од 20 000 ден. |
| 9 | Одбележување на Денот на екологијата со манифестација на тема: „Еко-град“ | 21.3.2016 година | Оваа манифестација програмски беше дооформена од наставничката Соња Петровска, со учениците од литературната секција, во улога на водители. На овој настан учество зедоа:<br>❖Ученици од VII одд. со визуелна драматизација:„Најубавиот цвет“ под раководство на наставничката Соња Петровска.<br>❖Музичка точка на ученици од VI одд. под раководство на наставникот Пеце Колев.<br>❖Драматизација под наслов „Ах, бре дедо“на ученици од VI одд., под раководство на наставничката Андриана Димитров.<br>❖Драматизација „Чистотата е половина здравје“ на ученици од V одд., под раководство на наставничката Марија Цветковска.<br>❖Драматизација на учениците од IV одд.: „Хартеса, Хостеса и Плантеса“ на наставничката Даниела Петковска.<br>❖Музичка точка на ученици од VII одд., под раководство на наставникот Игор Огненовски.<br>❖Балетски точки на мала и голема група, под раководство на наставничката Сања Кузмановска.<br>❖На овој настан беа изложени макети на тема: „Еко-град“ кои учениците од V-IX одд. ги работеа во тимови, под менторство на нивните наставници |
| 10 | Учество во конкурс со еколошка тематика | 10.4.2016 година | На литературен конкурс за недовршен расказ со еколошка тема, во организација на Сојуз за грижа и воспитување на деца на Р Македонија, учество зеде ученичката Евгенија Сотировска од VII-1 одд., под ментрство на наставничката |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Соња Петровска. |
| 11 | Одбележување на Денот на сесловенските проветители и промоција на учлницата во природа | 23.5.2016 година | На овој настан, во улога на водители и творци на поздравното обраќање, учество зедоа ученици од VII одд., под раководство на наставничката Соња Петровска. Реализирани активности:<br>•Драматизација во реализација на дневниот престој.<br>•Музичка точка со ученици од VII одд., под раководство на наставникот Игор Огненовски.<br>•Балетски точки со ученици од одделенска и предметна настава, под раководство на наставничката Сања Кузмановска.<br>•Доделување на благодарници на ученици од I до IX одд. за активно учество во работата на училиштето. |
| 12 | Учество на државен натпревар „Еко-пакет Македонија“ | 31.5.2016 година | Трите училишни тима кои го добија првото, второто и третото место на училишниот натпревар, зедоа учество на државниот натпревар во организација на ПАКОМАК<br>•Тим 1: ученици од IX одд., под раководство на наставничката Андриана Димитров.<br>•Тим 2: ученици од VIII одд., под раководство на наставниците Катерина Трајковска и Стевче Тодоровски.<br>•Тим 3: ученици од VII одд., под раковдство на наставниците: Бојана Димовска-Гоновска и Ленче Крстеска. |

Изработи:
Андриана Димитров

## ТИМ ЗА ПРОВЕРКАТА НА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ ДНЕВНИЦИ на ОУ „Св. Климент Охридски“ - Битола за 2015/2016год.

Одговорни наставници кои вршеа внатрешна контрола на внесени податоци на електронскиот дневник за 2015/2016 год., односно прегледувачи се: **Снежана Стојанова за II, III и V одд, I, III одд. (комбинирана паралелка во с. Лавци), Гордана Анастасова за I и IV одд., Александар Јаневски за VI одд., Стефанија Трајковска за VII одд., Катерина Трајковска за VIII оод, Ленче Крстеска за IX одд**, а контролор е **Костевска Славица.**

Јас, како контролор, истакнувам дека сите наставници кои вршеа проверки во електронскиот дневник, совесно, точно и навремено си ги извршуваа своите обврски. Наставниците се трудеа навреме да ги внесат податоците во е-дневникот. Доколку на некои наставници им се случеше да не внесат информации во предвидениот рок, истите ги внесуваа во текот на седмицата.

Се изработуваше извештај за секоја седмица, од октомври до јуни. Извештаите беа за внесувањето на податоците во е-дневникот, за изминатата седмица. Само за шесто одделение се изработуваа извештаи за претпоследната седмица.

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД ПРОВЕРКАТА НА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ ДНЕВНИЦИ на ОУ „Св. Климент Охридски“ - Битола за 2015/2016 год.

| РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ | **Годишен извештај од** 29.06. 2016 год. | РЕАЛИЗАТОР | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| **Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на II, III и V одд. за 2015/2016 год.** | Може да се каже дека наставниците беа поредовни во пополнувањето на електронските дневници. Пропуштени часови, односно незаведени часови во текот на изминатата седмица, беа од одредени наставници кои не можеле од различни причини да ги заведат. Истите ги заведуваа во следната седмица. Наставник кој често и редовно секоја седмица заборавaше да ги заведе часовите-нема. | *Прегледувач:* Снежана Стојанова *Контролор:* Славица Костевска | Од септември 2015 год. до јуни 2016 год. |
| **Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на I и IV одд. за 2015/2016 год.** | Часовите редовно се запишуваа секоја седмица. Пропуштени часови, односно незаведени часови во текот на изминатата седмица, беа од одредени наставници кои не можеле од различни причини да ги заведат. Истите ги заведуваа во следната седмица. Наставниците редовно си ги заведуваа часовите и другите информации. | *Прегледувач:* Гордана Анастасова *Контролор*: Славица Костевска | Од септември 2015 год. до јуни 2016 год. |
| **Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци** | Од извршениот преглед во електронските дневници во одделенскиот совет на VI-то, се констатира дека само некои наставници немаа заведено часови или дежурни ученици. Истите ги заведуваа во следната седмица. | *Прегледувач:* Александар Јаневски *Контролор*: Славица | Од септември 2015 год. до јуни 2016 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **во Е-дневникот за советот на VI-то одд. за 2015/2016 год.** | Наставниците чии часови не се заведуваа, се опоменати и им беше укажано да бидат поредовни во исполнувањето на обврските. Наставниците редовно си ги заведуваа часовите и другите информации. | Костевска | год. |
| **Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на VII одд. за 2015/2016 год.** | Од извршениот преглед во електронските дневници за второто полугодие, во одделенскиот совет на VII одд. се констатира дека само некои наставниците во текот на една или две седмици, не заведуваа часови. Водењето на електронската евиденција во е-дневникот беше на завидно ниво за овој совет. Наставниците редовно си ги заведуваа часовите и другите информации. | *Прегледувач:* Стефанија Трајковска *Контролор*: Славица Костевска | Од септември 2015 год. до јуни 2016 год. |
| **Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на VIII одд. за 2015/2016 год.** | Од извршениот преглед во електронските дневници во одделенскиот совет на VIII одд., се констатира дека само некои наставниците не заведуваа часови во предвидениот термин. Истите ги заведуваа во тековната седмица. Скоро сите наставници редовно си ги заведуваа часовите и другите информации. | *Прегледувач:* Катерина Трајковска *Контролор*: Славица Костевска | Од септември 2015 год. до јуни 2016 год. |
| **Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на IX одд. за 2015/2016 год.** | Од извршениот преглед во електронските дневници во одделенскиот совет на IX одд., се констатира дека некои наставници инцидентно имаа направено пропусти, но од оправдани причини. Морам да истакнам дека некои наставници редовно не ги запишуваа часовите во електронскиот дневник - скоро секоја седмица. Наставниците чии часови не се заведуваа се опоменати и им е укажано да бидат поредовни во исполнувањето на обврските. | *Прегледувач:* Ленче Крстеска *Контролор*: Славица Костевска | Од септември 2015 год. до јуни 2016 год. |

Од прегледот кој е извршен на 29.06. 2016 год. кај сите е-дневници, констатирано е дека има повеќе наставници кои не ги запишале часовите од последната седмица и се надевам дека тоа го имаат направено. Кај некои предмети недостасува напишана втора полугодишна или годишна оценка по заклучувањето на е-дневникот. Се мисли дека е тоа направено како резултат на отежнатото внесување на оценките во кусиот период кој беше на располагање за внес на оценки во е-дневникот.

Податоците кои се проверувани се однесуваат на запишани часови, дежурни ученици, заведени оценки, поведение кај учениците. Другите податоци е потребно одделенските наставници самостојно да си ги проверат. Сите наставници да си ги проверат своите податоци во е-дневникот, односно да си го споредат материјалниот (книжен) дневник со е-дневникот и пропустите да се надополнат.

**Со подетален извештај за е-дневникот, за сите паралелки, располага ППС на училиштето.**

Контролор: Славица Костеска

**ПРОГРАМА ЗА ПРОВЕРКАТА НА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ ДНЕВНИЦИ**
**на ОУ „Св. Климент Охридски“ - Битола за 2015/2016 год.**

| АКТИВНОСТИ | РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ Извештаи | РЕАЛИЗАТОР | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на II, III и V одд. за 2016/2017 год. | Изработка на извештаи:<br>- седмично од месец октомври до јуни<br>- извештаи на тримесечие (прво, трето)<br>- полугодишен извештај (јануари)<br>- годишен извештај (јуни) | *Прегледувач:* Гордана Анастасова<br>*Контролор:* Славица Костевска | Од септември 2016 год. до јуни (август) 2017 год. |
| Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на I и IV одд. за 2016/2017 год. | Изработка на извештаи:<br>- седмично од месец октомври до јуни<br>- извештаи на тримесечие (прво, трето)<br>- полугодишен извештај (јануари)<br>- годишен извештај (јуни) | *Прегледувач:* Снежана Стојанова<br>*Контролор:* Славица Костевска | Од септември 2016 год. до јуни (август) 2017 год. |
| Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на VI-то одд. за 2016/2017 год. | Изработка на извештаи:<br>- седмично од месец октомври до јуни<br>- извештаи на тримесечие (прво, трето)<br>- полугодишен извештај (јануари)<br>- годишен извештај (јуни) | *Прегледувач:* Ленче Крстеска<br>*Контролор:* Славица Костевска | Од септември 2016 год. до јуни (август) 2017 год. |
| Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на VII одд. за 2016/2017 год. | Изработка на извештаи:<br>- седмично од месец октомври до јуни<br>- извештаи на тримесечие (прво, трето)<br>- полугодишен извештај (јануари)<br>- годишен извештај (јуни) | *Прегледувач:* Александар Јаневски<br>*Контролор*: Славица Костевска | Од септември 2016 год. до јуни (август) 2017 год. |
| Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на VIII одд. за 2016/2017 год. | Изработка на извештаи:<br>- седмично од месец октомври до јуни<br>- извештаи на тримесечие (прво, трето)<br>- полугодишен извештај (јануари)<br>- годишен извештај (јуни) | *Прегледувач:* Стефанија Трајковска<br>*Контролор:* Славица Костевска | Од септември 2016 год. до јуни (август) 2017 год. |
| Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на IX одд. за 2016/2017 год. | Изработка на извештаи:<br>- седмично од месец октомври до јуни<br>- извештаи на тримесечие (прво, трето)<br>- полугодишен извештај (јануари)<br>- годишен извештај (јуни) | *Прегледувач:* Катерина Трајковска<br>*Контролор:* Славица Костевска | Од септември 2016 год. до јуни (август) 2017 год. |

## Препораки за Учебната 2016/2017 година

Со активностите на Тимот за проверка на електронските дневници, се продолжува и во следната година, со ист интензитет-изработка на извештаи за редовното пополнување на електронскиот дневник-седмично внесување на часови за реализација, часови за додатна настава, дополнителна настава, секција и други пропратни активности, состаноци на одделенските раководители со родители, одделенски состаноци и сл. Извештаите ќе се изработуваат седмично за претходната седмица. Извештаите за тримесечијата се изработуваат со проверка на заведените часови и внесување на бројчаните оценки за успехот и поведението на учениците. Полугодишните и годишните извештаи за е-дневниците ќе се изработат во јануари и јуни.

Во месец септември, се внесуваат податоците од учениците од прво одделение во ЕМИС-от. Во истиот месец не се врши седмична контрола со цел да се внесат сите податоци во емисот за испишаните и новозапишаните ученици, како и поради пообемното внесување на повеќе податоци во е-дневниците и книжните дневници. Затоа, во октомври, ќе се изврши проверка и за седмиците во септември.

Напомена: Програмата е изработена за во текот на учебната 2016/2017 година.
Кај наставниците кои се вклучени во Тимот за проверка на е-дневниците, може да се изврши промена за проверка на одделенијата, според потребите и распределбата на часовите и паралелките.
Предлог содржините за програмата за реализација на истата можат да претрпат измени во текот на годината.

Изработи:
Тим за контрола на е-дневникот

август, 2016 година

Кординатор на тимот:
Славица Костевска

**ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ**

**Инструкции од образованието-**„Комуникација со јавноста и промоција на училиштето“

**Оу„ Св. Климент охридски“- Битола, учебна 2015/16 г.**

Образовните резултати на учениците и наставниците се јасни и операционализирани со наставните програми по наставни предмети, одделенија и развојни периоди. Тие се однесуваат на знаења, вештини, ставови, морални вредности на учениците. Членовите на училиштето - учениците и наставниците, имаат различни потреби, интереси, вредности, верувања, очекувања, стилови на однесување, стилови на комуницирање.

| Планирана активност | Очекувани ефекти | Време на реализација |
|---|---|---|
| Изготвување на квалитетни наставни програми. | Со наставата и учењето учениците се поттикнуваат преку истражувачки постапки да го откриваат знаењето, да го надградуваат, систематизираат и применуваат во нови околности и услови. | август септември 2015 година |
| Претставување на развојните цели со развојно-процесно планирање и целосно воведување на програмата Cambridge. | Се зајакнува грижата за развивање систем на научни знаења со користење различни извори за учење што се прилагодени на потребите, условите и темпото на напредување на учениците. | август септември 2015 година |
| Гарантиање на ефикасна и квалитетна настава. | Вреднувањето на учењето или подобрување на начините на кои се сфаќа учеството на учениците и наставниците во процесот на учењето и резултатите од него, и како тие да се вреднуваат, добива на значење. Дипломите, сертификатите и квалификациите претставуваат значајна референца, како и навременото, професионално и соодветното дистрибуирање на информации за обуки, семинари и курсеви кои се организирани во нашата земја, но и за други корисни информации за надградба на деловни вештини, како и вештини за личен раст и развој. | Во текот на учебната 2015/16 година |
| Воспставување систем на следење и оценување кој ќе ги почитува развојните можности на сите ученици и постапно ќе преминува од описно кон бројчано оценување. | Системот на оценување треба да овозможи постигнување на знаења и вештини што се споредливи со знаењата на учениците. Кај учениците да се поттикнува љубопитноста и мотивацијата за учење. | Во текот на учебната 2015/16 гдина |

| | | |
|---|---|---|
| Воспоставување критериуми за напредување на учениците во образованието, како и стандарди за ефикасен наставник и ефикасно основно училиште. | Ученичките натпревари да опфаќаат активности за кои има интерес кај учениците и со нив да се презентираат постигањата, не само на учениците и наставниците, туку и на училиштето, во наставата и во другите подрачја. Натпреварите да се организираат на ниво на училиште, општина и во рамките на државата. Најуспешните ученици да учествуваат на меѓународни натпревари во други земји. | септември 2015 година |
| Унапредување на професионалноста во работата на училиштето. | Надополнување на кодексите во училиштето и промоција на извршената ревизија . Надополнување со нови кодекси во зависност од утврдените потреби. | септември 2015 и февруари 2016 година |
| Промовирање на училиштето преку различни медиуми. | Реализација на Проект за промоција на училиштето и резултатите на учениците и наставниците и воспоставување критериуми за квалитет. Промоција на училиштето преку вклученост во различни меѓународни проекти и обезбедување обуки за апликации на мегународни проекти. Воспоставување критериуми за квалитет. | Во текот на учебната 2015/16 г. |

Изработи: Лидија Шунда-Шокларовска

**Инструкции од образованието-извештај**
ОУ„Св. Климент Охридски“ Битола,
учебна 2015/16 година

Образовните резултати на учениците и наставниците се јасни и операционализирани со наставните програми по наставни предмети, одделенија и развојни периоди. Тие се однесуваат на знаења, вештини, ставови, морални вредности на учениците.Членовите на училиштето - учениците и наставниците, имаат различни потреби, интереси, вредности, верувања, очекувања, стилови на однесување, стилови на комуницирање.

Се стремиме кон современиот пристап на образованието на кое треба да се гледа како на инвестирање. Потребата и начинот за постигнување на најдобрите резултати од инвестирањето во образованието, само ја промовира и афирмира тезата за неопходноста од развој на менаџментот во училиштето. Вреднувањето на учењето или подобрување на начините на кои се сфаќа учеството на учениците и наставниците во процесот на учењето и резултатите од него, и како тие да се вреднуваат, добива на значење. Дипломите, сертификатите и квалификациите, претставуваат значајна референца, затоа навремено, професионално и соодветно се дистрибуираат информации за обуки, семинари и курсеви организирани во нашата земја, други корисни информации за надградба на деловни вештини, како и вештини за личен раст и развој.

Еден од важните услови за подобрување на квалитетот на образованието во нашето училиште е кај учениците да се поттикнува љубопитноста и мотивацијата за учење, а посебно кај поспособните и надарените ученици.

Подобрувањето и одржувањето на квалитетот во образованието подразбира:

- да се изготват квалитетни наставни програми
- да се постават развојните цели со развојно-процесно планирање,
- да се гарантира ефикасна и квалитетна настава,
- да се воспостави систем на следење и оценување кој ќе ги почитува развојните можности на сите ученици и постапно ќе преминува од описно кон бројчано оценување,
- да се воспостават критериуми за напредување на учениците во школувањето, како и стандарди за ефикасен наставник и ефикасно основно училиште.

Со наставата и учењето, учениците се поттикнуваат, преку истражувачки постапки, да го откриваат знаењето, да го надградуваат, систематизираат и применуваат во нови околности и услови.

Училиштето е отворено за иновациите кои доаѓаат од земјите со побогато искуство во образованието, а кои веќе се покажале како добри едукативни практики. Особено се зајакнува грижата за развивање систем на научни знаења со користење различни извори за учење, што се прилагодени на потребите, условите и темпото на напредување на учениците. Системот на оценување треба да овозможи постигнување на знаења и вештини што се споредливи со знаењата на учениците. Ученичките натпревари опфаќаат активности за кои има интерес кај учениците и со нив се презентираат постигањата не само на учениците и наставниците, туку и на училиштето, во наставата и во другите подрачја. Натпреварите се организираат на ниво на училиште, општина и во рамките на државата. Најуспешните ученици учествуваат на меѓународни натпревари во други земји.

Изработи:
Лидија Шунда-Шокларовска

**ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ НА ДЕЛОТ ОД**
„Комуникација со јавноста и промоција на училиштето“- **Инструкции од образованието**
**Учебна 2015/16 г.**

**Подобрувањето и одржувањето на квалитетот и иновациите во образованието подразбираат:**

| ЦЕЛ | РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ |
|---|---|
| **Изготвување на квалитетни наставни програми** | Во време на брз технолошки развој, глобализација, информатичка револуција и реформи во образованието, се трудиме, подготвени да ги прифаќаме промените и новонастанатите услови како предизвик, борејќи се за својата позиција и афирмација, со постигнување на нови, применливи знаења, квалитет, иновативност и искористување на сите внатрешни потенцијали на училиштето. **Наставниците изготвуваат солидни и професионално издржани наставни планови и програми по кои ги постигнуваат своите високо поставени цели во наставата, како и приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби.** |
| **Поставување на развојни цели со развојно-процесно планирање, примената и реализацијата на адаптираните наставни програми по предметите математика и природни науки од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ** | **Секој солиден наставник во нашето училиште, си поставува развојни цели за својот наставен предмет кои ги имплементира во развојните процесни планирања, со застапена родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала.** Секој наставник реализира интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала и интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието. **За програмата Кембриџ, наставниците можат преку страницата Образование, да ги користат сите потребни дидактички материјали и ресурси во врска со предметите математика и природни науки, како и бројни бесплатни онлајн-ресурси за реализација на наставата според програмата на Кембриџ.** |
| **Реализација на ефикасна и квалитетна настава** | Во училиштето се одвива процес на учење со јасна, целисходна визија на учењето и целите кои треба да се постигнат, како и правила кои ги водат активностите на наставниците во образовниот систем, но пред се почитувајќи ги:<br>-мислењата на учениците за квалитетот на наставата (слабости и силни страни),<br>-мислењата на родителите за квалитетот на наставниот процес,<br>-мислењата на наставниците за квалитетот на наставата и процесот на поучување) на ниво на стручен актив),<br>-мислењата на стручните соработници за процесот на настава и нејзиниот квалитет,<br>**-мислењата на советниците од БРО (се посетуваат семинари и конференции за подобрување на реализацијата на наставата) и инспекторите од ДПИ за квалитетот на процесот на поучување и учење, употреба на модерна технологија во наставата, -мислењата на стручните соработници ( педагози, психолози, дефектолози).** |

| | |
|---|---|
| **Воспоставување на систем на следење и оценување кој ќе ги почитува развојните можности на сите ученици и постапно ќе преминува од описно кон бројчано оценување** | Оценувањето во училиштето е интегрален дел од планирањето на наставниот процес за секој наставник поодделно. **Тимот за надарени и талентирани ученици ги идентификува истите. По сугестија на одделни наставници, овие ученици се подготвуваат за натпревари. Инклузивниот тим ги идентификува децата со посебни потреби и децата со потешкотии во учењето и помага при изготвувањето на ИОП за секое дете. Тимот за оценување во училиштето помага со совети и обуки кај наставниците почетници кои се соочуваат со пишување на описни и нумерички оценки.** |
| **Воспоставувување критериуми за напредување на учениците во школувањето, како и стандарди за ефикасен наставник и ефикасно основно училиште** | Во училиштето има предложени критериумите за пофалување и наградување на учениците кои се спроведуваат со целосна транспарентност и правичност, пред комисија за проценување на вистинитост на приложените докази (сертификати, уверенија, дипломи од натпревари кои ги спроведуваат акредитирани здруженија). По предлог на Наставничкиот совет и предлог на учениците од училиштето, се предлагаат најуспешен и најомилен наставник. **Оваа учебна година беа прогласени првенци на генерација и пофалени ученици за одделни области како дел од воспитно-образовниот процес.** |
| **Промовирање на училиштето преку различни медиуми** | **Соодветно и навремено, медиумите се информираат за напредокот на наставниците и учениците, како и училиштето во целина**. Училиштето е вклучено во Промоција на истото преку партиципирање во различни меѓународни проекти преку воспоставување критериуми за квалитет. |

Поставените цели се реализираат, а за наредната учебна година, истите ќе се надградуваат и дополнуваат со нови цели за поквалитетна настава.

Изработи:
Лидија Шунда-Шокларовска

## Годишен извештај за тимот за активности од хуманитарен карактер 2015/2016

### ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

| Ред.бр. | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ |
|---|---|---|
| 1 | Спроведување на хуманитарна акција | октомври<br>мај 2015-16 г. |
| 2 | Распределба на донациите по ученици-социјални случаеви по паралелки според списокот | октомври<br>мај 2015-16 г. |
| 3 | Посета на други институци и донирање на социјална помош (облека, училишен прибор и сл.) | ноември 2015 г. |
| 4 | Донирање на дел од паричните сретства на ученици социјални случаеви од спроведената акција- | декември 2015 г. |
| 5 | Одбележување меѓународниот ден на лица со аутизам | Април 2016 |

### РЕАЛИЗИРАНО

| Ред. бр. | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ | ОПИС |
|---|---|---|---|
| 1 | Спроведување на хуманитарна акција-Да си подадеме рака | Октомври 2015 | Хуманитарната акција беше спроведена на повик до сите ученици од I-IX одд. да донесат на одреден ден : облека, прехрамбени производи, училишен прибор и сл. Истите беа прифатени и складирани во соодветни пакети и во соодветна просторија. |
| 2 | Распределба на донациите по ученици-социјални случаеви по паралелки според списокот | Октомври-Ноември 2015 г. | Во соработка со одд. раководители од I-IX одд. и според доставениот список за у-ци што се социјални случаеви беше поделена социјална помош према потребите. |
| 3 | Посета на други институци и донирање на социјална помош (облека, училишен прибор и сл.) | ноември 2015 г. | Од собраната донација од хуманитарната акција се издвоја одреден дел и истите беа донирани во соодветни институции сто згрижуваат деца на кои им е потребна таква помош |
| 4 | Донирање на дел од паричните сретства на ученици социјални случаеви од спроведената | декември 2015 г. | После спроведениот панаѓур од собраните парични средства дел беа донирани на семејства на наши ученици кои спаѓаат во групата на ранливи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | акција-панаѓур Климентовци претприемачи | | категории, во договор со одд. раководители. |
| 5 | Одбележување меѓународниот ден на лица со аутизам | Април 2016 | Беше донирано дидактички материјал и финансиски средства. |
| 6 | Донција на група деца-ученици социјални случаеви | Април 2016 | Донирани беа училишен прибор и облека |
| 7 | Распределба на донација од битолски фирми на социјални слуцаеви во склоп на манифестацијата Избираме таленти | Мај 2016 | Беа донирани прехрамбени производи на деца социјални слуцаеви |
| 8 | Донација на деца со даунов синдром | Мај 2016 | Беа донирани пакет со дидактички материјал и прехрамбени производи |
| 9 | Предавање за прва помош од страна на ОО Црвен Крст | Мај 2016 | Прредавање за основи на давање на прва помош, преврски вештачко дишење исл. |
| 10 | Партиципација за ученици социјални случаеви на разни манифестација во текот на учеб. год. (кино, театар, екскурзија и сл.) | Септември-јуни 2015/16 | Според можностите училиштето партиципира со финански средства за деца социјални случаеви на разни манифестации на кои присуствуваат нашите ученици |

**ПРЕПОРАКИ- 2016/2017 ГОД.**

За оваа година се планирани активности од хуманитарен аспек со акцент на учениците кои доаѓаат од семејства со понизок социјален статус.

**Подготвил**
**Тимот за активности од хуманитарен аспект**

## 9. КОМИСИИ

Програмата на комисијата за контрола на педагошката евиденција и документација на крајот од уч. 2015/2016 г.

| Ред.бр. | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ |
|---|---|---|
| 1 | Давање напатствија за одделенските н-ци за водење на одделенските книги | август-септември 2015 г. |
| 2 | Извршен е увид врз начинот на водење на одд. книги на крајот од првото и третото тримесечие од I-IX одд. | ноември 2015 г. април 2016 |
| 3 | Соработка со одд. раководители за констатираните пропусти во одд. книги | ноември 2015 г април 2016. |
| 4 | Подготовка на извештај за средеността на педагошката евиденција и документација на крајот од првото и третото тримесечие | ноември 2015 г. април 2016. |
| 5 | Прегледување на средеността на одд. книги на крајот од првото и второто полугодие | –јануари 2016 г. јуни 2016 |
| 6 | Координација со одд. раководители при уписот и испишување на учениците во главните книги од I-IX одд. | –септември-јуни 2015-16 г. |
| 7 | Координација при издавање на согласности и преводници за учениците при упис и испишувањето | –декември-јуни 2015/16 |
| 8 | Поравнување на сведителствата и главните книги по одделенија и по ученици | –јуни 2016 г. |
| 9 | Координација со одд. раководители при упис и испишување на учениците во главните книги од I-IX одд. | –јануар-јуни 2016 г. |
| 10 | Координација при издавање на согласности и преводници за учениците при упис и испишувањето | –јануари-јуни 2016 г. |

ИЗВЕШТАЈ

реализираноста на програмата на комисијата за контрола на педагошката евиденција и документација на крајот од уч. 2015/2016 г.

| Ред. бр. | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ | ОПИС |
|---|---|---|---|
| 1 | Давање напатствија за одделенските н-ци за водење на одделенските книги | август-септември 2015 г. | На поч. на уч. год. се информираат одд. рак. за начинот на водење на одд. книги (за евентуалните измени). Има групно информирање по одд.совети и индивидуално(за новите одд. рак.) |
| 2 | Извршен е увид врз начинот на водење на одд. книги на крајот од првото тримесечие од I-IX одд. | ноември 2015 г. | На крајот од I тримесечие се врши увид врз средеността на одд. книги од I-IX одд. од страна на ППС и одредени недостатоци се соопштуваат на одд. раководители индивидуално во писмена форма. |
| 3 | Соработка со одд. раководители за констатираните пропусти во одд. книги | ноември 2015 г. | Забележаните пропусти се коментираат индивидуално со одд. раководители од I-IX одд., ако е потребно се дообјаснува и истите се досредуваат според правилната евиденција. |
| 4 | Подготовка на извештај за средеността на педагошката евиденција и документација на крајот од првото тримесечие | ноември 2015 г. | Забелешките за средеността на евиденцијата во одд. книги се констатира и се прибележува во Извештај кој се доставува до директорот на училиштето. |
| 5 | Прегледување на средеността на одд. книги на крајот од првото полугодие | –јануари 2016 г. | Истата постапка од крајот на I тримесечие за среденоста на педагошката евиденција во одд. книги се повторува и на крајот на првото полугодие. |
| 6 | Координација со одд. раководители при уписот и испишување на учениците во главните книги од I-IX одд. | –септември-декември 2015 г. | Во текот на I полугодие ППС врши кординација при уписот на новозапишаните ученици во главните книги, како и при нивното испишување во друго училиште. |
| 7 | Координација при издавање на согласности и преводници за учениците при упис и испишувањето | –декември-јануари 2015/16 | Исто така, ППС кординира, при испишувањето и запишувањето на учениците, т.е. издавањето на согласности и преводници. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8 | Извршен е увид врз начинот на водење на одд. книги на крајот од третото тримесечие од I-IX одд. | април 2016 г. | На крајот од III тримесечие се врши увид врз среденоста на одд. книги од I-IX одд. од страна на ППС и одредени недостатоци се соопштуваат на одд. раководители индивидуално во писмена форма. |
| 9 | Соработка со одд. раководители за констатираните пропусти во одд. книги | април 2015 г. | Забележаните пропусти се коментираат индивидуално со одд. раководители од I-IX одд., ако е потребно се дообјаснува и истите се досредуваат според правилната евиденција. |
| 10 | Подготовка на извештај за среденоста на педагошката евиденција и документација на крајот од третото тримесечие | април 2015 г. | Забелешките за среденоста на евиденцијата во одд. книги се констатира и се прибележува во Извештај кој се доставува до директорот на училиштето. |
| 11 | Прегледување на среденоста на одд. книги на крајот од второто полугодие | –јуни 2016 г. | Истата постапка од крајот на III тримесечие за среденоста на педагошката евиденција во одд. книги се повторува и на крајот на второто полугодие. |
| 12 | Порамнување на сведителствата и главните книги по одделенија и по ученици | –јуни 2016 г. | Проверката се врши во присуство на ППС и одд.раководител. |
| 13 | Координација со одд. раководители при уписот и испишување на учениците во главните книги од I-IX одд. | –јануар-јуни 2016 г. | Во текот на II полугодие ППС врши кординација при уписот на новозапишаните ученици во главните книги, како и при нивното испишување во друго училиште. |
| 14 | Координација при издавање на согласности и преводници за учениците при уписот и испишувањето | –јануари-јуни 2016 г. | Исто така, ППС кординира, при испишувањето и запишувањето на учениците, т.е. издавањето на согласности и преводници. |

Подготви

Комисија за контрола на педаг.евид. и док.

## 9.3 Извештај на комисијата за спроведување на правилникот за информирање на родителите за напредокот на нивните деца

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

Комисија за спроведување на правилникот за информирање на родителите во учебната 2015/2016 година

| Ред. бр. | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ | ОПИС |
|---|---|---|---|
| 1 | Програмирање на соработката со родителие на ниво на училиште | август 2015 година | - Училиштето има усвоено процедура (правилник) за спроведување на законската обврска за информирање на родителите. Правилникот е донесен со цел да се постигнат подобри резултати во ефективноста на информирањето на родителите. Правилникот содржи законски рамки и норми. |
| 2 | Изготвување училишна програма за соработка со родителите која се доставува заедно со годишната програма за работа на училиштето | септември 2015 година | Комисијата изготвува училишна програма за соработка со родителите, истата ги програмира општите и групните родителски средби по месеци и квартали. |
| 2 | Изготвување програми за соработка со родителите од страна на секој наставник и инструмент за соработка (индивидуални или групни средби) | септември 2015 година | -За соработка со родителите, одделенските наставници и одделенските раководители доставуваат два различни инструменти, за групни и индивидуални средби. При реализација на средбите, најважно е да бидат потпишани од страна на родителот или групата. Предметните наставници се обврзни да достават инструмент за индивидуални средби.<br>-Овие инструменти ги доставуваат во педагошките досиеа и се заведуваат во педагошкиот картон. |
| 3 | Средби со родителите за нивната целосна и објективна информираност според доставените програми за соработка со родителите и усвоениот правилник | Преку целата учебна 2015/2016 година | - Индивидуални родителски средби<br>- Групни родителски средби<br>- Евидентни листови<br>- Сумативен завршен успех<br>- Родителите добиваат информации преку електронскиот дневник<br>- Следење на напредокот на учениците |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | Реализација на активноста ОТВОРЕН ДЕН НА РОДИТЕЛИТЕ | Преку целата учебна 2015/2016 година | -Законска обврска која се остварува секој последен понеделник и вторник во месецот, каде што секој родител може да се сретне и информира од секој наставник за своето дете преку индивидуална средба.<br>Се реализира за ученици од петто до деветто одделение. |
| 5 | Изготвување извештај по секоја групна родителска средба | Преку целата учебна 2015/2016 година | -Извештаите се поднесуваат со назначување на дневниот ред на состанокот и со акцент на специфични договори или други дискусии важни за понатамошна работа во училиштето. |

Битола, јануари 2016 година

**ИЗВЕШТАЈ**
**од комисијата за изработка на училишниот весник СВЕТЛИНИ**
2015/2016

| Ред. бр. | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ | ОПИС |
|---|---|---|---|
| 1 | Издавање на училишниот весник СВЕТЛИНИ | 20. 11. 2015 година<br>Второ полугодие | По повод Денот на училиштето, беше подготвен новиот број на училишниот весник Светлини. Весникот ги постигна очекуваните резултати во однос на содржината, дизајнот и квалитетот на хартијата. Во однос на содржината, особено за истакнување се големиот број активности на Екотимот, покрај традиционалните: конкурси, награди, текстови посветени на нашиот Патрон и сл. Во однос на дизајнот на корицата повторно соработувавме со родителката Даниела Николовска, а за квалитетот на хартијата се погрижи директорката во соработка со печатницата Киро Дандаро од нашиот град.<br>За реализација на оваа активност комисијата ( во исти состав каки и минатата година ) одржа неколку состанока, пред се за распределба на задачите и избор на материјалите.<br>Во текот на второто полугодие на барање на директорот, а во договор со членовите на комисијата беше направена нова концепција за изработка на весникот за следната учебна година. Имено станува збор за определување на одговорни лица по рубрики кои ќе бидат задолжени за својата рубрика да подготват материјали за печатење за следниот број. Покрај наставниците определени се и ученици од предметна настава, задолжени за пратење на настани и подготовка на писмен извештај, како и ученици кои ќе се грижат за соодветни фотографии од посетените настани. Со активностите веќе се започна. Така беа пратени спортските настани, настанот поврзан со 24 Мај, доделувањето на наградите за најуспешните ученици, прогласување ученик на генерацијата, промоција на Зборник на поезија од средните и основните училишта и сл.<br>За новиот број на весникот одбран е и нов одговорен наставник, Мирјана Стојановска. |

БИТОЛА, 17. 1. 2016

Комисија за изработка на весникот

**Комисија за извештаи: Предвидените активности реализирани**.

## Процедура за информирање на родителите за напредокот на учениците

Спојот помеѓу родителите, учениците, наставата и наставниците е клучен училиштен фактор за успехот на учениците. Комуникацијата и добрата информираност се клучен фактор за напредувањето во учењето на учениците.

Процедурата се донесува со цел, преку користење на концептуалната рамка развиена од експерти, како системски приод за подобри резултати во образованието и да се анализираат значајни прашања поврзани со наставниците за кои истражувањата покажале дека се преземаат за да ја зголемат ефективноста на информираноста. Процедурата содржи законски рамки и норми.

Во продолжение следи краток осврт на клучните сегменти за реализација на цели во образовната политика.

Индивидуални родителски средби.
Групни родителски средби.
Реализација на активноста ОТВОРЕН ДЕН НА РОДИТЕЛИТЕ.
Евидентни листови.
Сумативен завршен успех.
Родителите добиваат информации преку електронскиот дневник.
Следење на напредокот на учениците.

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## Комисија за спроведување на правилникот за информирање на родителите во учебната 2015/2016 година

| Ред. бр. | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ | ОПИС |
|---|---|---|---|
| 1 | Програмирање на соработката со родителие на ниво на училиште | август 2015 година | - Училиштето има усвоено процедура (правилник) за спроведување на законската обврска за информирање на родителите. Правилникот е донесен со цел да се постигнат подобри резултати во ефективноста на информирањето на родителите. Правилникот содржи законски рамки и норми. |
| 2 | Изготвување Училишна програма за соработка со родителите која се доставува заедно со Годишната програма за работа на училиштето | септември 2015 година | Комисијата изготвува Училишна програма за соработка со родителите, истата ги програмира општите и групните родителски средби по месеци и квартали. |
| 2 | Изготвување програми за соработка со родителите од страна на секој наставник и инструмент за соработка (индивидуални | септември 2015 година | -За соработка со родителите, одделенските наставници и одделенските раководители доставуваат два различни инструменти, за групни и индивидуални средби. При реализација на средбите, најважно е да бидат потпишани од страна на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | или групни средби) | | родителот или групата. Предметните наставници се обврзни да достават инструмент за индивидуални средби.<br>-Овие инструменти ги доставуваат во педагошките досиеа и се заведуваат во педагошкиот картон. |
| 3 | Средби со родителите за нивната целосна и објективна информираност според доставените програми за соработка со родителите и усвоениот правилник | Преку целата учебна 2015/2016 година | - Индивидуални родителски средби<br>- Групни родителски средби<br>- Евидентни листови<br>- Сумативен завршен успех<br>- Родителите добиваат информации преку електронскиот дневник<br>- Следење на напредокот на учениците |
| 4 | Реализација на активноста ОТВОРЕН ДЕН НА РОДИТЕЛИТЕ | Преку целата учебна 2015/2016 година | -Законска обврска која се остварува секој последен понеделник и вторник во месецот, каде што секој родител може да се сретне и информира од секој наставник за своето дете преку индивидуална средба.<br>Се реализира за ученици од петто до деветто одделение. |
| 5 | Изготвување извештај по секоја групна родителска средба | Преку целата учебна 2015/2016 година | -Извештаите се поднесуваат со назначување на дневниот ред на состанокот и со акцент на специфични договори или други дискусии важни за понатамошна работа во училиштето. |

Активностите се според законската обврска

Битола, јануари 2016 година

## 10. ПРОЕКТИ

### ПРОЕКТОТ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ПРИ ОУ „Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА за 2016/2017год.

***Мултикултурализам: МИО***

**Мултикултурализам**

Проектот за Мултиетничка интеграција во образованието во нашето училиште се реализира со партнер училиштето „Панајот Гиновски“ од Бутел, Скопје. ОУ „Санде Штерјевски“ – Кичево, ОУ во Бистрица Преку истиот, се овозможува соработка меѓу училиштата. Се негува и развива мултикултурализмот, се надминуваат предрасудите и стереотипите помеѓу различните етнички заедници, се добиваат знаења и разбирања за меѓусебните етнички односи. Придобивките од проектот се доближување, надминување на различностите и добивање трајни вредности (почит, пријателство, соработка и градење соживот во иднина).

**- Односи меѓу сите структури**

**Вклучување на родителите, општината и заедницата во активностите на ПМИО во училиштето**
7.Одржување на состаноци на родителите со директорот, ППС, наставниците и членовите на СИТ-от.
8.Донации за спроведување на ПМИО активностите
9. Писмена согласност на родителите за учество на учениците во ПМИО активностите на училиштето
10.Родителите ќе помагаат во кординација со своите деца, со давање на насоки за информации, упатства кон соодветни инстутуции кои се занимаваат со дејности од областа на етнологијата и слични гранки.
11.Општината ќе се вклучи со финансиска подршка и во организационата подготовка при договарање на средбите со партнер училиштето и посредник во договарањето сосоодветни институции.
12.Заедницата ќе се вклучи со располагање на културно уметнички друштва, музеи, простории и културно-историското наследство на самата заедница.
13.Сертификација на изработение портфолија на наставниците за реализирани активности.

**Извештај за ПМИО 2015 -2016 год.**

| РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ | РЕАЛИЗАТОР | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|
| Менторска средба со дневен ред:<br>1. Запознавање со процедурата за сертификација;<br>2. Согледување и рефлексија за досегашните реализирани активности;<br>3. Насоки за подготовка на успешни практики | Реализирани од страна на менторите на ПМИО – Мирослав Стојанов – за членовите на СИТ- от Славица Костевска | 1.7.2015 година; Средно Техничко училиште |

| | | |
|---|---|---|
| за МИО;<br>4. Планирање на активности за новата учебна година. | | |
| Менторска средба со Дневен ред:<br>1. Рефлексија за досегашните реализирани активности во училиштата според дадените насоки од првата менторска средба (дадени во прилог на пораката - Табела 2 - Насоки за активности за отпочнување на процедурата за сертиифкација)<br>2. Дискусија за формуларите за евалуација и практични вежби за евалуација на реализирани активности за МИО на наставниците и директорите/стручните соработнии. | Реализирани од страна на менторите на ПМИО – Наталија Ацеска – за членовите на СИТ- от Славица Костевска, Лидија Шунда Шокларовска и Билјана Печипајковска | 27 септември, 2015 во ОУ „Св. Климент Охридски“ - Битола |
| Процедурата за сертификација на дректор,стручни соработници и наставници. | Членови на СИТ -от | До 15 ноември 2015 год. |
| Саем на Модел Училиштата од Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието имплементиран од страна на Македонски центар за граѓанско образование , во партнерство со Центарот за човекови права и разрешување конфликти | членовите на СИТ- от Славица Костевска и Билјана Печипајковска | 29 септември, 2015 во Хотел Континентал, Скопје |
| Објавен конкурсот за иновативни практики за меѓуетничка интеграција, во рамките на проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИО). | споделена порака со цело училиште, за да може поголем број на наставници да земат учество на конкурсот Зедоа учество повеќе наставници | Од 27.1.2016 год. најдоцна до 31.3.2016. |
| Апликација за добивање на грант за реновирање на училишта во Делот Модел на училишта и е добиен грантот - 7 – ми од вкупно 13 училишта кои го добиле грантот од аплицирани 200 училишта. | Тим од наставници – Снежана Захариева - кординатор, Гордана Анастасовска, Андријана Димитров, Атанас Пеев, Снежана Стојанова, Славица Костевска, Кети Секуловска, Андријана Мигуловска. Вклучени во реновирањето Проктот ПМИО, Бизнис Заедницата и Општината. | 17 до 24 јануари 2016 год. |
| Обука за одржување на објекти за членовите на СИТ-от и на Членови од Апликацијата за Модел на училишта за добивање на грант за реновирање на училиштата добиен со успешна | Членови на СИТ-от и од Тимот за добиената апликација за реновирање на | 29.3.2016 год. хотел Континентал - Скопје |

| | | |
|---|---|---|
| Апликација од наставници – Снежана Захариева, Гордана Анастасовска, Андријана Димитров, Атанас Пеев, Снежана Стојанова, Славица Костевска | училиштата | |
| Дискусија за методологија и приоди кои придонесуваат за успешна реализација на активности за МИО и развивање кај учениците компетенции и вредности за меѓуетничка интеграција. | Членови на СИТ-от и од Тимот за добиената апликација за реновирање на училиштата | 7.4.2016 - хотел Континентал - Скопје |
| Менторска средба со Дневен ред:<br>1. Согледување на состојбата со досегашното спроведувањето на процедурата за сертифкација;<br>2. Работилница за преглед на документација од набљудувана самостојна мултикултурна/ заедничка активност од завршена евалуација за наставник;<br>3. Презентација на анимирани видеа за МИО;<br>4. Информации за тековни активности за МИО. | Реализирани од страна на менторите на ПМИО – Дијана Каравиловска – за членовите на СИТ- от Славица Костевска и Билјана Печипајковска | 18.2.2016 год. ОУ„Д-р. Трифун Пановски " - Битола |
| Дисеминација за продолжување на Процедурата за сертификација на дректор,стручни соработници и наставници и Презентација на анимирани видеа за МИО, како и информации за тековни активности за МИО. | Славица Костевска | Март 2016 год. |
| Доделување на сертификатите за базична обука за членовите на СИТ -от и на наставници, сертификати за реализирани активности на ПМИО, сертификати за успешни практики од конкурсот за иновативни практики за меѓуетничка интеграција, во рамките на проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИО). | Директор и членовите на СИТ -от | Во текот на второто полугодие од учебната година |
| Завршна манифестација од конкурсот за иновативни практики за меѓуетничка интеграција, во рамките на проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИО). | тим од наставници кои зедоја учество на конкурсот | 30. 6. 2016 год. Скопје |
| Со проектот се продолжува и во следната година со ист интензитет – изработка на часови било во склоп на редовната настава, во склоп на вонаставните активности, за одбележување на свечености во училиштата како и на часовите од Животни вештини. Сертификацијата е извршена само кај некои наставници кои аплицираа до 15 ноември 2015 год, но поради продолжување на Проектот ПМИО, сертифицирањето е продолжено до 15 ноември 2016 година, и се очекува поголем број наставници да се сертифицираат. | | |

## ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОЕКТОТ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ПРИ ОУ „Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА за 2016/2017год.

| *поглобални активности* | *очекуван резултат/продукт* | *(пред)услови* | *реализатори* | *термин (од/до)* |
|---|---|---|---|---|
| **Резиме на ПМИО активностите од 2015/2016 год.** | Изработка на извештаи за активностите од членовите на ПМИО тимот.<br>Сертификација на наставниците | 14.договорна средба на членовите на СИТ-от<br>15.договор помеѓу СИТ – от и наставниците | Членови на училишниот тим<br>Членови на училиштен тим и наставници | август 2016 год.<br>септември – ноември 2016 год. |
| **Состаноци помеѓу членовите на СИТ-от и наставниците** | Обезбедување поддршка од страна на членовите на тимот за изработка на часовите во кои се вградени активности од ПМИО.<br>Изработка на критериуми со чек листа за успешно реализирање на часовите. | 16.Договорни и тековни средби помеѓу наставниците и членовите на тимот<br>17.определување на тим за изработка на чек листа за следење | Членови на училишниот тим и наставници | септември — јуни 2016/2017 |
| **Консултации со партнер училиштето за договарање за заеднички активност** | Планирање за соработка и комуникација меѓу партнерските училишта интернет и Skype комуникации и договорни средби во живо помеѓу партнер училиштата.<br>Планирање на заеднички екскурзии, посета на часови и други ПМИО активности. | 18.контактирање со партнер училиштето<br>19.обезбедена согласност од страна на наставниците, родителите и Училишниот одбор за активно вклучување со партнер училиштето. | Членови на училишниот тим и наставници | септември — јуни 2016/2017 |
| **Вклучување на родителите, општината и заедницата во активностите на ПМИО во училиштето** | Обезбедување на согласност за учество на учениците<br>Покренување на иницијативи за заеднички активности<br>Соработка на родителите, општината и заедницата со училиштето | 20.Одржување на состаноци на родителите со директорот, ППС, наставниците и членовите на СИТ-от.<br>21.Донации за спроведување на ПМИО активностите<br>22. Писмена согласност на родителите за учество на учениците во ПМИО активностите на училиштето<br>23.Родителите ќе помагаат во кординација со своите деца, со давање на насоки за информации, упатства кон соодветни инстутуции кои се занимаваат со дејности од областа на етнологијата и | Директор, ППС, членови на училишниот тим и родители, претставници од општината и заедницата. | септември — јуни 2016/2017г. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | слични гранки.<br>24.Општината ќе се вклучи со финансиска подршка и во организационата подготовка при договарање на средбите со партнер училиштето и посредник во договарањето сосоодветни институции.<br>25.Заедницата ќе се вклучи со располагање на културно уметнички друштва, музеи, простории и културно-историското наследство на самата заедница. | | |
| **Активности за промена на иконографијата на училиштето** | Изработки на Постер презентации, слики, текстови закачени на ѕидовите во холовите на училиштето кои го одразуваат мултиетничкиот карактер на заедницата и на целата земја. | 26.Изработки од секции, проекти, спортски активности, презентации, приредби, екскурзии, заеднички наставни часови, взаемни посети на партнерските училишта | Стручни активи, сите наставници, ученици, ППС и директор | септември — јуни 2016/2017 |
| **Самоевалвација за превземените активности по стручни активи** | Извештаи за спроведените активности од стручните активи.<br>обезбедена е евиденција и докази за спроведените самостојни активности на училиштето и на заедничките активности со партнер училиштето/ата | наставниците водат портфолио во кое собираат успешни практики и прават рефлексија и анализа од спроведените активности | Стручни активи - сите наставници | септември — јуни 2016/2017 |
| **Следење на реализацијата на активностите** | месечни извештаи од реализацијата на планираните активности подготвени од страна на тимовите реализатори и доставени до СИТ-от<br>заеднички информатор (на месечно ниво) со партнер училиштето/ата за реализацијата на заедничките активности подготвени од СИТ-овите<br>континуирано истакнување информации на табла во наставничка канцеларија за реализацијата на активностите | подготовени инструменти за мониторинг на реализацијата на активностите (секое подрачје на активност има свој инструмент за мониторинг со клучни точки за следење)<br>континуирани средби на тимовите на кои се дискутира за реализацијата на активностите<br>редовна комуникација со СИТ-от од партнер училиштето/ата (најмалку на месечна база) | Стручни активи - сите наставници | септември -Јуни – 2016/2017г. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Самоевалуација на училиштето** | извештај од резултатите добиени со примена на прашалникот за самоевалуација на наставниците, ученици и родители<br>извештај за тоа како реализацијата на МИО активностите придонела за подобрување на состојбата | пополнет прашалникот за самоевалуација од страна на наставниците, ученици и родители<br>27.учество на наставникот по информатика во обработката на одговорите дадени на прашалникот | Стручни активи - сите наставници | септември јуни – 2016/2017 год. |
| **Промоција на реализираните активности** | Изработка на брошури, постери за реализација на ПМИО активностите<br>најмалку еден промотивен настан на училишно ниво за презентација на активностите пред управата, наставниците, учениците и родителите<br>најмалку еден промотивен настан на ниво на општина за презентација на активностите пред општината и клучните образовни институции<br>континуирано ажурирање на информации на порталот за МИО на училишната веб страница | 28.подготвен промотивен материјал (постери, брошури и/или други материјали) што го прикажуваат процесот и продуктот од реализираните активности<br>29.поканети гости на настанот<br>30.отворен МИО портал на веб страницата на училиштето | Стручни активи - сите наставници | јуни – 2017 год. |
| **Реализирање на проектни заеднички активности кои се планирани со парнер училиштето** | Заеднички истражувачки проект „Посета на верски објекти“.<br>Заеднички истражувачки проект „Истражување на различните култури во Република Македонија“ (интернет, книги, списанија).<br>Заеднички истражувачки проект „Свадбени обичаи“ со возрасна група.<br>Заеднички истражувачки проект „Обичаи и храна на македонска, ромска и албанска националност“. | 31.Добивање на знаења за различниоте религии, верски објекти од етничките заедници, различните култури, јазикот, историјата, заедништвото, науката , уметноста, нациналните обележја на националностите, верските празници, обичаи и храната која се подготвува за време на празниците, почитување на различни религии. Запознавање со верски објектиод двете етнички заедници.<br>32.Договор за меѓусебна соработка меѓу двете училишта.<br>33.Комуникација со партнер училиштето, во живо и преку | Директор, ППС, членови на училишниот тим и родители, претставници од општината и заедницата. | мај - јуни 2017 год. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | интернет врски.<br>34.Формирање на тимови, потребен материјал, прибор за работа, насоки за активностите, избор на ученици, просторија со компјутери, презентации, и други изработки од учениците. | | |

**Препораки за учебната 2016/2017 година**

Со проектот се продолжува и во следната година со ист интензитет – изработка на часови било во склоп на редовната настава, во склоп на вонаставните активности, за одбележување на свечености во училиштата како и на часовите од Животни вештини. Сертификацијата е извршена само кај некои наставници кои аплицираа до 15 ноември 2015 год, но поради продолжување на Проектот ПМИО, сертифицирањето е продолжено до 15 ноември 2016 година, и се очекува поголем број наставници да се сертифицираат.

Напомена: Програмата е изработена за во текот на учебната 2016/2017 година.

Сертификацијата, а и Проектот МИО е предвиден до ноември во учебната 2016 / 2017 година.

Предлог содржините за програмата за реализација на истата можат да претрпат измени во текот на годината.

Дата: Август 2016 год

Изработил:
Тим за ПМИО
кординатор на проектот:
Славица Костевска

.

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД ПРОЕКТОТ НА МОН И БРО**
**ЗАЕДНИЧКА ГРИЖА ЗА ПРАВИЛНО НАСОЧУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ**

На крајот од учебната 2015/2016 година, тимот на проектот ја следеше програмата за работа на истиот и реализира голем дел од планираните активности.

програма - 2015 / 2016

| ПРОЕКТ НА МОН И БРО | **ЗАЕДНИЧКА ГРИЖА ЗА ПРАВИЛНО НАСОЧУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ** |
|---|---|
| | ОУ„СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА |

**ЦЕЛ**: Зајакнување на врската „родител-ученик-наставник“, преку која ќе се овозможи јакнење на воспитната компонента во воспитно – образовниот процес во основното образование

| **НАСЛОВ** | **АКТИВНОСТ / НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **РЕАЛИЗАТОРИ** | **ВРЕМЕ** |
|---|---|---|---|
| **„РОДИТЕЛОТ Е НАСТАВНИК“**<br>**1** | Организација на ден на „родители-предавачи (предавања од страна на родители, стручни во одредена област)<br>-Може да се реализира на одделенски час или соодветна наставна единица | Родители во организација на наставник, со претходен договор | Најмалку по еднаш во полугодие<br>Најмалку по едно предавање за секоја генерација (може да се комбинираат генерации) |
| **ПРИРЕДБИ**<br>**2** | Вклучување на родители во тимот (комисија) за приредби<br>-музички дуети<br>-драмски претстави<br>-точка на наставници | -наставник-ученик, родител-ученик<br>-родители, наставници, ученици<br>-најчесто како завршна точка на приредба | -Ден на училиштето<br>-приредби со друг повод (Нова година, 8 Март, завршна приредба и сл) |
| **„НОВОГОДИШЕН БАЗАР“**<br>**3** | Родители, наставници и ученици заеднички да изработуваат сувенири кои би се изложувале и продавале на овој базар. Средствата би се искористиле за | -родители, наставници, ученици | -кон крај на месец декември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | подобрување на условите во училиштето или обезбедување на аудио-визуелни средства и материјали за изведување на наставата | | |
| **„ЈАС ПРОЧИТАВ-ПРОЧИТАЈ И ТИ“**<br>**4** | Заеднички настан со родители, наставници, ученици на кој ќе се врши размена на книги под наслов:<br>„Богати се оние кои другаруваат со книгите“<br>Литературно читање | -родители, наставници, ученици<br>- родители, наставници, ученици, поети<br>-библиотекарска секција | -месец на книгата (октомври/ноември)<br>-во текот на цела учебна година |
| **ОДИМЕ ВО ТЕАТАР**<br>**ОДИМЕ ВО КИНО**<br>**УЧИЛИШТЕН ТЕАТАР**<br>**5** | Заедничка посета на театарска или кино претстава<br>Драмска секција изведува драматизација со и за родителите и наставниците<br>Може да се организираат и посети на музеи, музички настани, галерии и сл. | -родители, наставници, ученици | најмалку по еднаш во полугодие |
| **ОДИМЕ НА ИЗЛЕТ**<br>**6** | Излет во неработен ден во близина на местото на живеење ( дружење) | -родители, наставници, ученици | најмалку еднаш во учебната година |
| **ЕКО ДЕН**<br>**7** | Заедничка еко-акција ( чистење на училиштето, училишниот двор, разубавување на училници, засадување на садници...) | -родители, наставници, ученици, хигиеничари<br>-соработка со локалната средина (Комуналец) | 21.03.2015-ден на екологија<br>22.04.2015-ден на планетата Земја<br>Ден на дрвото<br>Активности на Еко-тимот |
| **РОДИТЕЛСКА ОТВОРЕНА СРЕДБА**<br>**8** | Родителите индивидуално се среќаваат со предметните наставници и разговараат за успехот, дисциплината и напредокот на учениците | -родители, наставници, ученици | -секој последен понеделник и вторник во месецот за родители на учениците од V-IX одделение |
| **ОТВОРЕН ДЕН**<br>**9** | Во текот на еден ден од викендот административната служба | ППС<br>Директор | -август<br>-мај или јуни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | и наставниците да овозможат посета на училиштето од страна на родители и деца кои треба да бидат ученици во училиштето за да се запознаат со училиштето, редот, организацијата, наставници, стручни соработници и друго (кратки презентации за училиштето по претходно утврден и објавен дневен ред.<br>Образложение: Ова е првично насочено кон потенцијалните првачиња и нивните родители и кон учениците кои размислуваат каде да се запишат во средно училиште, како и кон оние кои сакаат да се префрклат од едно во друго училиште. Но може да се искористи и за индивидуални средби: родител-наставник, родител-директор/стручен соработник | Наставници за I одд.<br>Наставници од IX одд. | |
| **РАБОТИЛНИЦИ**<br>**10** | Изработка на честитки, украси (пр. за Нова Година)<br>Истражувања, експерименти на час | -родители, наставници, ученици | -во текот на цела учебна година, најмалку еднаш во полугодие |
| **ХУМАНИТАРНИ АКЦИИ**<br>**11** | Донирање, средување и носење на предмети собрани во хуманитарни акции | -родители, наставници, ученици | -кога има потреба или на иницијатива на родители и наставници |
| **КАРИЕРНО КАТЧЕ**<br>**12** | Формирање на тим за работа на кариерното катче<br>Подготовка на програма<br>Реализација на активности | -родители, наставници, ученици | -кога има можност за вклучување на родителите во активностите на катчето |

Следи табела во која што е дадена временската рамка на реализација и краток опис на самите активности.

| Ред. бр. | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ | ОПИС |
|---|---|---|---|
| 1 | **„ЕКО ДЕН“ ЗАЕДНИЧКА ЕКО-АКЦИЈА (ЧИСТЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО, УЧИЛИШНИОТ ДВОР, РАЗУБАВУВАЊЕ НА УЧИЛНИЦИ,...)** | август | Од оваа учебна година се направи нова организација на училниците и кабинетите во одделенска настава. За таа цел со поддршка на родителите се изврши санација и реновирање на сите училници во одделенска настава и кабинетот по математика во предметна настава.<br>Со поддршка на советот на родители се направи план и се помогна во секое одделение според соодветните потреби. Сите родители се вклучија во оваа акција и го дадоа својот допринес.На тој начин училниците станаа подобро место за работа на учениците. |
| 2 | **„РОДИТЕЛОТ Е НАСТАВНИК“** | Во текот на цела година | Родители држеа предавања и имаа улога на наставник во текот на редовни часови или слободни ученички активности.<br>Наставници кои реализираа ваква активност:<br>• Венета Јоновска II-5одд<br>• Снежана Стојанова III-5<br>• Анастасова Гордана IV-2<br>• Одделенски совет на IV одделение<br>• Одд.наставник Угарчева Елена V-1<br>• Марија Цветкоска V-2<br>• Валентина Вељановска V-3 одд<br>• Ана Спирова Кочанковски V-4 одд.<br>• Печипајковска Биљана V-5<br>• Оливера Илиевска, наставник по македонски јазик во осмо одд.<br>• Биљана Костовска II 4 одделение<br>• Светлана Јовановска III-2<br>• Угарчева Елена V-2 |
| 3 | **ПРИРЕДБИ** | Тековно | Родителите беа вклучени во подготовки на приредби за<br>• Ден на училиште<br>• Нова Година<br>• 8.Март<br>• Приредби при посте на институции |
| 4 | **ОДИМЕ ВО ТЕАТАР-ОДИМЕ ВО КИНО-УЧИЛИШТЕН ТЕАТАР** (други посети) | 24.9.2015<br><br>9.12.2015<br><br>10.2. 2016 | • Посета на Меѓународен фестивал на филмската камера „Браќа Манаки“<br>Стручен актив на V одделение<br>• Посета на МВР – Битола<br>Печипајковска Биљана V-5одд.<br>• Посетена е пекарата АТ ПАЗАР<br>Снежана Захариева IX-4 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 | **НОВОГОДИШЕН И ВЕЛИГДЕНСКИ БАЗАР** | 28.12.2015<br>27.5.2016 | Родителите учествуваа во подготовките (најчесто во работилници) и реализацијата на самите настани |
| 6 | **РОДИТЕЛСКА ОТВОРЕНА СРЕДБА** | секој последен понеделник и вторник од месецот | Родителите индивидуално се среќаваат со предметните наставници и разговараат за успехот, дисциплината и напредокот на учениците. |
| 7 | **ОТВОРЕН ДЕН** | август-септември<br>мај-јуни | При упис на првачиња и на почетокот на учебната година родителите се запознаваа со училиштето, редот, организацијата, наставници, стручни соработници |
| 8 | **РАБОТИЛНИЦИ** | Во текот цела година | Работилници како дел од редовните часови, додатна, дополнителна настава, слободни ученички активности или воннаставни активности<br>Наставници кои реализираа ваква активност:<br>• Оливера Илиевска VIII одд.<br>• Печипајковска Билјана V-5одд.<br>• Светлана Јовановска-III[2]<br>• Валентина Вељановска-V-3<br>• Снежана Захариева IX одд.<br>• Јасна Јанева Гулевски III-3<br>• Наташа Лавчанска VI-5<br>• Ордевска Надица I-1<br>• Пандора Алексова Запаренко I-2<br>• Светлана Јовановска III-2<br>• Снежана Стефановска III-4 |
| 9 | **ХУМАНИТАРНИ АКЦИИ** | 6.11.2015<br><br>4.12.2015 | Хуманитарна собирна акција(облека, училиштен прибор...)<br>Хуманитарна акција-донација на парични средства во соработка со Црвениот Крст-Битола |

Нереализирани активности:

- **Одиме на излет**-поради тоа што овие активности беа предвидени за неработни денови беше потешко да се организираат родителите за ваков вид на излети
- **Кариерно катче**

Препорака: Со подобра организација, овие активности остануваат да се реализираат следната учебна година

Подготвил:
Координатор на проектот: Билјана Печипајковска

## 11. УЧИЛИШНИ ОРГАНИЗАЦИИ

### ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ ОД РАБОТАТА НА УЧИЛИШНАТА ЗАЕДНИЦА ЗА УЧЕБНАТА 2015 / 2016 ГОДИНА

**ЦЕЛИ:**

**- Да се зголеми соработката и комуникацијата помеѓу учениците**

**- Зголемена информираност на учениците во донесувањето на одлуки во училиштето кои нив ги засегаат**

**- Активно вклучување на учениците при разрешување на проблеми и конфликти**

**- Организација на активности за промоција на училиштето и претприемачки активности**

**- Зголемена комуникација со менаџментот и стручната служба на училиштето**

| ПЛАНИРАНИ ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕАЛИЗАТОР | МЕТОДИ И ПОСТАПКИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ ЦЕЛИ И ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| 1.Формирање на ученички тим<br>2.Разгледување напрограмата за работа<br>3.Приредба за прием на првачињата | IX.2015 | Одговорен наставник<br>Одговорни наставници,<br>ученици | - Формирање на тим за успешна работа на училишната заедница<br>- Да се одбележи свечено почетокот на учебната година | -добро осмислување н аактивностите<br>-Развивање на Позитивен однос на првачињата<br>Кон училиштето и училишните активности |
| 1. Акција за собирање облека и обувки за социјално згрижени ученици<br>2.Разговори и информирање со стручните служби и директорот<br>3. Настан за поттикнување за користење на здрава храна | X.2015 | - Директор<br>- Ученици<br>- Наставници<br>- Психолог,<br>- Педагог | -Да се обезбеди помош на Социјално загрижени ученици<br>-Состанување на директорот/или ППС со учениците<br>-Организирање на хепенинг за здрава храна | - Поттикнувањенахуманостанаучениците<br>- Зголемено информирање на учениците во решавање на проблеми<br>- Зголемено информирање на учениците за здрав начин на исхрана |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.Акцијазаподарување<br>2. Разгледување на успехот на учениците по I тримесечие<br>3. Разговори и информирање со стручните служби и директорот | XI.2015 | -Наставник<br>-Ученичкит им<br>- Директор<br>- Педагог<br>- Психолог | -организирање на креативни работилници за изработка на подароци<br>-утврдување и начинизанадминувањенапроблемитево наставата и реализацијанаистата<br>-Состанување на директорот/или ППС со учениците | - развивање на креативни способности кај учениците<br>-развивањечувствозадружење<br>-подобрувањенауспех отнаучениците<br>-Зголемено информирање на учениците во решавање на проблеми |
| 1.Подготовки за реализација на програмата за прослава на Патрониот празник<br>2.Посета на Домот за доенчиња<br>3.Претприемачки активности | XII.2015 | -Наставник<br>-Ученичкит им<br>- Директор<br>- Педагог<br>- Психолог | -вклучување на училишната заедница во прослава на Патрониот празник<br>-собирање на облека, играчки за децата од Домот за доенчиња<br>- организирање на новогодишен хепенинг | -што поуспешно спроведување на активностите<br>-изразување на хуманост кон другите луѓе<br>- зголемено развивање на чувство за претрпиемништво |
| 1.Разгледување науспехот и поведениетонаучениците накрајотод Iполугодие | I.2016 | -наставник<br>-ученичкит им | -активностизаподобрувањенауспехот | -подобрување на успехот, поведението и редовноста на учениците |
| 1.ОдбележувањенаСв.Валентин<br>2. Разговори и информирање со стручните служби и директорот | II.2016 | - Ученици,<br>-одговорни наставници,<br>- директор, | -Поттикнувањенаучениците закористење наубавипораки во меѓусебната комуникација<br>-Состанување на директорот/или ППС | -Презентирање нанајубава љубовнапорака<br>- Зголемено информирање на учениците во решавање на проблеми |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - педагог<br>- психолог | со учениците | |
| 1. Активностипоповод 21-ви Март (Денотнаекологијата)<br>2.Организирањеналиковно-литературенконкурс<br>3. Разговори и информирање со стручните служби и директорот | III.2016 | - Наставник<br>- ученици од VI-IX одд. – членови на училишната заедница<br>- директор<br>- педагог<br>- психолог | - вклучувањенаучницитевозасадувањенасадницивоучилишниотдвор<br>- вклучување на учениците во изработканацртежи и литературнитворбиназададенатема<br>-Состанување на директорот/или ППС со учениците | - поголемаангажираностнаучениците воеколошкитеактивности<br>-развивање на ученичката креативност<br>- развивањенасвестзаефектитекоисерезултатоднасилството и ненасилството<br>- Зголемено информирање на учениците во решавање на проблеми |
| 1. ПодготовкизаЕкстерното тестирање<br>2.Разговори и информирање со стручните служби и директорот<br>3.Претприемачки активности | IV.2016 | - Ученици,<br>- одговорни наставници,<br>- директор,<br>- педагог<br>- психолог | - Дасеподигнесвестакај учениците заважноста наектерното тестирање<br>-Состанување на директорот/или ППС со учениците<br>- организирање на велигденски хепенинг | -Развиавњена позитивеноднос конекстерното тестирање<br>- Зголемено информирање на учениците во решавање на проблеми<br>- зголемено развивање на чувство за претрпиемништво |
| 1.Активности околуорганизирањенаполуматурсказабава | V.2016 | - наставник<br>- ученичкиим | - вклучувањенаучениците воорганизирањенаполуматурсказаб | - оспособувањенаучениците заорганизирањенапрослави |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ава | |
| 1.Изготвувањена извештајзаработатан аУчилишнатазаедниц а, предлозизаследнатаг одина | VI.201 6 | - Ученици, - одговорни наставниц и | -Дасезабе- лежатсите активностина Училишнатазаедниц а | - Запознавањенаучили штетосоработатана Училишната заедница |

Во ученичката заедница се вклучени 25 ученици-претседатели на Одделенските заедници од VI - IXодд. под раководство на одговорен наставник.

Во текот на Iполугодие со учениците по месеци беа реализирани следите активности:

- Во месец септември формиран ученички тим од сите ученици претседатели на Одделенските заедници. Разгледување на програмата за работа на Училишната заедница, целта беше воведување на учениците во активностите за оваа учебна година.Организирање свечен прием на првачињата во Детската организација, проследен со културно-уметничка и забавна програма.
- Месецот октомвриво чест на празникот 11 ти Октомври учениците од Училишната заедница заедно со членовите на балетската секција и натавничките Бојана Димовска Гоновска и Сања Кузмановска беа во посета на Геронотолошкиот завод СЈУ Рајдер Битола.

  На 29.10.2015 год. во нашето училиште се одржа настан под наслов: „Здраво е, од Климентина е!“. Целта на овој настан беше да им покажеме на учениците дека тие самите можат и умеат да си подготват здрав, вкусен и креативен оброк, а преку драматизации, музички точки и рецитали им прецизиравме колку е битно здраво да се храниме.
- Месец ноември по иницијатива на директорката Андријана Мигуловска учениците членови на училишната заедница беа собрани во нејзината канцеларија на заеднички состанок. Целта на ова состанување беше утврдување и начини за надминување на проблемите во наставата.
- Месец декември во чест на Патрониот празникот на нашето училиште беше организирана едукативна работилница на тема СТАКЛЕНА ГРАДИНА, ЕФЕКТИ И СТАКЛЕНИЧКИ ГАСОВИ. На оваа работилница учествуваа членови на училишната заедница како и други ученици.

  На 29.12.2015 год. во нашето училиште се одржа настан под наслов: „Климентовци - претприемачи“, Новогодишен панаѓур.Целта на овој настан беше да им покажеме на учениците дека тие самите можат и умеат да си подготват вкусен и креативен оброк, како и предмети и разни украси, а преку нивната продажбата да развијат претприемачки дух.
- Месец јануари заеднички состанок на сите членови на Училишната заедница со одговорниот наставник со цел- Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од I полугодие. На овој состанок беше разговарано за проблемите и потешкотиите што децата ги имаа во првото полугодие и изнаоѓање на начини за нивно надминување во второто.

- Месец февруари по иницијатива на директорката Андријана Мигуловска учениците членови на училишната заедница беа собрани во нејзината канцеларија на заеднички состанок. Целта на ова состанување беше зголемено информирање на учениците зарешавање на проблеми.
- Месец март по повод 8 Март наставничката Сања Кузмановска заедно со членовите од училишната заедница и др. ученици од ОУ „Св. Климент Охридски" беа во посета на Домот за стари лица Сју Рајдер - Битола. Балетската секција од нашето училиште со ученици од V-4 одд. и VI-4 одд. настапија со три балетски точки, ученици од V-5 одд. играа латино-американци танци и ученици од VI-3 одд. се претставија со драматизација. На крај им подарија по еден цвет.
  Овој месец е воедно и месец на екологијата па за таа цел наставничката Бојана Димовска Гоновска со свои ученици, како и одделенските наставнички Јасна Јанева Гулевски и Светлана Јовановска по повод Светскиот ден за заштеда на вода беа во посета на пречистителната станица за вода во с,Дихово.
- Месец април Претприемачки активности. Во пресрет на Велигденските празници беше организиран Велигденски хепенинг. Целта на ваквите собири е развивање на претприемачки дух кај учениците уште од најмали нозе.
- Мај е месец на натпревари, па во рамките на Еко проектот беше организиран натпревар на тема Еко град од тетрапак амбалажа. Во нашето училиште беа формирани три тима предводени од наставниците Бојана Димовска Гоновска, Андриана Димитров, Катерина Трајковска како и Крстеска Ленче и Тодоровски Стевче (стручна консултација). Во тимовите главно учество имаа учениците кои ги изработуваа моделите од терапак амбалажи. Трите макети од Еко град учествуваа на натпревар организиран во Скопје. Со вакви учества го развиваменатпреварувачкиот дух кај децата.
- Месец јуни Активности околу организирање на полуматурска забава (разговори околу избор на дата, место и време на прослава). На последниот состанок од оваа учебна година беше разговарано и за професионална ориентација на деветто одделенците.

**Планирани активности за наредната година (оние кои не се реализраа оваа)**
Акција за собирање облека и обувки за социјално згрижени ученици, акција за подарување, посета на Домот за доенчиња, одбележување на Св.Валентин,

**Одговорен наставник: М-р Бојана Димовска Гоновска**

## *Извештај за реализирани активности –соработка со НВО сектор-*

**ЦЕЛИ:** Вклучување на учениците во различни активности кои се поврзани со наставата и надвор од неа, социјализација, мотив за поголема работа и презентација на истата. Потенцирање на инклузивното образование со вклучување на децата со посебни образовани потреби.

**ПЛАНИРАНИ ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ:**

- Волонтерски час- МКЦ
- Волонтерска акција-МКЦ
- Проект: Хербариум-МКЦ
- Трибина за заштеда на водата-Биосфера
- Одбележување на светскиот ден за заштита на детето од злоупотреба-АМОС
- “Обои ме во пријател“ – Медународен ден на лицата со посебни потреби- Лајонс Клуб „Кабадаја“
- Светски ден на Аутизмот- Лајонс Клуб „Кабадаја“

***РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ:***

| Ред. бр. | АКТИВНОСТ | **ВРЕМЕ** | **ОПИС** |
|---|---|---|---|
| 1 | ❖ НВО -YMCA- презентација „Битола на точак“ | 17.11.2015. | Во рамките на оваа презентација кај учениците се поттикна свеста за почитување,одржување и придонесување заштита на природата,а акцентот беше ставен на чистиот воздух и здравјето на луѓето. |
| 2. | ❖ -Младински образовен форум Скопје во соработка со МКЦ Битола – едукативен филм со еколошка содржина „Соочување со животните“ | 19.11.2015. | На презентацијата на едукативниот филм присуствуваа ученици од различни возрасни групи.содржината на филмот кај учениците ја поттикна љубовта кон животните ,а воедно и грижата кон нив. |
| 3. | ❖ -Лајонс клуб Кабадаја- “Обои ме во пријател“ – Меѓународен ден на лицата со посебни потреби | 3.12.2015. | Целта која беше поставена:Од најмладите да создадеме луѓе кои се свесни за различните од нас и да умеат да подадат рака за да им променат барем еден ден во животот се постигна преку традиционалниот Марш на Широк Сокак каде учество зедоа ученици од нашето училиште |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | ❖ Лајонс клуб Кабадаја -учество на одбележување на Патрониот празник на ученици од Заводот за рехабилитација за слух, говор и глас на деца „Кочо Рацин“. | – 4.12.2015. | Во проториите на Дневниот престој се реализира ликовна работилница со ученици кои го посетуваат престојот и ученици од Заводот за рехабилитација за слух, говор и глас на деца „Кочо Рацин“. Учениците работеа во групи, изработуваа честитки, цртаа, боеа, сечеа, лепеа. Во активностите подеднакво беа вклучени сите ученици, имаше тимска работа, пријатна атмосфера, учениците соработуваа, си помагаа меѓусебно.Исто така учениците од Заводот за рехабилитација за слух, говор и глас на деца „Кочо Рацин“ настапија и на централната манифестација со своја точка. |
| 5. | ❖ Биосфера и МКЦ-соработници во театарската новогодишна претстава„Новогодишни желби“ | –25.12.2015.- | Во училишната трпезрија се одржа театарска престава со сенки„„Новогодишни желби“.На истата учество зедоа учениците од III-5 и IV-2одд.под менторство на нивните наставнички Снежана Стојанова и Гордана Анастасова.Подготвките за претставата беа во соработка со волонтери од МКЦ и Биосфера. |
| 6. | Работилница Здрави заби за здрав живот – убава насмевка за секое дете – Проект на Ротаракт Клуб Битола | 25.3.2016. | По повод Светскиот ден на оралното здравје во нашето одделение се реализира работилницата за здрави заби. Реализатори на активноста беа доктор Михајло Милевски и членосвите на Ротари клуб Симона Стаменковиќ и Марија Мерковска. Учениците ги проширија знаењата за забите, како да се одржува хигиената и кое средство и прибор за одржување на хигиена за забите за што служи. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | Потпишан меморандум за соработка со Икогнито | 11.5.2016. | Претседателот на НВО Инкогнито од Битола и директорката наОУ„Св.Климент Охридски“-Битола потпишаа меморандум за соработка и истата со одредени активности ќе започни од наредната учебна година. |
| 8. | Работилница „Учиме за билките“ со МКЦ Битола | 13.5.2016. | Работилницата ја реализираа Маја Англеовска и Мери Нашоку. Преку картички учениците се запознаа со билките кои ги има во нашето место. Тие видоа како изгледаат, како мирисаат и аучија која билка за што служи. На крај секој ученик доби мини сликовница за билките кои што ги има на Пелистер. |
| 9. | Работилница „Безбедни на интернет“ со МКЦ Битола | 2.6.2016. | Работилницата ја реализира Марија Мерковска. Преку презентација ги воведе учениците за тоа како да се заштитат на интернет. Потоа учениците кажуваа примери што ги имаат слушнато. И преку рефлексија на работилницата заклучија што смеат а што не смеат да прават на интернет – научија како да бидат безбедни на интернет. |

***Напомена:Актинвостите под реден број 6,8 и9 се реализираа со IV-2 оддление, одделенски наставник Гордана Анастасова.***
***Заклучок:Соработката со НВО во текот на учебната година беше на доста високо ниво се реализраа активности кои не беа предвидени со програмата на почетокот на учебната година.***
***Препораки за наредната учебна година:Продлабочена соработка со горенаведените НВО како и проширување на истата со други.***

***Изготвил***
***Координатор***
***Снежана Стојанова***

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДЕТСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ОД ОУ.„СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“- БИТОЛА, УЧЕБНАТА 2015/2016, КООРДИНАТОРИ БИЛЈАНА ЈОВАНОСКА, НАТАША ЛАХЧАНСКА

| СОДРЖИНА | ЦЕЛИ | РЕАЛИЗАТОР | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| Прием на првачињата во детската организација на Македониј со свечена заклетва.<br>Посета на јавна јавна установа – Дом за деца без родители - | По повод Светскиот ден на детето, Денот на детето и Детската недела да им се посвети посебно внимание на децата во Р.Македонија со цел да се види што е сторено и што треба да се превземе за подобрување на грижата и заштитата на децата. | ОУ.„Св.Климент Охридски“ – Битола, во соработка со Сојузот за грижа и воспитување на децата во Р.Македонија | Првата недела од месец Октомври 5-9.10.2015 | Прием на првачињата во Детскта организација на Р.Македонија, по повод Светскиот ден на детето, низ низа активности во првата недела од месец октомври. |
| Меѓународен проект со децата.<br>Конкурс за пишување писмо по повод – Светскиот ден на поштите | Воспоставување на соработка со сродни здруженија од соседните земји и другите земји во светот. | ОУ.„Св.Климент Охридски“ – Битола, во соработка со Сојузот за грижа и воспитување на децата во Р.Македонија и АД„Македонска пошта“ | Детската недела Октомври 2015 | Афирмација на младите ликовни творци на државно и меѓународно ниво. |
| Творечка акција.<br>Недовршен расказ на теми Екологијата и сообраќајот. | Творечка акција од особен интерес и во полза за доброто на децата и државата. | ОУ.„Св.Климент Охридски“ – Битола, во соработка со Сојузот за грижа и воспитување на децата во Р.Македонија и Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата на Р.М | Во текот на летните месеци се до Детска недела 2015 | Акцијата да им овозможи на децата со помош на својата фантазијата да понудат најразлични решенија на дадените теми. |
| Меѓународен ликовен | Воспоставување на соработка со сродни | ОУ.„Св.Климент Охридски“ – | 11 Декември 2015 | Афирмација на младите ликовни |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| конкурс.<br>По повод – Денот на УНИЦЕФ | здруженија од соседните земји и другите земји во светот. | Битола, во соработка со Сојузот за грижа и воспитување на децата во Р.Македонија и Детската галерија од Торуњ - Полска | | творци на државно и меѓународно ниво. |
| Фестивал на детскиот хумор „Трошка детски шеги“ пишување и цртање на теми: Безбедноста во сообраќајот и животот во училиштето. | Воспоставување на соработка со сродни здруженија, општински и граѓански организации. | ОУ.„Св.Климент Охридски“ – Битола, во соработка со Сојузот за грижа и воспитување на децата во Р.Македонија и Сојузот на ликовни педагози на Македонија; Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Р.М и издавачките куќи „Просветно дело„ и „Детска радост“ | Денот на шегата 1.4.2016 | Покрај творештвото да се внесе и малку ведрина кај децата. Децата на хумористичен начин да го насликаат светот околу себе. |
| Средба на младите историчари на Македонија | Традиционална средба на децата историчари. | ОУ.„Св.Климент Охридски“ – Битола, во соработка со Сојузот за грижа и воспитување на децата во Р.Македонија и Сојузот на друштвата на историчарите на Македонија | Април 2016 | Средба која ке им овозможи на младите историчари да го презентираат знаењето за минатаото и да се претставаат како млади истражувачи на родно крајната историја. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Фестивал на детското поетско творештво на Македонија „Детски лирски треперења“ | Творечка акција од особен интерес и во полза за доброто на децата и државата. | ОУ.„Св.Климент Охридски“ – Битола, во соработка со Сојузот за грижа и воспитување на децата во Р.Македонија и Струшките вечери на поезијата | Мај-Јуни 2016 | Можност за присуство на отварањето на Струшките вечери на поезијата, детско поетско матине, средба со писател, детска поетска лабараторија, крајзерска поетска вечер и други активности |
| Детски Рацинови средби | Творечка акција од особен интерес и во полза за доброто на децата и државата. | ОУ.„Св.Климент Охридски“ – Битола, во соработка со Сојузот за грижа и воспитување на децата во Р.Македонија | Август 2016 | Во рамките на своите можности да соработува и учествува во други здруженија, кои се однесуваа на децата. |
| Мал Битолски монмартр | Творечка акција од особен интерес и во полза за доброто на децата и државата. | ОУ.„Св.Климент Охридски“ – Битола, во соработка со Сојузот за грижа и воспитување на децата во Р.Македонија | | Во рамките на своите можности да соработува и учествува во други здруженија, кои се однесуваа на децата. |

**Напомена:** Програмата на детската организација во текот на учебната година може да претрпи изменување и дополнување, зависно од актуелноста на одредени прашања и проблеми.

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДЕТСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ,УЧЕБНАТА 2015/2016
ПРИ ОУ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

| Ред. бр. | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ | ОПИС |
|---|---|---|---|
| 1 | Приредба по повод формирањето на паралелките во прво одделение | 1.9.2015 год. | Свечен прием со краткта приредба, изведена од учениците од петтите одделенија, при формирањето на паралелките од прво одделение. |
| 2 | Прием на првачињата во Детската организаија | 9.10.2015 год. | По повод Светскиот ден на детето, Детската недела и Денот на детето, нашето училиште се изведе свечен прием на првачињата во Детската организација, проследено со културно - уметничка и забавна програма. Манифестацијата посветена на првачињата од нашето училиште беше организирано од страна на децата и наставниците од II до V одделение. |
| 3 | Посета на јавна институција во Домот за деца без родители во Битола. | 9.10.2015 год. | Запознавање на првачињата со работата, начин на функционирање, на државна или општинска институција. Потоа следуваше заедничко дружење на нашите со тамошните деца во ниниот забавен парк. |
| 4 | Хуманитерна акција на бебешка хемиска роба за Домот за деца без родители. | 9.10.2015 год. | Донторска акција според потребите, односно недостигот на сресства на оваа институција беше хемиската бебешка роба. |
| 5 | Хуманитарна акција со купување поштенска маркица од 5 денари, детска недела. | 5.10 – 9.10.2015 год. | Собраните пари од хуманитарната акција се наменети, од деца за деца , за нивни потреби тековно според потребите на децата од нашето училиште. |
| 6 | Литературен конкурс на 2 теми, од сообраќајот и екологијата.<br>Недовршен расказ... | Април 2016 | Од приложените недовршени раскази „ГРАДОТ НА ИСЧЕЗНАТИТЕ ВЕЛОСИПЕДИ„ и Да е чисто, да е здраво „РЕДОТ- КАКО МЕДОТ“ требаше да се состави завршеток. Нема наградени или пофалени ученици од нашето училиште. |
| 7 | 37 Фестивал на детско поетско творештво на Македонија, Детски лирски треперења.<br>Слободна тема. | Април-Мај 2016 | Учениците од нашето училиште не зедоа учество. |

Координатор
Билјана Јованоска

## 12. ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА СТРУЧНИТЕ АКТИВИ

Стручните активи во оваа учебна година работеа според доставените програми на почетокот на учебната година, што воглавно се реализираа преку:

-посета на сите обуки организирани во и надвор од училиштето, организирани и поддржани од Министерството и БРО, во соработка со повеќе компетентни институции.

- масовното и квалитетно учество при одбележувањето на Денот на училиштето.

-реализација на отворени часови, со акцент на часови од проектите ЕКО и МИО. Истите транспарентно се најавуваат, а може да ги набљудува секој заинтересиран наставник, без оглед во кој актив припаѓа.

Годишен извештај за работата на Стручниот актив на I одделение
за учебната 2015/2016 година
О.У.„Св.Климент Охридски“ – Битола

**ЗАКОН ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**
**Член 144**

1. *Стручниот актив е стручен орган во училиштето, а го сочинуваат наставниците од ист предмет или сродна група на предмети.*
2. *Стручните активи на училиштето ги усогласуваат критериумите за планирање на наставата и за оценување на постигањата на учениците, даваат предлози на наставничките совети на училиштето за подобрување на воспитно-образовната работа, одлучуваат за употреба на учебниците во основното училиште, расправаат за забелешки од родителите, учениците и вршат други стручни работи предвидени со годишната програма за работа на училиштето.*

**ЦЕЛ НА СТРУЧНИОТ АКТИВ I одделение**

Основна цел на Активот е да води грижа за унапредување на воспитно - образовниот процес по предметите или подрачјата за кои постои, да разменува мислења, да дава предлози и укажувања, да бара начина за надминување на проблемите во наставата.

Членовите на Активот во I одделение, со својата работа придонесуваат за развивање на љубовта кон сите наставни предмети, продлабочување на знаењата кај талентираните ученици, подготвување на ученици кои ќе учествуваат на регионални, републички и меѓународни натпревари, но и организираат настава за деца со потешкотии за учениците кои покажуваат слаб успех и многу други активности кои се во насока на задоволување на потребите на учениците. Во рамките на Стручниот актив се врши распределба на часови по одделенија, како и предлог годишни задолженија на наставниците. Стручниот актив дава предлог за набавка на наставни средства и помагала, за што поуспешно спроведување на наставата.

За да се задоволат образовните цели во I одделение, членовите на Активот перманентно стручно се усовршуваат, преку посета на семинари, обуки, самостојно усовршување и други облици, а стекнатите знаења практично ги применуваат во секојдневната работа. Се применуваат активни методи на настава/учење кои во комбинација

со компјутерите во наставата одлично придонесуваат за постигнување на образовните цели, но и практична примена на наученото.

Членовите на Активот тимски работат во изработка на наставните планови и програми, подготката на тестовите, програмите за работа со талентирани деца и деца со потешкотии, слободни ученички активности и програмата за работа на активот. Резултат на тоа се квалитетно изработени наставни планови и програми кои постојано се ревидираат и прилагодуваат кон потребите на учениците.

## ЗАДАЧИ НА СТУЧНИОТ АКТИВ ВО I ОДДЕЛЕНИЕ

## ВОСПИТНО- ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

- предлагање начини за подобрување и осовременување на воспитно - наставниот процес
- подобрување на квалитетот на наставата преку внесување на современи форми на работа и нагледни средства во наставниот процес
- набавка, чување и користење на нагледни средства
- избор на учебници и дополнителна литература за изведување на наставата
- усогласување на критериумите за планирање на наставата и за оценување на постигнувањата на учениците(изработка на стандардизирани тестови)
- имплементација на ИКТ во наставата по сите предмети
- имплементација на ЕКО и МИО содржини во наставата по сите предмети

## СОРАБОТКА СО НАСТАВНИЦИ

- меѓусебно помагање во изработка на годишните програми преку пренесување на искуства од примена на стратегии и техники во претходното одделение
- меѓусебно помагање и координирање на активностите на наставниците
- усогласување на критериумите за планирање на наставата и за оценување на постигнувањата на учениците
- зголемување на мотивацијата и одговорноста на наставниците за сопственото напредување
- стручно усовршување на наставници
- помош на наставници – почетници и менторски совети на приправници
- соработка со наставници од останатите Стручни активи- интегрирана настава, како и соработка и размена на искуства со наставници од другите училишта

## ЧЛЕНОВИ НА СТРУЧНИОТ АКТИВ ВО I ОДДЕЛЕНИЕ:

- Надица Ордевска I – 1 одделение – **Претседател на Стручниот актив**
- Пандора А.Запаренко I – 2 одделение
- Жанета Лутовска I – 3 одделение
- Ирена Трајковска I – 4 одделение
- Верка Наумовска I – 5 одделение

**ПЛАН НА АКТИВНОСТИ ПО МЕСЕЦИ ЗА УЧЕБНАТА 2015/16 ГОДИНА**

АВГУСТ

**Содржина**

1. **Избор на претседател на Активот во I одделение.**
2. **Изработка на програми за работа на Стручниот актив, инструменти, потребни материјали за тековната година.**
3. **Донесување и усвојување на програмата за работа во учебната 2015/2016 година.**
4. **Разгледување на предлог Годишната програма за работа на училиштето и Развојниот план на училиштето.**
5. **Евидентирање на постоечките наставни средства, помагала и литература и евентуална набавка на нови.**
6. **6.Договор за користење на учебници и дополнителна литература за учебната 2015/2016 година, одобрени од МОН.**

**Цели**

1. **Формирање на Стручен актив во I одд.**
2. **Донесување на програма на Стручниот актив;**
3. **Изнесување мислење за Годишната програма за работа на училиштето и Развојниот план на училиштето и имплементација на планираните активности во програмата на Стручниот актив;**
4. **Набавка на дидактички материјали за I одделение во согласност со новата наставна програма во соработка со *Cambridge International Examinations;***
5. **Избор на учебници и дополнителна литература.**

**Реализатори**

1. **Директор**
2. **Педагошка служба**
3. **Библиотекар**
4. **Наставен кадар од I одделение**

**Очекувани ефекти**

- **Подобрување на квалитетот на работата на активот.**
- **Осовременување на наставата и прифаќање на новитетите од МОН и БРО за учебната 2015/2016.**

**СЕПТЕМВРИ**

**Содржина**

1. **Разговор околку подготовките на годишните, тематските и дневните распределенија (редовна настава).**
2. **Усогласување на индивидуалните критериуми за оценување кои што ги користат**

наставниците за оценување на учениците

3. Вметнување избрани точки на акција од програмите за

   - “Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем”
   - “ Меѓуетничка интеграција “

4. Размена на мислење за реализација на наставни содржини со помош на Smart – таблата
5. Изработна на инструменти за евидентирање на индивидуални средби со родители
6. Изработка на ИОП
7. Посета на семинари и обуки и размена на искуства од истите

**Цели**

1. Разгледување на новите наставни програми и промени и дополнување на старите
2. Изработка на годишно планирање на наставата и воннаставни активности.
3. Договор за координација на годишните, тематските и дневните планирања
4. Изработка на инструменти за континуирано следење, проверување и оценување на напредувањата на учениците.
5. Изработка на стандарди и критериуми за оценување и инструменти за следење и вреднување на постигањата;
6. Изработка на програма за талентирани ученици;
7. Изработка на програма за работа со деца со потешкотии;
8. Вклученост на родителите во воспитно-образовниот процес;
9. Извештај на евентуалните одржани семинари и советувања за наставниците (пренесување на сознанијата);

**Реализатори**

1. Наставен кадар I одделение
2. ППС
3. дефектолог

**Очекувани ефекти**

- Подобрување на работата на наставниот кадар и следењето на напредокот на учениците и наставниците.

- Индивидуализација на наставата.

- Осовременување на наставните средства и материјали –е-Библиотека

**ОКТОМВРИ**

**Содржини**

1. Размена на искуства и мислења при реализација на наставните содржини-форми, методи, техники, примена на ИКТ,Cambrige и оценување;

2. **Изработка на план за посета на отворени часови со примена на современи форми на работа ;**
3. **Изработка и текстуално прилагодување на евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување;**
4. **Посета на обуки и работилници .**

**Цели**

**1.Претплата на стручни списанија (доброволно)**
**2.Примена на иновации и нови методи и техники на учење, објективно вреднување на постигнувањата на учениците**
**3.Планирање на отворени часови, анализа на извршена посета и поднесување на извештај на ниво на актив**
**4.Изработка на електронска форма на евидентен лист**
**5.Креирање електронска база на податоци за потребите на членовите на стручниот актив**
**6.Професионално усовршување на наставниците – интерни обуки**

**Реализатори**

- **Наставен кадар I одделение**
- **Стручни соработници**

**Очекувани ефекти**

- **Унапредување на воспитно-образовниот процес.**
- **Стручно усовршување на наставниот кадар согласно со современите текови за подобрување на квалитетот на наставата.**
- **Напредно водење на електронска документација**

**НОЕМВРИ**

**Содржини**

1. **Активности со учениците по повод Денот на училиштето;**
2. **Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечие;**
3. **Утврдување на критериумите за оценување на учениците;**

**Цели**

- **Учество на активот во подготовките за обележување на Денот на училиштето;**
- **Разгледување на успехот на учениците на крајот од првото тримесечие;**
- **Предлог мерки за подобрување на успехот на учениците;**
- **Анализа на реализираноста на наставната програмата, како и програмите за МИО/СУА/ОВЖ/ИКТ.**

**Реализатори**

- Наставен кадар I одделение

**Очекувани ефекти**

- Подобрување на работата на наставниот кадар и подобрување на наставата.

**ДЕКЕМВРИ**

**Содржини**

1. Активности за Денот на училиштето.
2. Активности за Новогодишниот базар.
3. Анализа на успехот и поведението на крај на првото полугодие.
4. Изготвување и текстуално прилагодување на евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување.

**Цели**

- Учество на Активот во обележување на Денот на училиштето;
- Предлог мерки за подобрување на успехот на учениците;
- Анализа на реализираноста на наставната програмата.

**Реализатори**

- Наставен кадар I одделение
- Родители

**Очекувани ефекти**

- Засилена соработка со родителите

**ЈАНУАРИ**

**Содржини**

1. Размена на мислења од реализацијата на наставата во прво полугодие-предности и недостатоци
2. Изработување на полугодишен извештај за работа на стручниот актив
3. Посета на семинари и обуки и размена на искуства од истите

**Цели**

- Разгледување на успехот на учениците на крајот од првото тримесечие
- Предлог мерки за подобрување на успехот на учениците
- Анализа на реализираноста на наставната програмата.

**Реализатори**

- **Наставен кадар I одделение**

**Очекувани ефекти**

- **Подобрување на работата на наставниот кадар и подобрување на наставата.**

**ФЕВРУАРИ/МАРТ**

**Содржини**

1. **Изготвување на тематско планирање**
2. **Подготовка на наставни ливчиња и проектни активности**
3. **Отворен час „Во пресрет на пролетта“**
   - **Разубавување на ходниците и училниците со цвеќиња од одделенските наставници на I – 1 и I -2 одделение.**
4. **Изготвување на евидентни листови по нивоа.**

**Цели**

**1.Споделување на искуства и дидактички стратегии**

**2. Осовременување на воспитно – образовниот процес преку реализирање на активности и цели од еко проект.**

**Реализатори**

- **Наставен кадар на I одделение**

**Очекувани ефекти**

**Подобрување и осовременување на наставата.**

**АПРИЛ/МАЈ**

**Содржини**

1. **Изготвување на тематско планирање**
2. **Договор за велигденска работилница**
3. **Отворен час „Што им е потребно на растенијата за да растат“**
   - **Да ги научат основните фактори што се потребни за живот на растенијата/да умеат да истражуваат I – 3 одделение.**

4. **Отворен час „На излет“**
   - **Развивање на еколошка свест I – 5 одделение.**

| **ЈУНИ** |
| --- |
| **Содржини** |

1. **Констатирање на резултати од наставни и воннаставни активности.**
2. **Дефинирање на критериуми и стандарди за сумативно оценување.**
3. **Средување на портфолиата на учениците за интерно оценување.**

| **Реализатори** |
| --- |

- **Наставен кадар на прво одделение**

ГОДИШЕН **ИЗВЕШТАЈ**
СТРУЧЕН АКТИВ I ОДДЕЛЕНИЕ
2015/2016

Во текот на учебната 2015/2016 година, СТРУЧЕНИОТ АКТИВ НА I ОДДЕЛЕНИЕ ја следеше програмата за работа на истиот и ги реализира сите планирани активности и вкупниот број на реализирани активности е 6. Следи листа со реализираните активности во текот на целата учебна година, а потоа табела во која што е дадена временската рамка на реализација и краток опис на самите активности.

1. Адаптација на учениците во новата училишна средина;
2. Реализација на наставните содржини по одделни предмети;
3. Активности по повод Денот на училиштето;
4. Активности за Новогодишниот пазар;
5. Активности за Велигденскиот пазар;
6. Реализација на отворени часови.

| Ред. бр. | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ | ОПИС |
|---|---|---|---|
| 1 | Адаптација на учениците во новата училишна средина | Прво полугодие | Во врска со адаптацијата на учениците на новата училишна средина можиме позитивно да се изјасниме, учениците се прилагодија на средината без некои поголеми проблеми. За време на часовите постои работна атмосфера, сите ученици покажуваат интерес кон наставните содржини и истите успешно ги реализираат. |
| 2 | Реализација на наставните содржини по одделни предмети; | Прво полугодие | Во всрка со реализацијата на наставните содржини може да кажеме дека истите успешно се реализираат со исклучок на наставните содржини по математика и природни науки. За предметот математика сите наставници наидуваме на потешкотии при реализацијата поради обемен наставен материјал, немање на доволно манипулативи за работа и поради немање на континуитет во наставните содржини и работни листови. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | По предметот природни науки во учебникот и работните листови се наиде на проблеми од типот пишување на текст, а учениците не се описменети и во истите не сме во можност да работиме, а се дадени како материјал во кој се бара извршување на одредени задачи и активности. Единствено можеме да ги искористиме само илустрациите каде се бара да се поврзи или опиши некој предмет или појава. |
| 3. | Активности по повод Денот на училиштето | 3.4.12.2015 година | По повод Денот на училиштето на тема „Светлината како универзална категорија“, Стручниот актив на прво одделение зеде учество со сите ученици.<br>На 3.12.2015 година учествуваа I -1 и I – 2 одделение и настапија со детски песнички.<br>На 4.12.2015 година настапија I -3, I -4 и I -5 одделение исто така со детски песнички.<br>Приредбата беше проследена од сите родители и истите покажаа големо задоволство за истата. |
| 4 | Активности по повод Новогдишниот пазар | –<br>28.12.2015 година | На Новогодишниот пазар, учениците беа вклучени во активностите заедно со своите родители во продажбата на изработки од храна. Задоволството беше големо од страна на родителите, беа собрани парични средства и за истите беше задолжен по еден родител од секое одделение и тој ќе донесе одлука како тие да бидат употребени за паралелката. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | Активности по повод Велигденскиот пазар | 28.4.2016 година | На Велигденскиот пазар, учениците беа вклучени во активностите заедно со своите родители во продажбата на изработки на велигденски корпи и храна. Задоволството беше големо од страна на родителите, беа собрани парични средства и за истите беше задолжен по еден родител од секое одделени и тој ќе донесе одлука како тие да бидат употребени за паралелката. |
| 6. | Реализација на отворени часови | Второ полугодие | Во текот на второто полугодие според Годишната програма беа планирани отворени часови од страна на сите наставници од советот на прво одделение и истите беа реализирани и посетени од страна на ППС на училиштето. |
| | **Изготвил: Надица Ордевска – Претседател на Стручниот актив на I одделение** | | |

Забелешка: Стручниот актив на прво одделение нема препораки за наредната учебна година.

ГОДИШЕН **ИЗВЕШТАЈ**
СТРУЧЕН АКТИВ НА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ
2015/2016

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ ВО ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА**

**Стручен актив на II одделение 2015.2016**

**НАСТАВНИЦИ ВО СТРУЧНИОТ АКТИВ: Љубица Ширановиќ, Билјана Јованоска, Марика Костовска, Билјана Костовска и Венета Јоновска**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ: Љубица Ширановиќ**

| СОДРЖИНА | ЦЕЛИ | РЕАЛИЗАТОРИ И СОРАБОТНИЦИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| 1. Избор на претседател на Стручен актив | Избор на претседател на Стручен актив | Стручен актив | 21.8.2015 | Изршување на избор на претседател на Стручен актив |
| 2. Донесување на програма за Стручен актив | Изработка на програма за работа на Стручниот актив | Стручен актив | 27.8.2015 | Донесување на програма за работа на Стручниот актив |
| 3. Изработка на програми за работа на Стручниот актив, инструменти, потребни материјали за тековната година | Изработување на Годишна програма за второ одделение со потребните инструменти и материјали за тековната година | Стручен актив | 27.8.2015 | Подобрување на работата на Стручниот актив |
| 4. Месечни состаноци за дискусија и споделување на мислењата и искуствата на наставниците на активот во текот на работата | Подобрување и реализација на програмата на Стручниот актив | Стручен актив | 30.09.2015 | Подобрување и реализација на програмата на Стручниот актив |
| 5. Посета на семинари и обуки и размена на искуства од истите | Професионално усовршување на натавниците од второ одд | Стручен актив | 5.11.2015 | Професионално усовршување на натавниците од второ одд |
| 6. Разгледување на успехот и поведението на учениците на | Изготвување на описни оценки за прво полугодие и | Стручен актив | 20.112015 | Соодветни описни оценувања на учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| полугодие/ крај на година | карај на годината | | | |
| 7. Одржување на отворени часови | Презентирање на нови техники и стратегии | Стручен актив | 2015/2016 | Подобрување на воспитно-образовниот процес |
| * Отворен час- природни науки -Изрзботка на упатства за одржување на дворот | Тема 4 Уреден двор – Здрава и чиста внатрешна средина за учење и работење. Обезбедување на здрави услови за учење и работење во училиштето. | Љубица Ширановиќ | 20.11. 2015 | Тама 4 Уреден двор Здрава и чиста средина за учење и работење во училиштето Наводнување на зелените површини |
| * Отворен час ликовно образование: -Загаденоста на водата(ИКТ) | Тема 1 Вода Намалување на потрошувачката на вода во споредба од претходната година | Марика Костовска | 17.11. 2015 | Тема 1 Вода Животна средина чиста и загадена |
| * Отворен час по ФЗО Влијание на физичката активност врз здравјето | Тема 8 Здравје Правилен развој на децата | Јованоска Билјана | 10.4. 2016 | Тема 8 Здравје Правилен развој на децата |
| * Отворен час по природни науки Изрботка на упатства за рационално користење на енергијата | Тема 2 Енергија Намалување на потрошувачката на енергија | Јоновска Венета | 20.5.2016 | Тема 2 Енергија Намалени сметки за енергија во споредба со претходната. |
| * Оворен час по природни науки Анализа на состојбата на училишната зграда Уреден двор | -Тема 3 Одржување на зградата и здрава средина во училиштето | Билјана Костовска | 5.6.2016 | Тема 3 Уреден двор –состојбата на училишната зграда |
| 8. Подготвување на учениците за | Подготовка на учениците за | Стручен актив | Јуни/2015/2016 | Добри резултати од учеството на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| претстојни натпревари | престојните натпревари | | | натпреварите |
| 9. Дискусија за резултатите од натпреварите | Анализа на добри и слаби страни во подготовката на учениците за натпревари, за идната година | Стручен актив | Јуни/2015/2016 | Подобри резултати за идната година |
| 10. Сертифицирање на наставници | Развој на стручноста на наставниот кадар | Стручен актив | 2015/2016 | Усовршување на стручноста на наставниот кадар |
| 11. Менторирање на наставник приправник | Насочување во наставно-воспитната работа на наставникот приправник | Стручен актив | 2015/2016 | Успешна реализација на воспитно-образовната работа на наставникот приправник и вклопување на истиот во работниот колектив |
| 12. Менторирање на студенти | Подготовка на студентите за идното занимање | Стручен актив | 2015/2016 | Успешна реализација на праксата |
| 13. Договор за тестови и писмени работи | Адекватно изработување на тестови | Стручен актив | 2015/2016 | Соодвестување на тестовите со реалните знаења и можности на учениците |
| ЗАБЕЛЕШКА: Програмата ќе биди применлива и променлива во текот на учебната година во зависност од потребите | | | | |

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ НА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УЧЕБНАТА 2015/2016 ПРИ ОУ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

| Ред. бр. | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ | ОПИС |
|---|---|---|---|
| 1 | Разгледување на Годишната и Развојната програма на училиштето. | 3.9.2015 | За првата точка сите наставници ги разгледаа Годишната и Развојната програма на училиштето и немаа посебни забелешки. |
| 2 | Потешкотии во реализацијата на програмата по Кембриџ по природни науки, математика и учебникот по македонски јазик . | 5.11.2015 | Со програмите по Кембриџ по математика и природни науки наидуваме на потешкотии заради неприлагоденоста со возраста на учениците. Ние наставниците тоа го надминуваме со нашето искуство и примена на повеќе нагледни средства и успеваме во реализацијата на истите. Исто така и учебникот по македонски јазик не е соодветен бидејќи паралелно се обработуваат печатните и ракописните букви што создава збрка кај учениците при пишувањето на текстови (мешаат печатни и ракописни букви) |
| 3 | **Отворен час** –Програма-Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем. Интегриран час по природни науки и ликовно образование. Тема-Уреден двор здрава и чиста околина | 19.11.2015 | Отворениот час се одржа со учениците од второ еден одделение на наставничката Љубица Ширановиќ во училишниот двор. Учениците активно учествуваа на часот,соработуваа и ги релизираа поставените задачи. Главната цел беше да сватат, дека загадените зелени површини се штетни по здравјето на луѓето и дека секој може да придонесе за зачувување на околината со своето однесување. |
| 4 | Повторно разгледување на учебникот по македонски јазик | 1.12.2015 | По предметот македонски јазик, во изучувањето на почетното читање и пишување, наставниците се согласија дека напоредното учење на печатните и ракописните букви е напорно за учениците. Затоа ќе продолжиме само со изучување на печатните букви. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 | Збирен извештај за извршеното тестирање на брзината на читањето во минута во второ одделение за првото полугодие во учебната2015/16год. | 17.2.2016 | Стручниот актив на второ одделени со педагогот на училиштето ги разгледа резултатите од тестирањето на учениците. Од вкупно 116 ученици тестирани биле 116.Прочитани зборови во минута 3641,односно 31,38 по ученик. Грешно прочитани зборови 113 или 0,97 по ученик. Точно прочитани зборови 3528,а во просек 30,41 по ученик. Бројот на прочитани зборови на ниво на второ одделение се движи од најмалку 5 до најмногу 59 зборови прочитани во една минута. Просекот на прочитани зборови е речиси идентичен со просекот на прочитани зборови со минатите грнерации во овој период. Заклучивме дека учениците треба повеке да читаат, заради збогатување на речникот и да добијат поголема брзина во читањето. |
| 6 | Одбележување на месецот на ЕКОЛОГИЈАТА | 18.3.2016 | Стручниот актив на второ одделени со сите ученици и наставници зеде активно учество во обележувањето на месецот на Екологијата-март.Во пригодната програма учествуваа и нашите ученици со музичкта точка ,,Еколошка песна,,предводена од наставничката Марика Костовска. Присутните гости на овој настан топло ги поздравија нашите учесници. |
| 7 | Чиста вода долг живот | 22.3.2016г | Стручниот актив на второ одделени со неколку ученици и наставници учествуаше во квизот организиран од ЕКО-тимот ЕКО училиште на тема ,,Чиста вода- долг живот''. Учениците научија како се прочистува водата за да биде здрава за пиење. |
| 8 | Претприемништво-Климентовци избираат најдобри во танцување,глума, смеа, забава и песна | 31.3.2016 | Стручниот актив на второ одделение на овој претприемнички ден учествувше со занимливи точки како пеење на народни песни, забавни мелодии, глумење. Учествуваа повеке ученици групно и поединчно и го покажаа својот талент пред многубројната публика која топло ги поздрави . |
| 9 | Ден на планетата Земја | 22.4.2016 | По повод –ДЕНОТ НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА-22 Април во училишната .трпезарија се одржа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | манифестација со повеке активности меѓу кои и ЕКО пораките за заштеда на ел. Енергија. Со група ученици од второ одделение учествуваше и наставничката Костовска Марика со презентација за АЛТЕРНАТИВНИ извори на ел. енергија - Сонце. Од оваа презентација можеше да се научи дека Сонцето е еколошки извор на ел. Енергија. |
| **10** | Отворен час по математика<br>Наставна тема: Работа со податоци и решавање проблеми<br>Наставна содржина-цел: Го одредува збирот на монети и банкноти потребни да се плати одреден износ до 100 денари и го пресметува кусурот | 17.5.2016 | На отворениот час по математика, кој го одржа наставничката Билјана Костовска од II-4одд. освен наставниците од стручниот актив на второ одделение, на часот присуствуваа директорот на училиштето Андријана Мигуловска, педагогот на училиштето Никола Крстевски, и психологот на училиштето Кети Секуловска. Присутните го оценија часот успешен и дека целта е остварена .Со напомена дека и во иднина треба да се одржуваат повеќе вакви часови за да се стекне поголемо искуство. |
| **11** | Отворен час по природни науки<br>Наставна тема: Растенијата и животните околу нас<br>Наставна содржина-цел:Животните и нивните живеалишта | 18.05.2016 | Отворениот час по природни науки се одржа во кругот на Зоолошката градина-Битола, под водство на наставничката Билјана Јованоска од II-2одд. Учениците непосредно се запознаа со повеќе видови животни и нивните живеалишта во природната средина,а и во други околности. На отворениот час, присуствува сите наставниците од стручниот актив на второ одделение. И наставниците и учениците ги оценија овие часови како одлична можност за учење и меѓусебно дружење. |
| **12** | – Отворен час по Природни Науки и Англиски јазик<br>Наставна тема: Растенијата и животните околу нас<br>Наставна содржина-цел: Влијанието на човекот врз животната средина<br>Чиста средина – Здрав живот | 19.5.2016 | Отворениот час по Природни науки во интеграција со Англиски јазик го одржаа наставничките Венета Јоновска и Марија Крстевска. На часот беа применети сите современи наставни методи и ИКТ. Учениците лесно ги совладаа наставните содржини предвидени на овој час. Отворениот час го проследија директорот на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Еко стандард-III-Одржување здрава средина на училиштето | | училиштето Андријана Мигуловска, Педагогот на училиштето Никола Крстевски , присуствува и сите наставниците од стручниот актив на второ одделение. Часот беше оценет како одличен. |
| **13** | Извештај за извршеното тестирање на брзината на читањето во минута во второ одделение за второто полугодие во учебната2015/16год. | 1.6.2016 | Стручниот актив на второ одделени со педагогот на училиштето ги разгледа резултарите од тестирањето на учениците. Од вкупно 116 ученици тестирани биле 114.Прочитани зборови во минута 5136,односно 45,05 по ученик. Грешно прочитани зборови 90 или 0,78 по ученик. Точно прочитани зборови5046,а во просек 44,27 по ученик. Бројот на прочитани зборови на ниво на второ одделениесе движи од најмалку 0, до најмногу 94 зборови прочитани во една минута. Просекот на прочитани зборови е речиси идентичен со просекот на прочитани зборови со минатите грнерации во овој период. Заклучивме дека учениците треба повеке да читаат, заради збогатување на речникот, да добијат поголема брзина во читањето,и разбирање на прочитаниот текст. |

Претседател
Љубица Ширановиќ

## ГОДИШЕН **ИЗВЕШТАЈ** СТРУЧЕН АКТИВ НА ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ 2015/2016

Во учебната 2015/2016 година, стручниот актив на трето одделение ја следеше програмата за работа на истиот и ги реализира сите планирани активности. Вкупниот број на реализирани активности е 48. Следи табела во која што е дадена временската рамка на реализација и краток опис на самите активности.

| Ред. бр. | АКТИВНОСТ | **ВРЕМЕ** | **ОПИС** |
|---|---|---|---|
| 1 | Избор на претседател на Стручен актив | 27.8.2015 година | Пред почеток на учебната година наставниците од трето одделение едногласно избраа претседател на Стручен актив – Снежана Стефановска. |
| 2 | Изработка на програма за работа на Стручниот актив, инструменти, потребни материјали за тековната година; | 27.8.2015 година | Програмата ја изработи претседателот на Стручниот актив, во соработка со наставниците од трето одделение, истата се разгледа и конечно се донесе и достави. Беа изготвени иструменти и потребни матријали за тековната работа. Се издвоија и еко содржини за Стручниот актив по стандарди. |
| 3 | Разгледување на предлог Годишната програма за работа на училиштето и Развојниот план на училиштето; | 31.8.2015 година | Наставниците ја разгледаа на Годишната програма на училиштето, како и Развојниот план и одредените забелешки ги евидентираа во записник кој го доставија до ППС. |
| 4 | Евидентирање на постоечките наставни средства, помагала и евентуална набавка на нови. | 27.8.2015 година | Наставниците направија анализа кои наставни средства им се потребни за оваа учебна година, што имаат, а што им е потребно да се набави, па направениот список го доставија до ППС. |
| 5 | Разговор околу подготвувањето на годишните, тематските и дневните планирања (редовна, дополнителна и додатна настава) | 1.9.2015 година | Наставниците направија план за изготвување на Годишната програма, тематските планирања, како и програмите за додатна и дополнителна настава. Одделенските наставници од овој актив на предметниот наставник по англиски јазик му препуштаат часови по дополнителна и додатна настава, од вкупниот број одреден, а тоа е 72. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6 | Месечни консултации за ученици кои имаат проблем со однесувањето | 1.9.2015 година | Стручниот актив секој месец се состанува и разменува мислења и искуства во врска со однесувањето на одредени ученици кои се проблематични и им штетат на останатите. Особено тука се истакнати учениците Виктор Умер и Михаела Цукнева. |
| 7 | Договор за подготвување на работни листови по предметите | 1.9.2015 година | Стручниот актив на трето одделение пред подготовката на работните листови по одредени предмети се состанува и се договара што да содржат работните листови, кои цели од наставната програма да ги опфатат, какви задачи да им се дадат на учениците со потешкотии во учењето итн. |
| 8 | Усогласување на критериумите за оценување на учениците | 1.9.2015 година | Се разгледуваат и усогласуваат критериумите за оценување на учениците по одделни предмети. |
| 9 | Вметнување на избрани точки на акција од програмите за:<br>♥ „ Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“<br>♥ „Меѓуетничка интеграција“ | 1.9.2015 година | Секој наставник писмено достави свои точки на акција од програмите за „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ и „Меѓуетничка интеграција“ кои ќе ги реализира во текот на оваа учебна година. |
| 10 | Размена на мислења за реализацијата на наставни содржини со помош на Smart – таблата | 1.9.2015 година | Откако ќе се изработат тематските планирања, натавниците од трето одделение се состануваат и разменуваат мислење за употребата на smart – таблата во наставата. (пр. дали е во ред за наведените наставни содржини да се користи smart – таблата или не, итн.) |
| 11 | Изработка на инструмент за евидентирање на индивидуални средби со родител | 1.9.2015 година | Стручниот актив на трето одеелние се состана и користејќи ги идеите на сите наставници членови на Активот, изработи инструмент за евидентирање на индивидуални средби со родител. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12 | Изработка на ИОП | 1.9.2015 година | Наставниците кои имаат деца со посебни потреби (Светлана Јовановска), во соработка со дефектологот Андријана Шокларовска, изработува ИОП. |
| 13 | Размена на искуства и мислења при реализацијата на наставни содржини – форми, методи, техники, примена на ИКТ и оценување | 1.10.2015 година | Наставниците еднаш месечно одржуваат средба на која ги кажуваат своите мислења и искуства од реализираноста на одредни наставни содржини – кои форми, методи, техники ги користеле, дали тие се покажале како добри или не, дали би вметнале некои други или пак постоечките би ги замениле со други, поефективни итн. Во однос на употребата на ИКТ во наставата , наставниците си разменуваат мислења за тоа во кои наставни содржини би било најдобро да се искористи, каде би било најефективно, а каде не. |
| 14 | Договор за посета на отворени часови со примена на современи форми на работа. | 1.10.2015 година | Договор за одржување на отворени часови:<br>-**III-1 – музичко образование – мај**<br>-**III-2 – природни науки – април**<br>-**III-3 – македонски јазик – февруари**<br>-**III-4 – математика – март**<br>-**III-5 – ликовно образование - октомври**<br>Во овие отворени часови, наставниците применуваат различн современи форми на работа и истите се посетувани од наставници, од директорот, ППС и дефектологот. Се прави анализа на извршената посета и се прави извештај на ниво на актив. |
| 15 | Договор за подготвување на евидентни листови според целите на програмата предвидени за првото тримесечие. | 1.10.2015 година | Стручниот актив се состана, ги разгледа програмите, целите и критериумите по одделни предмети, заедно состави описни оцени, ги разгледа, дискутира и прифати три основни нивоа (едно дополнително за деца со посебни потреби). Секој наставник од таа донесена шема, за секој ученик одделно конципира описна оценка според неговите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | постигнувања, успех и развој. |
| 16 | Посета на отворен час:<br>**III-5 – Снежана Стојанова – ликовно образование** | 1.10.2015 година | Снежана Стојанова, одделениски наставник во III-5 одделение, во дворот на ОУ„св.Климент Охридски“ одржа отворен час по ликовно оразование, Еколошка содржина 3„Селекција на отпад“, наставна содржина: Обликување во просторот, моделирање и градење – Изработка на семафор за отпадот.<br>Целта на овој час беше кај учениците да се развијат вештини за набљудување и препознавање на отпадот, да разберат како се намалува отпадот, да ја развиваат ситната мускулатура на раката,<br>да ја развиваат еколошката свест и одговорноста кон животната средина.<br>На овој час присуствуваа сите наставнички од трето одделение, директорката, ППС. |
| 17 | Активности на Стручниот актив на трето одделение по повод Денот на училиштето | 3.11.2015 година | Избрање активности со кои Активот ќе се претстави на овој ден и започнување со подготовки за истите |
| 18 | Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечие | 3.11.2015 година | Се разгледува успехот и поведението на учениците, се даваат предлог мерки за подобрување. Се изготвуваат евидентни листови. |
| 19 | Изработка на извештаи за додатна, дополнителна настава како и за СУА | 3.11.2015 година | За секое тримесечие, секој наставник подготвува извештај за реализираноста на додатната, дополнителната настава како и за СУА. |
| 20 | Активности за Денот на училиштето | 2.12.2105 година | Стручниот актив на трето одделение(III-1, III-2. III-3, III-4) учествуваше во одбележувањето на Денот на училиштето со своја точка - драматизација„Светлина е моето име“ поткрепена со музичка точка „Киричица“- од Влатко Стефановски. Одделенискиот наставник на III-5 одделение, Снежана Стојанова учествуваше во одбележувањето на Денот на училиштето со рецитал |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | „Децата од светот“ заедно со наставничката Гордана Анастасова. |
| 21 | Активности за Новогодишен базар | 2.12.2105 година | Наставниците и родителите во заедничка грижа за учениците организираа Климентовски претприемачки настан, полн со изненадувања. Украси, храна, караоке забава и сликање со Дедо Мраз беа само дел од активностите.  Со ова беа финализирани активностите од проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ . Нашиот стручен актив се претстави со продажба на карамелизирани јаболка. |
| 22 | Анализа за реализацијата на додатната и дополнителната настава | 2.12.2105 година | Се направи анализа на досега одржаните часови од додатна и дополнителна настава и се констатира дека во првото полугодие наставниците имаа поголема потреба од одржување на часови за дополнителна настава за разлика од оние по додатна настава. |
| 23 | Анализа на успехот и поведението на крајот на првото полугодие | 2.12.2105 година | Стручниот актив се состана, направи анализа на успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие. |
| 24 | Договор за подготвување на евидентни листови според целите на програмата предвидени за првото полугодие. | 2.12.2105 година | Стручниот актив се состана, ги разгледа програмите, целите и критериумите по одделни предмети, заедно состави описни оцени, ги разгледа, дискутира и прифати три основни нивоа (едно дополнително за деца со посебни потреби). Секој наставник од таа донесена шема, за секој ученик одделно конципира описна оценка според неговите постигнувања, успех и развој. |
| 25 | **Посета на театарска претстава„Новогодишни желби“ – Снежана Стојанова и Гордана Анастасова** | 2.12.2105 година | На 25Декември, во  училишната трпезарија одделенските наставници Снежана Стојанова (III-5 одд.) и Гордана Анастасова (IV-2 одд.) одржаа театарска претстава „Новогодишни желби“во која ба вклучени сите ученици од двете одделенија. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Претставата беше кратка , доста интересна, збогатена со убави костими, маски и реквизити. На истата присуствуваа доста наставници, родители , Директорката како и ППС. |
| 26 | Изработка на полугодишен извештај од работата на Стручниот актив | 2.12.2105 година | Претседателот на Стручниот актив на трето одделение, Снежана Стефановска, изработи полугодишен извештај во кој ги навде сите активности кои ги реализира стручниот актив, со временска рамка и опис на активностите |
| 27 | Размена на мислења од реализацијата на наставата во првото полугодие – предности и недостатоци | 22.1.2016година | Наставничките, членови на Стручниот актив на III одделение направија анализа на нивната работа во првото полугодие, при што запишаа неколку предности и недостатоци:<br><br>Предности = **интересниот и креативен начин на реализација на наставните содржини од страна на наставничките** (со ИКТ презентации, нагледни средства, манипулативи, изработки итн.)со цел учениците подобро и полесно да ги совладаат лекциите;<br>Недостатоци =немањето нагледни средства по предметите природни науки и математика, при што наставничките мораа да импровизираат, носејќи разни предмети од дома. |
| 28 | Изработка на извештаи за додатна, дополнителна настава и СУА | 22.1.2016година | Се изработија и предадоа извештаите за додатна, дополнителна настава и СУА |
| 29 | Изработка на полугодишен извештај од работата на Стручниот актив | 22.1.2016година | Се изработи и предаде полугодишниот извештај од работата на Стручниот актив од страна на претседателот Снежана Стефановска. |
| 30 | Посета на семинари и обуки и размена на искуства од истите | 22.1.2016година | Во овој период наставниците не присуствуваа на семинари и обуки. |
| | Подготвување на учениците за меѓународниот натпревар КЕНГУР | 22.1.2016година | Дискусија околу одржувањето на меѓународниот натпревар Кенгур, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 31 | | | учеството на учениците и нивната подготовка (наставничките на часот по додатна настава ќе ги подготвуваат учениците кои се пријавија да учествуваат на овој натпревар). |
| 32 | Подготвување на учениците за меѓународниот натпревар КЕНГУР | 15.2.2016година | Дискусија околу одржувањето на меѓународниот натпревар Кенгур, учеството на учениците и нивната подготовка. (наставничките на часот по додатна настава ги подготвуваат учениците кои се пријавија да учествуваат на овој натпревар). Наставничките меѓу себе разменаа материјали (збирки, учебници, нумеруси, вежбанки по математика итн.), направија анализа и се консултираа во врска со одредени задачи, се со цел добро да ги подготват учениците за претстојниот натпревар. |
| 33 | Посета на отворен час: **III-3 – Јасна Јанева Гулевски – македонски јазик** | 15.2.2016година | Поради учество во Еко проектот како дел од Тимот за заштеда на вода, наставничката Јасна Јанева Гулевски беше ослободена од држење на отворен час предвиден во програмата на стручен актив. Таа својот отворен час го одржа со кампањата за заштеда на вода на 22 март, заедно со наставничките Вера Лајмановска и Светлана Јовановска. |
| 34 | Организирање работилници со родители по повод осми март | 3.3.2016година | Како и секоја година така и оваа, по повод Денот на жената 8Март, наставничките од Стручниот актив на трето одделение организираа работилници на кои од различни материјали се изработуваа честитки и други украси. Работилниците беа успешни, креативни, учениците беа многу задоволни од своите изработки, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | кои подоцна им ги подарија на своите мајки. |
| 35 | Подготвување на учениците за меѓународниот натпревар КЕНГУР | 3.3.2016година | Наставничките меѓу себе разменаа материјали (збирки, учебници, нумеруси, вежбанки по математика итн.), направија анализа и се консултираа во врска со одредени задачи, се со цел добро да ги подготват учениците за претстојниот натпревар Кенгур. |
| 36 | Договор за подготвување на евидентни листови според целите на програмата предвидени за третото тримесечие. | 3.3.2016година | Се постигна договор за подготовка на евидентните листови, според целите на програмата предвидени за третото тримесечие, се размена мислење во однос на исказите кои ќе се пишуваат во нив, како и за нивоата. |
| 37 | **Посета на отворен час: III-4 – Снежана Стефановска – математика** | 3.3.2016година | Поради учество во Еко проектот како дел од Тимот за заштеда на вода, наставничката Снежана Стефановска беше ослободена од држење на отворениот час предвиден во програмата на Стручен актив. Таа својот отворен час го одржа со кампањата за заштеда на електрична енергија на 22 април, заедно со наставничките Виолета Стевановска и Марика Костовска. |
| 38 | Кампања за заштеда на водата – 22 март | 3.3.2016година | Како дел од Еко проектот, на 22 Март во нашето училиште се одржа кампања за заштеда на вода, која ја подготви Тимот за заштеда на вода, составен од наставничките Светлана Јовановска, Јасна Јанева Гулевски, Вера Лајмановска, Катерина Трајковска. Како дел од таа кампања, тимот реализира посета на филтерницата во с.Дихово (наставници и ученици),а потоа во училишната трпезарија се направи една анализа на таа посета преку кратка презентација. На таа анализа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | беа присутни ППС, наставници од предметна и одделенска настава со по неколку ученици, родители поканети од страна на наставничките од Тимот за заштеда на вода |
| 39 | Кампања за заштеда на електричната енергија – 30 март | 3.3.2016година | Тимот за заштеда на електрична енергија требаше да одржи кампања за заштеда на електрична енергија на 30 Март. Но, поради многуте активности во училиштето во тој период, во кои беа опфатени многу наставници и ученици, кампањата се одложи за на 22 Април. |
| 40 | Маскенбал | 30.3.2016година | По повод 1Април - Денот на шегата, на 31.3.2016г(четврток) и 1.4.2016г.(петок) во нашето училиште се одржа голем хепенинг „Избираме најдобар талент“. На овој хепенинг учествуваа ученици од прво до осмо одделение. Некои од нив се претставија со своја точка, а некои со маски. Стручното жири, составено од Јулијана Мирчевска, Бојан Стоков и Анастасија Милевска ги одреди победниците, за кои следуваат награди. Стручниот актив на трето одделение на овој хепенинг учествуваше со неколку точки: III-3 две музички точки (пеење, модерен балет), III-4 глума, III-5 глума и пеење, а сите останати кои не учествуваа со своја точка, учествуваа со маски. |
| 41 | Велигденски работилници | 30.3.2016година | По повод претстојниот празник Велигден, наставничките од трето одделение организираа работилници со родители, на кои се изработуваа и боеја велигденски украси. |
| 42 | Посета на отворен час: **III-2 – Светлана Јовановска – природни науки** | 30.3.2016година | Поради учество во Еко проектот како дел од Тимот за заштеда на вода, наставничката Светлана Јовановска беше ослободена од држење на отворен час предвиден во програмата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | на стручен актив. Таа својот отворен час го одржа со кампањата за заштеда на вода на 22 март, заедно со наставничките Вера Лајмановска и Јасна Јанева Гулевски. |
| 43 | Посета на отворен час: **III-1 – Вера Лајмановска – музичко образование** | 4.5.2016година | Поради учество во Еко проектот како дел од Тимот за заштеда на вода, наставничката Вера Лајмановска беше ослободена од држење на отворен час предвиден во програмата на стручен актив. Таа својот отворен час го одржа со кампањата за заштеда на вода на 22 март, заедно со наставничките Светлана Јовановска и Јасна Јанева Гулевски. |
| **5. Договор за соработка со математичкото списание НУМЕРУС**<br>**6. Размена на искуства и мислења при реализација на наставните содржини-форми, методи, техники, примена на ИКТ и оценување**<br>**7. Изработка на план за посета на отворени часови со примена на современи форми на работа**<br>**8. Изработка и текстуално прилагодување на евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување**<br>**9. Посета на обуки и** | • Претплата на стручни списанија (доброволно)<br>• Примена на иновации и нови методи и техники на учење, објективно вреднување на постигнувањата на учениците<br>• Планирање на отворени часови, анализа на извршена посета и поднесување на извештај на ниво на актив<br>• Изработка на електронска форма на евидентен лист | • Наставен кадар по математика<br>• Стручни соработници | Унапредување на воспитно-образовниот процес.<br><br>Стручно усовршување на наставниот кадар согласно со современите текови за подобрување на квалитетот на наставата.<br><br>Напредно водење на електронска документација |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **работилници** | • Креирање електронска база на податоци за потребите на членовите на стручниот актив<br>• Професионално усовршување на наставниците – интерни обуки | | |
| **НОЕМВРИ** | | | |
| **1. Активности на математичката секција по повод Денот на училиштето**<br>**1. Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечие**<br>**2. Изработка на извештаи за ДД,ДП и СУА** | • Учество на активот во подготовките за обележување на Денот на училиштето<br>• Разгледување на успехот на учениците на крајот од првото тримесечие<br>• Предлог мерки за подобрување на успехот на учениците<br>• Анализа на реализираноста на наставната програмата, како и програмите за ДД,ДП и СУА | • Наставен кадар по математика | Подобрување на работата на наставниот кадар и подобрување на наставата. |
| **ДЕКЕМВРИ** | | | |
| **1. Активности за Денот на училиштето**<br>**2. Активности за Новогодишниот базар**<br>**3. Анализа за реализацијата на додатна и дополнителна настава**<br>**4. Анализа на успехот и поведението на крај на првото полугодие**<br>**5. Изготвување и текстуално прилагодување на** | • Учество на активот во обележување на Денот на училиштето<br>• Предлог мерки за подобрување на успехот на учениците<br>• Анализа на реализираноста на наставната програмата, како и програмите за | • Наставен кадар по математика<br>• родители | Промовирање на училиштето преку различни медиуми.<br><br>Засилена соработка со родителите. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување** | ДД,ДП и СУА | | |
| **ЈАНУАРИ** | | | |
| **1. Размена на мислења од реализацијата на наставата во прво полугодие-предности и недостатоци**<br>**2. Изработка на извештаи за ДД,ДП и СУА**<br>**3. Изработување на полугодишен извештај за работа на стручниот актив**<br>**4. Посета на семинари и обуки и размена на искуства од истите** | • Разгледување на успехот на учениците на крајот од првото тримесечие<br>• Предлог мерки за подобрување на успехот на учениците<br>Анализа на реализираноста на наставната програмата, како и програмите за ДД,ДП и СУА | • Наставен кадар по математика | Подобрување на работата на наставниот кадар и подобрување на наставата. |
| **ФЕВРУАРИ** | | | |
| **1. Организација на претстојните училишни натпревари**<br>**2. Анализа на резултатите од одржаните училишни натпревари**<br>• **формирање екипа за Општински натпревар по математика**<br>• **избор на водич на групата**<br>• **предлог подготвителни задачи**<br>**3. Договор за одржување на меѓународниот математички натпревар КЕНГУР**<br>**4. Учество на Општински натпревар по** | • Подготовка и поддршка на ученици кои учествуваат на натпревари<br>• Избор на задачи и соодветна стручна литература<br>• Информирање на родителите за активностите околу претстојните натпревари | • Наставен кадар по математика<br>• Ученици<br>• родители | Засилена мотивација на учениците за учество на математичките натпревари и афирмација на училиштето преку истите.<br><br>Продлабочување на соработка со родителите и нивната вклученост во училиштето. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **математика** | | | |
| МАРТ | | | |
| **1. Избор на тема и помош при изработка на домашна работа за учество на Олимпијадата на млади техничари и природници-Народна техника**<br>**2. Анализа на резултатите од одржаниот Општински натпревар**<br>• **формирање екипа за Регионален натпревар по математика**<br>• **избор на водич на групата**<br>• **предлог подготвителни задачи**<br>**3. Организација и спроведување на меѓународниот математички натпревар КЕНГУР**<br>**4. Учество на Регионален натпревар по математика**<br>**5. Изготвување и текстуално прилагодување на евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување** | • Подготовка и поддршка на ученици кои учествуваат на натпревари<br>• Избор на задачи и соодветна стручна литература<br>• Информирање на родителите за активностите околу претстојните натпревари<br>• Дополнување на електронската база на податоци за потребите на членовите на стручниот актив<br>• | • Наставен кадар по математика<br>• Ученици<br>• родители | Засилена мотивација на учениците за учество на математичките натпревари и афирмација на училиштето преку истите.<br><br>Продлабочување на соработка со родителите и нивната вклученост во училиштето.<br><br>Осовременување на наставните средства и материјали –е-Библиотека |
| АПРИЛ | | | |
| **1. Анализа на постигнатите резултати од Регионалниот натпревар по математика**<br>**2. Подготвители** | • Подготовка и поддршка на ученици кои учествуваат на натпревари<br>• Избор на задачи и соодветна | • Наставен кадар по математика<br>• Ученици<br>• родители | Засилена мотивација на учениците за учество на математичките натпревари и афирмација на училиштето преку |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **активности за Републичкиот натпревар и Математичката олимпијада за ученици од основните училишта**<br>**3. Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од трето тримесечие**<br>**4. Изготвување и текстуално прилагодување на евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување**<br>**5. Изработка на извештаи за ДД,ДП и СУА**<br>**6. учество на Олимпијадата на млади техничари и природници-Народна техника** | стручна литература<br>• Информирање на родителите за активностите околу претстојните натпревари<br>• Дополнување на електронската база на податоци за потребите на членовите на стручниот актив<br>• | | истите.<br><br>Продлабочување на соработка со родителите и нивната вклученост во училиштето.<br><br>Осовременување на наставните средства и материјали –е-Библиотека |
| МАЈ | | | |
| **1. Подготвители активности за Републичкиот натпревар и Математичката олимпијада за ученици од основните училишта**<br>**2. Учество на Републички натпревар по математика**<br>**3. Договор за врачување на дипломи и признанија на учениците** | • Подготовка и поддршка на ученици кои учествуваат на натпревари<br>• Избор на задачи и соодветна стручна литература<br>• Информирање на родителите за активностите околу претстојните натпревари<br>• Дополнување на електронската база на податоци за потребите на | • Наставен кадар по математика<br>• Ученици<br>• Родители<br>• Директор | Засилена мотивација на учениците за учество на математичките натпревари и афирмација на училиштето преку истите.<br><br>Продлабочување на соработка со родителите и нивната вклученост во училиштето.<br><br>Осовременување на наставните средства и материјали –е-Библиотека |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | членовите на стручниот актив<br>• Подготовка на финансиски план за наградување на ученици | | |
| **ЈУНИ** | | | |
| **1. Евалуација на работата на стручниот актив по математика**<br>**2. Анализа и извештај за постигнатите резултати од натпреварите**<br>**3. Изработка на извештаи за ДД,ДП и СУА**<br>**4. Изработување на полугодишен извештај за работа на стручниот актив**<br>**5. Избор на претседател на стручен актив за следната учебна година**<br>**6. Предлози за измена и дополнување на програмата на стручниот актив Избор на учебници**<br>**7. Предлог распределба на часови** | • Анализа на постигнатите резултати од работата на ученичките клубови, секции и активности од разни натпревари<br>• Предлози за измена или дополнување на програмата на стручниот актив во согласност со развојниот план на училиштето<br>• Изработка на извештај за работата на стручниот актив | • Наставен кадар по математика<br>• Директор | Подобрување на работата на стручниот актив.<br><br>Подобрување на работата на наставниот кадар и подобрување на наставата.<br><br>Помош при организација на наставата. |

Основна цел на стручниот актив е да води грижа за унапредување на воспитно - образовниот процес по предметите или подрачјата за кои постои, да разменува мислења, да дава предлози и укажувања, да бара начина за надминување на проблемите во наставата. Во тек на прво полугодие спроведени се следните активности:

| Реден број | Активност | Време | Опис |
|---|---|---|---|
| 1. | Донесување на годишната програма за работа на стручен актив | септември, 2015 | На првиот состанок беа разменети мислења и искуства за изготвување на тематските распределенија. Беше разгледана Годишната програма за работата на училиштето и Развојниот план.<br>Во однос на учебници и дополнителна литература, договорено беше да се користат учебници ( а по избор на наставникот и Работни листови или Збирка на задачи ) од авторите Јово Стефановски и Наум Целаковски, од издавачка куќа АЛБИ, од седмо до деветто одделение, а за учениците од шесто одделение обезбедени се нови учебници и работни листови во согласност со новата наставна програма во соработка со *Cambridge International Examinations*. Наставниците испратија листа со барања до Директорот на училиштето за набавка на дидактички сет за 6 одделение, креди во боја, фломастери итн, што на големо задоволство беше обезбедено од страна на училиштето.<br>Во програмата на наставниците беа вметнати МИО и ЕКО часови (отворени часови ќе се реализираат во второ полугодие). Секој наставник изврши организирање и планирање на дополнителната и додатната настава и избра членови на математичката секција. Како и секоја година повторно беше прифатена соработката со математичкото списание Нумерус. |
| 2. | Најголемиот глобален час | 25.09.2015 | Најголемиот глобален час нуди уникатна можност да се поттикне глобалното граѓанство во училиштата низ светот.<br>Стручниот актив по математика избра заедничка тема за НАЈГОЛЕМИОТ ГЛОБАЛЕН ЧАС, од понудените од страна на МОН: ***Светот не е еднаков. Правично ли е тоа?***. Секој наставник на одделенски час спроведе работилница, со дополнителни активности на учениците : сликање и евидентирање на фактичката состојба во училиштето и локалната заедница, интервју и разговори со дефектологот во училиштето, техничкиот персонал итн... |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Презентација од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност | 16.10.2015 | На наставникот С.Захариева присуствуваше на презентација во О.У Коле Канински – Битола, организирана од страна на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Со наставниците беа споделени искуствата и информациите добиени во однос на начин и можности за аплицирање на проекти, а посебно за значењето и можностите на eTwinning проектот во кој нашето училиште е вклучено повеќе од 4 години |
| 4. | Соработка со Здружение на математичари - Битола | 18.10.2015 | Учениците беа информирани за работата на Математичката школа, која секоја година се одржува за талентирани ученици кои сакаат да го надградуваат своето знаење и учествуваат на математичките натпревари, а започна со работа на 18.10.2015 година. |
| 5. | ДАБАР – меѓународен предизвик | 25.11.2015 | Околу 30 ученици учествуваа на ДАБАР 2015 - меѓународен предизвик за ученици од основно и средно образование, за информатика и сродни науки. |
| 6. | Активност за Денот на училиштето | 04.12.2015 | За денот на училиштето се спроведе заедничка активност на учениците од шесто до деветто одделение: КРАТКА ИСТОРИЈА НА ВРЕМЕТО НИЗ СВЕТЛИНАТА НА БРОЈКИТЕ -изработена беше Power Point презентација, флаери и календар за 2016 година, кои беа разделени на присутните наставници, родители, ученици ... |
| 7. | Учество на меѓународен натпревар | 11.12.2015 | Ученичката Паскова Катерина од 9-2 одделение во категоријата јуниори, учествуваше на меѓународен натпревар ЕВРОПСКИ МАТЕМАТИЧКИ КУП (European Mathematical Cup), хостиран од престижниот математички портал www.artofproblemsolving.com, (резултатите сé уште се чекаат). Битно е да се напомени дека ученичката беше најмлада во категоријата во која се натпреваруваше, единствен претставник од Битола од основно образование – останатите учесници беа од средните училишта, со што и самото учество претставува голем успех. |
| 8. | Соработка со наставници | декември, 2015 | Наставниците од 4 и 5 одд. беа информирани за претстојните натпревари по математика и начинот на кој треба да се изврши изборот на задачите и учениците. Беа информирани за точните датуми на одржување на натпреварите и темите, им беше понудена помош при подготовка на учениците. |
| 9. | Новогодишен пазар | 28.12.2015 | Секој наставник од активот по математика со свои ученици и изработки на домашни колачиња, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | украси, вафли итн. со помош на наставниците и родителите зеде учество на Новогодишниот Базар кој имаше хуманитарен карактер. Дел од собраните средства беа донирани во хуманитарни цели, а дел вратени на учениците со цел поттикнување на претприемничкиот дух кај нив преку развивање на идеи за вложување на паричните средства во некој одржлив проект |
| 10. | Обука за подобрување на оценувањето на учениците | 15-16 јануари, 2016 | Сите членови на стручниот актив присуствуваа на обука за оценување и вреднување на постигнувањата на учениците. Имено, како **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1: ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА УЧЕЊЕТО И НАСТАВАТА**, **РАЗВОЈНА ЦЕЛ 1.1: Подобрување на оценувањето на учениците** од развојната програма на училиштето, за време на зимскиот распуст, односно на 15 и 16 јануари 2016 година, беше организирана интерна обука за оценување од страна на училиштето. Наставничката Лидија Ш. Шокларовска беше еден од предавачите. |
| 11. | Училиштен натпревар | 09-10.02.2016 | За учениците од четврто до деветто одделение се одржаа училишните натпревари, врз основа на кои беше избрана екипа од 25 ученици кија ќе го претставува училиштето на Општинскиот натпревар по математика |
| 12. | Општинскиот натпревар по математика | 27.02.2016 | На општинскиот натпревар по математика освоени се 2 први, 9 втори, 8 трети места и една пофалница |
| 13. | Меѓународен математички натпревар КЕНГУР | 17.03.2016 | За учениците од прво до деветто одделение беше организиран меѓународниот натпревар КЕНГУР, учествуваа вкупно 303 ученици, што е рекорден број до сега, а укажува на се поголемиот интерес на учениците за математиката. |
| 14. | Регионален натпревар по математика | 02.04.2016 | На Регионалниот натпревар учествува 23 ученици од основното образование од IV до IX одделение и ги постигна следните резултати: 3 први, 2 втори,10 трети места и 5 пофалници |
| 15. | Регионален натпревар – Народна техника | 02.04.2016 | На регионалниот натпревар по применета математика (тема: Пантограф) организиран од НАРОДНА ТЕХНИКА ученикот Димитар Пешевски IX одд – освои 1 место, ментор Снежана Захариева. |
| 16. | Државната олимпијада – Народна техника (применета математика) | 09.04.2016 | На Државната олимпијада по применета математика (тема: Пантограф) организиран од НАРОДНА ТЕХНИКА ученикот Димитар Пешевски IX одд – освои 1 место, ментор Снежана Захариева. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Отворени часови | Март – април, 2016 | Според новите упатства, во склоп на математичката секција, како отворени часови одржани се следните активности:<br>1. Наставник Снежана Захариева:<br>СОЛАРНИ КОЛЕКТОРИ- Математичка секција(февруари – март)<br>НАСТАВНА ЕДИНИЦА: Волумен на призма<br>ТЕМА: МИСИЈА ЗА ПОМАЛА $CO_2$ ЕМИСИЈА<br><br>2. Наставник: Сања Кузмановска<br>На 20.03.2016 за МЕСЕЦОТ НА ЕКОЛОГИЈАТА балетската секција се претстави со 2 точки во кои учениците настапија со рециклирачки материјали (сукни од најлони и пластични чаши)<br>На 8 Октомври 2015 , снимен е спот на тема "МАКЕДОНИЈА БЕЗ ОТПАД"<br><br>3. Наставник: Катерина Трајковска<br>Математичката секција од 8 одделение учествуваше во активности од еко –пакетот, изработка на еко град од тетрапак |
| 18. | Медитеранска математичка олимпијада | 06.05.2016 | Ученичката Паскова Катерина од 9-2 одделение, учествуваше на Медитеранската математичка олимпијада |
| 19. | Државен натпревар по математика | 07.05.2016 | На Државниот натпревар по математика учествува 5 ученици од нашето училиште, при што беа освоени едно второ и едно трето место, учениците обезбедија на ЈММО 2016 |
| 20. | ЈММО 2016 | 28.05.2016 | На математичката олимпијада учествуваа 2 ученика, беше освоен еден бронзен медал |
| 21. | Изборен натпревар за учество на ЈБМО 2016. | 03.06.2016 | Учество на ученичката Катерина Паскова |

Препорака за следна година, врз основа на развојната програма на училиштето, е развивање стратегија за унапредување на соработката со родителите и систем за нивно информирање. Исто така, во однос на отворените часови, потребно е да бидат внесени конкретни дати кога и кој наставник ќе одржи отворен час.

Претседател на стручен актив:

Снежана Захариева

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА БИБЛИОТЕКАТА ВО ПРЕДМЕТНА И ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА ЗА 2015/2016 ГОДИНА

Библиотеката во предметна и одделенска настава во текот на првото и второто полугодие од учебната 2015/16 год. успешно ги реализираше предвидените проекти и активности зацртани со годишната програма за работењето во библиотеката.

-Во прилог ја доставуваме годишната програма

## ГОДИШНА ПРОГРАМА за работата на библиотекарот во библиотеката во предметна и одделенска настава за учебната 2015/2016 година

Библиотеката во ОУ „Св. Климент Охридски", Битола во организационата поставеност се состои од библиотека во предметна настава и библиотека во одделенска настава, сместени во самото училиште и претставуваат библиотечен-информативен центар кој постојано собира, стручно обработува и дава на користење библиотечен материјал на учениците и наставниот кадар.

Библиотеката нуди можност за максимално користење на книжните фондови со кои располага, пристап до информаци, а со тоа и подобруваење на културниот и социјалниот живот на учениците и наставниот кадар.

**Правилник на библиотеката**

Книгите се позејмуваат во рок од 15 дена и може да позајми секој кој што работи или посетува настава при ОУ „Св. Климент Охридски", Битола. Овој рок може да се продолжи по барање на наставникот или ученикот. За изгубена или оштетена книга се плаќа надомест. Корисникот е должен да ги почитува правилата на библиотеката.

Корисниците на списанија се пријавуваат во библиотеката, од каде добиваат и уплатници за истите. Износот на уплатниците треба да биде уплатен пред крајот на првото или второто полугодие од школската година.

**Квалификација на библиотекарската работа**

| Р.бр. | Работни задачи |
|---|---|
| 1. | Годишно планирање |
| 2. | Водење на евиденција на книжниот фонд |
| 3. | Издавање на книги |
| 4. | Набавка и претплата на детска литература и списанија |
| 5. | Делење на детски печат и списанија |
| 6. | Собирање и делење на бесплатни учебници |
| 7. | Организирање на библиотекарска секција (Б.С.) |
| 8. | Изготвување на библиотекарски податоци |
| 9. | Популаризирање на книга |
| 10. | Други активности(работа со наставници, вклучување на ученици во натпревари, уредување на пано, изложби, средби,акции за собирање на стари книги) |

| Програмски содржини за август | Реализатор |
|---|---|
| 1. Прием на нови учебници, евиденција и распоред | Библиотекар |
| 2. Соработка со наставниците | Библиотекар и наставниците |
| 3. Стручно усовршување | Библиотекар |
| 4. Изработување на годишна програма за работа на библиотеката | Библиотекар |
| 5. Подготовка на план и програма за работа на Б.С. за учебната година | Библиотекар |

| Програмски содржини за септември | Реализатор |
|---|---|
| 1. Делење на бесплатни учебници | Библиотекар |
| 2. Формирање на библиотекарска секција | Библиотекар |
| 3. Упис на нови членови во Б.С. | Библиотекар |
| 4. Запознавање на учениците од VI со правилата за користење и чување на книгите од библиотеката | Бибиотекар |
| 5. Прибирање на податоци за претплата на списанија | Библиотекар |
| 6. Издавање на книги и списанија | Библиотекар |
| 7. Работа со Б.С.за евиденција и издавање книги, како и делење списанија | Библиотекар и Б.С. |
| 8. Водење на евиденција на книжниот фонд | Библиотекар |
| 9. Консултација со наставниците за набавка на нови лектири и книги | Библиотекар |

| Програмски содржини за октомври | Реализатор |
|---|---|
| 1. Формирање на тим за Е-библиотека | Библиотекари, наставници и родители |
| 2. Набавување на нови книги | Библиотекар |
| 3. Евиденција на ново набавени книги | Библиотекар |
| 4. Одбележување на месецот на книгата | Библиотекар и Б.С. |
| 5. Издавање на книги и делење на списанија | Библиотекар |

| Програмски содржини за ноември | Реализатор |
|---|---|
| 1. Изготвување на програма и календар за работа на тимот за Е-библиотека | Библиотекари и наставници |
| 2. Издавање на книги и делење на списанија | Библиотекар |
| 3. Посета на Градската библиотека со библиотекарската секција | Библиотекар и БС |

| Програмски содржини за декември | Реализатор |
|---|---|
| 1. Анкетно истражувње за утврдување на потребите на Е-библиотека | Библиотекар |
| 2. Подготовки за Патрониот празник на училиштето | Библиотекар и БС |
| 3. Издавање на книги и делење на списанија | Библиотекар |
| 4. Подготовки за новогодишните празници | Библиотекар и Б.С. |

| Програмски содржини за јануари | Реализатор |
|---|---|
| 1. Информирање на наставниците за формирање на база на податоци од реализирани проекти | Библиотекар |
| 2. Издавање на книги и делење на списанија | Библиотекар |
| 3. Средување и лепење на оштетени книги | Библиотекар и Б.С. |
| 4. Полугодишен извештај за работата на библиотеката и Б.С. | Библиотекар |

| Програмски содржини за февруари | Реализатор |
|---|---|
| 1. Спроведување на анкета за работата на библиотеката | Библиотекар |
| 2. Одбележување на 14 февруари -Меѓународен ден за дарување на книга | Библиотекар и Б.С. |
| 3. Издавање на книги и делење на списанија | Библиотекар |
| 4. Уредување и евидентирање на библиотечниот фонд | Библиотекар |

| Програмски содржини за март | Реализатор |
|---|---|
| 1. Одбележување на празникот 8-ми Март | Библиотекар и Б.С. |
| 2. Одбележување на 21 Март - Светскиот ден на поезијата | Библиотекар и Б.С. и наставници |
| 3. Издавање на книги за ученици и делење на списанија | Библиотекар |
| 4. Изработка на база на податоци од реализирани проекти – прибирање и складирање на документацијата од посетените обуки и проекти | Библиотекар и наставници |
| 5. Соработка со градската библиотека (за Е-библиотека) | Библиотекар |

| Програмски содржини за април | Реализатор |
|---|---|
| 1. Одбележување на 2 Април - Светски ден на книгата за деца | Библиотекар и Б.С. |
| 2. Издавање на книги за ученици и делење на списанија | Библиотекар |
| 3. Прибирање на податоци за бесплатни учебници | Библиотекар |
| 4. Посета на градската библиотека со членовите од Б.С. | Библиотекар и Б.С. |
| 5. Прибирање и складирање на документацијата од посетените обуки и проекти | Библиотекар |

| Програмски содржини за мај | Реализатор |
|---|---|
| 1. Пофалби и награди на најактивните членови на Б.С. и најактивни читатели | Библиотекар |
| 2. Одбележување 24 Мај - Денот на Словенските просветители | Библиотекар и Б.С. |
| 3. Издавање на книги за ученици и делење на списанија | Библиотекар |
| 4. Средување и евидентирање на книжниот фонд | Библиотекар |

| Програмски содржини за јуни | Реализатор |
|---|---|
| 1. Пополнување формулари за бесплатни учебници за наредна учебна година | Библиотекар |
| 2. Прибирање и лепење на оштетени книги и учебници | Библиотекар и Б.С. |
| 3. Изготвување на извештај за состојбата на книжниот фонд | Библиотекар |
| 4. Годишен извештај за работата на библиотеката и Б.С. | Библиотекар |
| 5. Тековни и други активности | Библиотекар |

Овој годишен план и програма можи да биде променет доколку за тоа има потреба.

**Реализација на активностите**

| Ред. број | Активност | Време | Опис на активноста |
|---|---|---|---|
| 1 | Делење на учебници | Од1/9/2015 | На почетокот на школската година сите ученици добија бесплатни учебници. Бесплатните учебници постари од пет години беа заменети со нови, а нови учебници со нови автори добија и по наставните предмети математика и природни науки согласно со Акцискиот план за воведување на Кембриџ образовниот систем. |
| 2 | Електронско евидентирање на библиотечниот фонд | Од 1/09/2015 | Библиотеката оваа година започна со електронско евидентирање на библи-отечниот фонд. |
| 3 | Формирање Е – библиотека | Од 1/09/2015 | Во склоп на активно-стите се формира и Е-библиотека каде се собираат Е-книги кои им се презентираат на учениците и наставниот кадар. |
| 4 | Креирање Е- база за податоци на проекти на наставниците | Од 10/10/2015 | Креирана е база на по-датоци каде наставниот кадар ќе може да спо-делува свои реализирани активности. |
| 5 | Обновување на оштетени книги | Од 1/09/2015 до крајот на учебната година | Согласно со задачите на библиотекарите постојасно се вршеше заштита и обновување на оштетени книги во која активноста најмногу учествуваше библиотекарската секција. |
| 6 | Одбележување на месецот на книгата | Од15/10до15/ 11/2015 | Во училишниот хол беше итакнато пано по повод месецот на книгата со цел учениците поблиску да се запознаат со библи-отечниот фонд на учили-штето. |
| 7 | Активноти по повод патрониот празник | 8/12/2015 | По повод патрониот празник на училиштето, библиотеката зеде акти-вно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | учество заедно со дефектологот Андријана Шокларовска и наставни-ците од дневниот престој, при што беше органризи-рана ликовна работил-ница во соработка со **Заводот за рехабилита-ција за слух, говор и глас на деца „Кочо Рацин“**- Битола. |
| 8 | Активности по повод Нова година | Од 20/12/2015 | Библиотекарската секција исто така активно уче-ствуваше и во укра-сувањето на училиштето за новогодишните пра-зници.Во училишниот хол беше истакнато пано со пригодни содржни по повод Новата година. |
| 9 | Учества на натпревари | 16/10/2015 | Библиотеката и оваа година испрати ученик за учество на Општинскиот натпревар „Млади библи-отекари“, во организација на Универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски“ од Битола. Оваа година на натпре-варот учествуваше уче-ничката Наталија Ѓорѓи-евска од VII-5 одделение. |
| 10 | Меѓународен ден на дарување на книга | 14/02/2016 | Учениците (љубителите на пишаниот збор) разменуваа (дарувaa) меѓусебно книги на средбата која беше организирана во библиотеката од страна на библиотекарската секција. |
| 11 | Состанок во НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, на тема: „Библиотеката во функција на образованието“ | 14/03/2016 | Беше истакнато дека Националните установи од областа на културата, преку своите програми и проекти, треба поактивно да се вклучат во културното живеење и образование на учениците.<br>Во таа насока, Библиотеката, освен во поддршка со фондовите на библиотечен материјал, има намера тесно да соработува со училиштата на различни полиња каде приоритетот е ставен на едукација на младите во областа на културата и културните дејности. |
| 12 | Прибирање податоци за бесплатни учебници | Од 01/04/2016 до 18/04/2016 | Се вршеше прибирање и средување на податоци за бесплатните учебници и се достави соодветен податок до Педагошката служба на Минстерството за образование на Р. Македонија, за бројката што ќе ни е потребна за наредната учебна 2016/2017 година. |
| 13 | Собирање и делење на бесплатни | Од 01.06.2016 г. | Оваа учебна година се промени начинот на делење на бесплатни учебници, така да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | учебници за наредната 2016/17 година | До 09.06.2016 г. | учениците за наредната учебна година своите учебници ги добија на крајот од оваа учебна година. |

**Препораки: За наредната година се планира и понатаму да се продолжи со евиденцијата на книгите во Е-библиотеката, исто така да се продолжи со полнење на базата на податоци со потребните документи од страна на наставниците, збогатување на библиотечниот фонд со електронски изданија. Посебна потреба за наредната учебна година - да се набават нови лектирни и др. изданија за потребите на учениците.**

**Битола, 20.06.2016 г.** **Библиотекари,**

____________________________

**/Здравкова Ана/**

____________________________

**/Петровски Живко/**

## СТРУЧНИОТ АКТИВ –англиски и германски јазик

### ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ ПО АНГЛИСКИ , ГЕРМАНСКИ И ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК
### од учебна 2015/2016 година

Стручниот актив по странски јазици делумно ја реализира програмата на активот од учебната 2015/16 година. Дел од планираните активности и отворени часови кои требаше да се реализираат на крајот од второто полугодие се одложени за наредната учебна година поради ангажираноста на наставниците со менторство на студенти и ангажираност на учениците во натпревари и поради екстерното тестирање. Во склоп на програмата беа реализирани и активностите од додатната, дополнителната настава и слободните ученички активности.

Во текот на првото полугодие најпрво беше одбележан месецот на книгата, а потоа и празникот „Ноќ на вештерките“ Овој празник посебно е интересен за учениците заради маскирање и изработка на украси и предмети за овој ден.

На ден 31.10. 2015 членовите на англиската секција од шесто и осмо одделение и наставничката Виолета Поповска го **посетија Американското катче во Битола** каде присуствуваа на забавата по повод празникот **Halloween**. Во рамките на програмата за соработка со локалната средина постои соработка со Американското катче каде учениците се зачленуваат и учествуваат во различни активности и можат да позајмуваат литература на англиски јазик.За време на посетата учениците можеа да учат и да се забавуваат преку повеќе интерактивни игри како што се “Bobbing with apples”,“Pin the nose on the witch”,“Wrap the Mummy”.Во секоја од игрите победниците добија симболични награди. Во вториот дел од забавата учениците имаа можност да ја претстават својата маска пред присутните, на англиски јазик. Преку оваа посета учениците имаа можност добро да се забавуваат, да стекнат нови пријателства како и да научат многу нови работи околу традицијата и начинот на прославување на овој празник.

Потоа следеа активности околу **Божиќ и Нова година .** Секој од наставниците, во зависност од возраста на своите ученици се вкучи во активности за одбележување на овие празници според традициите на земјите од англиско,германско и француско говорно подрачје.Учениците од прво одделение учествуваа во приреби со традиционални Божиќни песни, а останатите ученици од одделенска и предметна настава се вклучија во изработка на новогодишни картички, а заедно со нивните родители во изработка и продажба на традиционални колачи и украси со што се вклучија во манифестацијата **Новогодишен Базаар**, кој имаше и хуманитарен карактер.

Членовите на активот учествуваа и во уредувањето на училишниот весник „Светлини“ и дадоа допринос со прилози на англиски, германски и француски јазик.

Во месец Октомври наставничката Поповска Виолета и учениците од VIII--одд. учествуваа во промовирањето на училишната еко градина Климентина со мото: **„Здраво е, од Климентина е“** преку презентација на активности од **проект** на тема **„ Healthy food-healthy you”** со интеграција на еко содржини од темата Здравје- Квалитетна храна и нутриционизам. Учениците подготвија здрава храна според рецепти кои претходно беа изработени на часовите по англиски јазик. Исто така беа изложени и проект- плакатите на учениците од англиската секција и додатната настава по англиски јазик со порки за важноста на консумирање здрава храна. Целта на активноста беше да се збогати вокабуларот, граматичките структури, но исто така и да се развие еколошката свест за значењето на

здравата исхрана за развојот на учениците и да се поттикне секојдневното консумирање на ваков вид производи.

Во текот на **второто полугодие** најпрво беше одбележан **Св Валентин**.Овој празник е дел од традицијата на народите од англосаксонско подрачје и како таков е застапен во цивилизациските цели во наставната програма по англиски јазик. На Наставничките Виолета Поповска, Марија Крстевска, Љупка Петкова подготвија работилница за изработка на постер и картички за празникот. Цел на активностите е учениците да се запознаат со традицијата за празнување на овој празник, симболите што го карактеризираат празникот, збогатување на вокабуларот и развивање на креативноста и тимската соработката на учениците.

На 26.05.2016 на аманифестацијата за прогласиување на најдобрите ученици во генерацијата беше изведена драмата "Г-ѓа Министерка" под менторство на Јулија Ивановска.

Во рамките на проектот "Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен систем''беше одржан **отворен час** на 19.05. 2016 на тема - ,,Грижа за нашата средина'', од наставничката Марија Крстевска со ученици од второ одделение. На часот беше обработен вокабулар за морски животни и **еко интеграција- Одговорност кон животната средина.**На 27.05 беше одржан **отворен час по германски јазик во еко училницата** од наставникот Аврамовски Никола со ученици од шесто одделение на тема ,,Рециклирање'',со интеграција на еко содржини- **Одговорност кон животната средина.**

Во месец Април беа организирани и меѓуодделенски **натпревари** за ученици од IX и V одделение и беа селектирани учениците кои учествуваа на регионалниот натпревар по англиски јазик. На натпреварот учествуваа 25 ученици кои се истакнуваат по своето познавање на англискиот јазик и афинитетот кон истиот.

Во текот на второто полугодие се одржа **Интегрираната методичка пракса** за студенти од Педагошки Факултет од шести и осми семестар која започна на 5 март 2016 г и траеше до 30 април 2016г.Во текот на овај период студентите од Педагошки факултет од групата за англиски и германски јазик поствуваа часови кај наставниците Љупка Петкова и Евдокија Галовска Студентите од осми семестар набљудуваа 3 часа а потоа тие одржуваа часови со учениците од VI, VII и IX одд . Во текот на овој период тие беа и посетувани на часовите од нивниот професор д-р Викторија Петковска .Студентите од шести семестар ги набљудуваа сите часови кај наставниците ментори.

Наставничките Виолета Поповска и Јулија Ивановска беа **ментори на наставниците** приправници во текот на оваа учебна година- Кристина Поповска и Моника Лазова.

Во текот на оваа учебна година беа посетени повеќе **обуки за професионален развој** и усовршување на наставниците. Наставничката Виолета Поповска во рамките на Ерасмус + програмата -Транснационални активности за соработка учествуваше на семинар на тема: Early school leaving seminar: VET and Youth work as an alternative learning pathway,организиран од EUPA(European Union Programmes Agency) во Малта од 15-19 Ноември 2015.

Наставничката Виолета Поповска и осум ученици од осмо одделение учествуваа во меѓународниот проект Global teenager и успешно го завршија циклусот со високи резултати.
Наставничките Поповска Виолета и Поповска Кристина учествуваа на Втората Едуконференција во Струга 01-03 Април 2016.
Наставниците по англиски јазик учествуваа на повеќе работилници и семинари запрофесионално усовршување организирани од ЕЛТАМ и Express Publishing.

*Битола,* *Член на актив по странски јазик,*
*10.07.2016* *Виолета Поповска*

СТРУЧЕН АКТИВ –историја,географија и граѓанско образование

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ ВО ПРЕДМЕТНА НАСТАВА
Стручен актив на историја, географија и граѓанско образование

**НАСТАВНИЦИ ВО СТРУЧНИОТ АКТИВ: Љупчо Стојановски, Александар Јаневски, Бранко Стојановски, Марина Трајчевска, Цвета Крстевска и Билјана Цветковска**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ: Љупчо Стојановски**

| СОДРЖИНА | ЦЕЛИ | РЕАЛИЗАТОРИ И СОРАБОТНИЦИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| 1. Избор на претседател на стручен актив | Придонес кон годишната програма на училиштето | Членови на Стручен актив | Август 2015 | Подобрување на соработката меѓу членовите на Стручниот актив |
| 2. Избор на учебници | Извештај околу снабденоста со учебници кај учениците | Членови на Стручен актив | Август/Септември 2015 | Подобрување на квалитетот на знаењето кај учениците |
| 3. Донесување на програма за стручен актив | Придонес кон годишната програма на училиштето и соработка на членовите на стручниот актив | Членови на Стручен актив ППС | Август 2015 | Поголема активна работа на сите членови на активот за остварување на наведените цели |
| 4. Изработка на програми за работа на стручниот актив, инструменти, потребни материјали за тековната година | Изработка на стратегија за поефикасно функционирање на стручниот актив, како и реализација на целите на активот | Членови на Стручниот актив | Септември 2015 | Подобрување на наставата и работата на Активот |
| 5. Месечни состаноци за дискусија и споделување на мислењата и искуствата на | Размена на искуства и воочување на слабостите со цел надминување на евентуалните | Членови на Стручниот актив | Септември/Август 2015-2016 | Решение на тековни проблеми поврзани со реализацијата на наставата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| наставниците на активот во текот на работата | проблеми | | | |
| 6. Посета на семинари и обуки и размена на искуства од истите | Професионално усовршување на членовите од стручниот актив | Членови на Стручниот актив | Септември/Август 2015-2016 | Имплементација на стекнати знаења во редовната настава |
| 7. Разгледување на успехот и поведението на учениците на полугодие/ крај на година | Подобрување на успехот на учениците по соодветните предмети | Членови на Стручниот актив | Јануари/Јуни 2015-2016 | Подобрување на постигнатиот успех кај учениците |
| 8. Одржување на отворени часови | Размена на искуства меѓу членовите од активот како и соработка со останатите активи | Членови на Стручниот актив, ППС, директор | Септември/Јуни 2015-2016 | Примена на нови методи и техники во наставата |
| 9. Подготвување на учениците за претстојни натпревари | Постигнување на квалитетни резултати кај учениците | Членови на Стручниот актив | Март-Април 2016 | Промоција на училиштето и учениците преку натпреварите |
| 10. Дискусија за резултатите од натпреварите | Анализа на натпреварите, како и воочување на евентуалните слабости при истите | Членови на Стручниот актив | Април 2016 | Подобрување на резултатите на учениците |
| 11. Сертифицирање на наставници | Професионално усовршување на членовите од стручниот актив | Членови на Стручниот актив, ППС, директор | Септември-Август 2015-2016 | Имплементација на стекнати знаења во редовната настава |
| 12. Предлог распределба на часови | Рамноправна застапеност на наставниците | Членови на Стручниот актив | Август 2016 | Наставниците да бидат задоволни од застапеноста со часови |
| 13. | Пренесување на | Членови на | Септември- | Вклучување на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Менторирање на наставник приправник | стекнато искуство кај наставникот приправник | Стручниот актив | Август 2015-2016 | наставникот приправник во наставно-воспитниот процес |
| 14. Менторирање на студенти | Пренесување на искуствата од наставниците врз студентите | Членови на Стручниот актив | Септември-Јуни 2015-2016 | Подготовка на студентот за реализација на наставно-воспитниот процес |
| 15. Договор за тестови и писмени работи | Изработка на тестови на нивоа според знаењата на учениците | Членови на Стручниот актив | Септември-Јуни 2015-2016 | Учениците да постигнуваат поквалитетни резултати кои одговараат на нивното реално знаење |

## СТРУЧЕН АКТИВ НА ИСТОРИЈА, ГЕОГРАФИЈА, ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ, ЗАПОЗНАВАЊЕ НА РЕЛИГИИТЕ

### Годишен извештај 2015/16

Годишен извештај од претставниците на стручниот актив историја, географија, граѓанско образование, запознавање со религиите, при О.У. „Св. Климент Охридски“- Битола.

| Ред. бр. | АКТИВНОСТ | **ВРЕМЕ** | **ОПИС** |
|---|---|---|---|
| 1 | ЗАПИСНИК БР. 1<br>1 Формирање на стручен актив за новата учебна година и избирање на раководство на активот.<br>2 Распределба на часовите за новата учебна година.<br><br>3 Изготвување на годишната програма за учебната 2015-2016 година<br>4 Тековни прашања | 31.08.2015 година | На првиот состанок беше формиран стручниот актив. Поделбата што беше направена во јуни беше потврдена без промени. Во однос на третата точка, беше констатирано дека сите присутни наставници уредно имаа испланирано годишно глобално планирање, како и тематско процесно планирање за првата тема. На овај состанок исто така се разговараше за ЕКО и МИО часовите, односно кои наставни единици се најпогодни за предвидените содржини. |
| 2 | ЗАПИСНИК БР. 2<br>1 Извештај околу снабденоста на учениците со учебнници 2 Изработка на стратегија за поефикасно функционирање на стручниот актив, како и реализација на целите на активот<br>3 Информирање на активот за | 30.09.2015 година | На второт состанок се разгледаа сите прашања кои што беа на дневниот ред. Се утврди дека учениците се снабдени со учебници, освен учениците во шесто одделение по предмето географија, исто така стручниот актив функционира ефикасно и секој наставник ќе се вклучи со своја активност кон одбележувањето |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ,,Најголемиот глобален час", подржано од ООН, настан кон кое што се вклучи и нашето училиште. 4 Тековни прашања | | на патрониот празник на тема ,,Светлината како универзална сила" понудувајки свој концепт, исто така во врска со точката под број три ,,Најголемиот глобален час" наставниците кои што предаваат географија и граѓанско образование ( Марина Трајчевска, Бранко Стојановски, Билјана Цветковска и Стефанија Трајковска) се изјаснија дека не се вклучуваат во настанот, додека наставникот Александар Јаневски ќе се вклучи во настанот на одделенскиот час. |
| 3 | ЗАПИСНИК БР. 3<br>1 Месечни состаноци за дискусија и споделување на искуствата меѓу наставниците за поефикасна настава.<br>2 Изработка на стратегија за поефикасно функционирање на стручниот актив, како и реализација на целите на Активот<br>3 Тековни прашања | 30.10.201 5 година | Ова беше само месечен состанок за дискусија и споделување на искуствата меѓу наставниците за поефикасна настава.Изработка на стратегија за поефикасно функционирање на Стручниот актив, како и реализација на целите на Активот исто така констатиравме дека стручниот актив функционира ефикасно и дека наставата се реализира во предвидените текови. |
| 4 | ЗАПИСНИК БР. 4<br>1 Разгледување на успехот и поведението на учениците за првото тримесечие.<br>2 Изработка на стратегија за поефикасно функционирање и имплементирање на наставата.<br>3 Разговор информирање до каде сме со подготовките за патрониот празник<br>4 Тековни прашања | 09.11.201 5 година | На четвртиот состанок се разгледаа сите прашања кои што беа на дневниот ред. Се утврди дека успехот и поведението на учениците општо во првото тримесечие е под очекуваното ниво и се разговараше за некои мерки кои би требало во иднина да ги реализираме за да се подобри успехот и секако дисциплината на учениците. Подготовките за патрониот празник се во тек. |
| | **ЗАПИСНИК БР. 5** 1.Разгледување на кодексот за однесување на наставниците.<br>2.Разгледување на правилникот за систематизација на работните места 3. Тековни прашања<br>На петтиот состанок се разгледаа сите прашања кои што беа на дневниот ред. Се утврди дека по однос на првата точка некои од наставниците односно имаа забелешки за кодексот на облекување бидејки не би смееле да носат фармерки во нормална боја или некои пригодни патики односно би сакале да имаме малку поголема слобода во облекувањето, која е наше лично убедување. Во однос на втората точка беше разгледан правилникот за систематизација и се беше коректно. | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 | ЗАПИСНИК БР. 6<br>1 Разгледување на кодексот за однесување на наставниците.<br>2 Разгледување на правилникот за систематизација на работните места<br>3 Тековни прашања | 25.12.2015 | На шестиот состанок се разгледаа сите прашања кои што беа на дневниот ред. Се утврди дека по однос на првата точка некои од наставниците односно имаа забелешки за кодексот на облекување бидејки не би смееле да носат фармерки во нормална боја или некои пригодни патики односно би сакале да имаме малку поголема слобода во облекувањето, која е наше лично убедување. Во однос на втората точка беше разгледан правилникот за систематизација и се беше коректно. |
| 6 | ЗАПИСНИК БР. 7<br>1 Разгледување на дисциплината и успехот на учениците во првото тримесечие 2015/16<br>2 Подготовки за престојниот маскенбал кој ќе се оддржи во училиштето<br>3Тековни прашања | 30.03.2016 | На овој состанок се разгледаа сите прашања понудени на дневниот ред и се утврди дека дисциплината на учениците е подобрена но успехот стагнира исто така се утврди дека сите наставници на свој начин беа уклучени во 1 во Априлскиот натпревар маскенбал кои ќе има за задача да одбери најдобра маска и најдобар талент во натпреварите кои ке траат два дена, исто така се разговараше за отворените часови кои ќе се реализираат кон крајот на Април и Мај. Се констатира дека наставата се одвива во најдобар ред. |
| 7 | ЗАПИСНИК БР. 8<br>1 Одржување отворени часови за подобра соработка меѓу наставниците.<br>2 Тековни прашања | 06.05.2016 | На овај состанок се констатира дека нашиот стручен актив има одржано повеќе отворени часови и активно се вклучува во реализирањето на наставниот план и програма на училиштето преку разни активности манифестации и отворени часови. По повод патрониот празник отворени часови одржаа наставникот **Бранко Стојановски**, кој предаваше за **Поларната светлина** и наставничката **Марина Трајчевска** која одржа предавање **Сонцето - Најголема звезда**, исто така имаше соработа помеѓу наставничката по македонски јазик **Оливера Илиевска** и наставникот по историја **Љупчо Стојановски** заедно со одредени ученици одржаа предавање за **Кочо Рацин** преку историски текст и читање негови песни. На 05.05 2016 година нставничката по географија одржа отворен час **Еко стандард VI влијанието на Климата врз биодиверзитетот** во VIII3 одд наставна единица **Климатско вегетациони** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **карактеристики на Азија.** Наставникот Бранко Стојановски во месец Април беше вклучен заедно со учениците во уредувањето на школскиот двор. Најавен ќе биди уште еден отворен час кон крајот на месец Мај а ќе биди одржан од наставникот Александар Јаневски |
| 8 | ЗАПИСНИК БР. 9<br>1 Распределба на часови за учебната 2016/17 година<br>2 Тековни прашања | 23.05.2016 | На овај состанок кој се одржа за распределба на часовите за идната учебна година се утврди дека наставникот Бранко Стојановски ќе предава во шесто одделение со по 10 часа историја и 10 часа географија, наставничката Марина Трајчевска ќе предава во седмо и девето одделение географија, наставникот Александар Јаневски ќе предава во седмо и осмо предмет историја, наставникот Љупчо Стојановски ќе предава во девето одделение 10 часа историја, наставничката Крсевска Цвете ќе предава во осмо одделение 10 часа географија и 10 часа изборен предмет, наставничката Билјана Цветковска по Граѓанско образование и наставникот Златко Крстевски запознавање со религиите си останувaат исто. |
| 9 | ЗАПИСНИК БР. 10 | 27.05.2016 | Исто така да се забележи дека наставникот Александар Јаневски одржа отворен час на 19.05.2016 год. на тема, **Балканот и Македонија под османлиска власт**, наставна единица **Карпошово востание и Македонија по Карпошовото востание,** часот беше посетен од наставници од стручниот актив ППС службата и Директорот на училиштето |

Според записниците кои ги имам пратено споредено со годишната програма на нашиот стручен актив слободно може да се каже дека активот оваа година функционираше на нивото кое го имаше поставено, комуникацијата и соработката меѓу наставниците е на високо ниво, сите наставници одржаа отворени часови имавме и менторирање на наставник приправник, учество на семинари за професионално усовршување на наставниците. Можиме да издвоиме како неостварен дел од нашата овогодишна програма е неучеството на натпревари по историја бидејки подолго време такви натпревари не се одржуваат.

Изготвил:
Претседател на Стручниот актив ,Љупчо Стојановски

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ
# 2015/2016

Во Дневниот престој се опфатени сите ученици ко иимаат потреба од истиот, од прво до петто одд. Во почетокот на оваа учебна година во дневниот престој се запишаа околу 110 ученици, а наредните месеци нивниот број вараше и достигна до 160.

Воспитно-образовната работа ја изведуваа 4 одделенски наставници одговорни за Дневниот престој, соработно време од 7 до 17 часот.

| Ред. бр. | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ | ОПИС |
|---|---|---|---|
| 1. | Задолжителни активности | Септември-декември | Изработка на домашна работа,повторување на материјалот и подготовка за писмени работи со цел за развивање на интересите за усвојување и проширување на знаењата.<br>.Работа со компјутери |
| 2. | Слободни ученички активности | Секој ден од 12-13:15ч. | .Слободни активности реализирани во просториите на дневниот престој, во малата сала и училишниот двор;<br>Мало училиште за големи нешта<br>Моливот пишува со срцето<br>Шарам-создавам<br>Пееме,танцуваме,глумиме<br>Игри без граници<br>Активности по избор на учениците |
| 2.1. | Приредбипо поводДенотн аучилиштето | 4.12.2015годин а | По повод денот на училиштето,покрај двете Централни манифестации,во училиштето напоредно се одвиваа и други активности по училниците,медијатеката,како и во Дневниот престој.<br>Во проториите на Дневниот престој се реализира ликовна работилница со ученици кои го посетуваат престојот и ученици од Заводот за рехабилитација за слух, говор и глас на деца „КочоРацин“.Во активноста беа вклучени околу 30 ученици од различна возраст,распоредени во 7 групи.Учениците работеа во групи, изработуваа честитки,новогодишни украси (од стиропор,колаж,светлива хартија...)цртаа, боеа, сечеа, лепеа. Во активностите подеднакво беа вклучени сите ученици, имаше тимска работа, пријатна атмосфера, учениците соработуваа, си помагаа, изработуваа.Наставничкитепостојаногиследеа, поттикнуваа, мотивираа и каде што беше |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | потребно и помагаа. Во работилницата беше вклучен и училишниот дефектолог кој помагаше за подобра комуникација помеѓу учениците. Наставници кои беав клучени:Сузана Дишковска, Кети Јосифовска, Ана Здравкова и Андријана Шокларовска и наставници од Заводот. |
| 2.2.<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>2.3 | Активности по повод Новогодишните празници<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>Активности по повод денот на мајката | 21.12.-25.12. 2015година<br><br><br><br><br><br><br><br>28.12.2015година<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>28.12.2015година<br><br><br><br><br><br><br>7.03.2016 | Во периодот од 21.12.-25.12.2015година,по повод Новогодишните празници во просториите на Дневниот престој во периодот за слободни активности се реализираа активности за украсување на ходниците и централниот хол во училиштето.Учениците со нивната креативност и идеи изработија разновидни снегулки и украси,а при изработката им помагаа и наставниците.<br><br>Во Дневниот престој се одржа Креативна работилница за украсување на прозорцитеи просториите.Активностите на оваа работилница беа доста интересни,креативни,забавни и се одвиваа во пријатна предновогодишна атмосфера исполнета со многу игра,смеа и музика. Прозорците се обложија со најлонска фолија,се нацрта зимски,новогодишен пејсаж,се боеше со темперни и тонери во различни бои,па се украсуваа со памук,светки....<br><br>Во училишниот двор во 17ч. се одржа новогодишен панаѓур. Дневниот престој зеде учество во подготовките за панаѓурот,во различни<br>одделенски совети.<br><br>**ВТОРО ПОЛУГОДИЕ**<br><br>Во дневниот престој се одржа работилница по повод празникот на жената и мајка„Осми март“.Во работилницата учество зедоа сите ученици од Дневниот престој.Својата креативност тие ја преточија во преубавите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | честитки и цветови што ги направија за своите најмили.Во сето тоа им помогнаа наставниците од Дневниот престој. |
| 2.4 | Активности по повод доаѓањето на пролетта | 18-20.03.2016 | Во просториите на Дневниот престој по повод доаѓањето на пролетта се одржа ликовно-креативна работилница за украсување на прозорците во Дневниот престој во духот на пролетта.За таа цел прозорците се обложија со најлонска фолија на која се исцртаа пролетни пејсажи,а потоа се боеја со темпери,тонери и украсува со памук,светки и сл. Атмосферата во Престојот беше многу пријатна.Дел од учениците пееја песнички за пролетта,а преостанатиот дел учествуваaa во ликовната работилница на тема „Догледање Баба Зима,добре ни дојде Пролет“. |
| 2.5 | | 27.04.2016 | Во училишниот двор се одржа Велигденски панаѓур од продажен карактер.Во подготовките на истиот учество зедоа и наставниците од Дневниот престој .Тие беа распоредени по штандови во различни одделенскисовети. |
| 2.6 | Активности по повод отворањето на училницата во природа | 23.05.2016 | Отворањето на училницата во природа, се одбележа со работилници во истата во текот на целиот ден, како и со свечена манифестација .Учество во истата зедоа и ученици од Дневниот престој.Тие се претставија со драматизацијата „Најдобрата наставничка“.Сето тоа успешно го изведија, а со помош и претходна подготовка на наставниците од престојот. |

| ПОЗИТИВНИ СТРАНИ | НЕГАТИВНИ СТРАНИ |
|---|---|
| 1. Реновирање на просториите во Дневниот престој<br>-бојадисување на ѕидовите,вратите и влезната врата<br><br>-бојадисување на масичките и столчињата<br><br>-изработка на сталажа за училишните чанти<br><br>2. Соработка со родителите, со наставниците,со ППС и Директорот на училиштето.<br><br>3. Организирана работа по групи<br>4. Развивање интереси за усвојување и проширување на знаењата<br>5. Дружење меѓу дветес мени(развивање на другарски односи,помош и соработка).<br><br>6.Обезбедување со хартија за печатење од страна на училиштето<br><br>7.Почитување на забраната за влез како и за поминување низ просториите на Дневниот престој од страна на родителите | 1. На почетокот на оваа учебната година иако бевме обезбедени со голем број на работни материјали ( хартија, фломастери,дрвени боички, колаж, моливи) од страна на училиштето, сепак се соочуваме со континуиран недостаток од работен материјал и прибор. Би истакнале дека и ние од нашите лични средства повеќе пати одвојувавме дел за набавување на истите, а исто така и некои од учениците (нивните родители) ни испратија хартија,топки...; сепак недостатокот од истите секогаш постои. |

ПРЕПОРАКИ: Доколку постои можност за изнаоѓање на некакво решение за компјутерите, бидејќи поради застареност не се повеќе во функција.

**СТРУЧНИОТ АКТИВ –биологија,физика и хемија**

| Реден број | Содржина | Цели на активностите | реализатор | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Избор на претседател на стручен актив** | •Координирање на работата на Стручниот актив | Наставниците членови на Стручниот актив | Август | Изработка на програма за работа на Стручниот актив |
| 2 | **Донесување на годишна програма за работа на активот** | ➲Разгледување на предлог програмата на претседателот и нејзино изменување и дополнување. | Наставниците членови на Стручниот актив | Септември | Усовршување на годишната програма за работа на Стручниот актив |
| 3 | **Изготвување на план за работа во редовната, додатната настава и слободните ученички активности** | •Усовршување на наставните планови, а со тоа и работата на наставниците<br>•Меѓусебно координирање со сродните наставни предмети | Наставниците членови на Стручниот актив | Септември | Зголемување на соработката помеѓу наставниците и усовршување на нивната работа Произлегување на идеи за интегрирани часови |
| 4 | **Изработка на распоред за додатна, дополнителна настава и слободни ученички активности** | ➲Меѓусебно координирање во изработката на распоредот<br>➲Избегнување на поклопување по однос на термини | Наставниците членови на Стручниот актив | Септември | Можност за реализација на додатна, дополнителна настава и слободни ученички активности |
| 5 | **Месечни состаноци за дискусија и споделување на мислењата и искуствата на наставниците на активот во текот на работата** | ➲Разменување на искуства по однос на успешни наставни техники, методи, апликации кои ги користиме во наставата | Наставниците членови на Стручниот актив | Септември-јуни | Осовременување и зголемува на успешноста на наставниот процес |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6 | **Посета на семинари и обуки и размена на искуства од истите** | ➲Кариерно усовршување на наставниците<br>➲Споделување и размена на искуства | Наставници од целото училиште | Септември-јуни | Зголемување на комптетенциите кај наставниците Подобрување на соработката помеѓу наставниот кадар на ниво на училиште |
| 7 | **Анализа на успехот на учениците на крајот од првото полугодие/ учебната година** | ❖Следење на растот или потешкотиите во совладувањето на наставната програма | Наставниците членови на Стручниот актив | Јануари/ јуни | Подобрување на успехот на учениците по предметите од активот |
| 8 | **Дискусија за одржаните нагледни часови по предметите: Биологија, Хемија , Физика и Природни науки** | 7.Размена на искуства | Наставниците членови на стручниот актив | Септември-јуни | Унапредување на воспитно-образовниот процес преку користење на нови методи, техники, алатки за работа |
| 9 | **Избор на ученици и нивна подготовка за општински и регионални натпревари** | ➲Меѓусебно договрање во изборот на ученици за да не дојде до тоа ист ученик да биде ангажиран во два натпревари | Наставниците членови на стручниот актив | Март | Афирмирање на знаењето на учениците; афирмација на училиштето. |
| 10 | **Дискусија за резултатите од одржаните натпревари на кои сме учествувале** | ➲Споделување на искуства за карактерот на натпреварот и начинот на подготвување на учениците | Наставниците членови на стручниот актив | Април | Поголемо афирмирање на знаењето на учениците; Подобра афирмација на училиштето |
| 11 | **Избор на учебници за соодветните предмети** | •Разгледување на предлози за учебници и избор на | Наставниците членови на стручниот актив | јуни | Олеснување на процесот на учење за учениците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | најсоодветниот учебник | | | |
| 12 | **Предлог распределба на часови** | •Соработка на членовите на стручниот актив и меѓусебно координирање | Наставниците членови на стручниот актив | јуни | Меѓусебен договор за задоволување на фондот на часови на сите наставници и целосна покриеност на наставните програми |

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

| Ред. бр. | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ | ОПИС |
|---|---|---|---|
| 1 | Разгледување на Развојниот план и Годишната програма за работа на училиштето | 31.08.2015 година | Присутните наставници ги разгледаа предлозите на Годишната програма за работа и Развојниот план на училиштетот. Најпрво заеднички ја исчитавме Годишната програма за училиштето и утврдивме дека истата е доста исцрпна, па согласно истата треба да се раководиме во однос на изработка на нашите планирања.Исто така го исчитавме и Развојниот план за кој утврдивме дека нема забелешки, а на истиот треба да ги усогласиме нашите планирања. |
| 2 | Избор на претседател на Стручниот актив; | 01.09.2015 година | Присутните наставници го дискутираа ротациониот редослед на претседатели од стручниот актив, така што извлекоа заклучок дека оваа година претседател на стручниот актив треба да биде Андриана Димитров. |
| 3 | Донесување на годишна програма за работа на стручниот актив | 08.09.2015 година | Наставниците ја разгледаа предлог програмата изготвена од претседателот на стручниот актив Андриана Димитров. Исто така беше разгледана и годишната програма на училиштето, како и развојниот план на училиштето и беше донесен заклучок дека програмата на стручниот актив е усогласена со работата на училиштето. |
| 4 | Изготвување на план за работа во редовната, додатната настава и слободните ученички активности | 10.09.2015 | Наставниците разговараа меѓусебно- ги презентираа накратко своите програми за работа, дисуктираа за наставните содржини во кои може да се изведе еко интеграција како и воведување на МИО. Исто така поради новитетите во образуванието т.е. воведување на наставни програми по Кембриџ за природни науки во петто и шесто одделение, а сеуште неснабденост со учебници се договараше меѓусебна соработка помеѓу наставниците како би се овозможила поуспешна реализација на наставата. Исто така наставниците меѓусебно ги представија и програмите за додатна настава и слободните ученички активности со цел да се воочат можностите за меѓусебна интеграција, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | соработка со локалната средина, кариерен развој, вклученост во патрониот празник на училиштето, учество во проекти и низа други активности. |
| 5 | Вклучување во најголем глобален час | 29.09.2015 | Во „Најголемиот глобален час“- активност поддржана од обединетите нации и Уницеф, нашиот Стручен актив се вклучи со следните активности:<br>Наставничката Славица Костевска на одделенси час- Животни вештини, се вклучи со „Вовед во глобалните цели за одржлив развој“ со 30 минутно учество.<br>Наставничката Бојана Д. Гоновска во рамките на хемиската секција реализираше 30 минутна активност на тема „Чиста вода за сите“. Активноста беше реализирана преку пораки и пароли под мотото Чиста вода. Воедно беше изведен и хемиски експеримент- филтрација на вода.<br>Наставничката Андриана Димитров како дел од проектот Училиште без насилство се вклучи со активноста „Во светот нема еднаквост, дали е тоа праведно? Од активноста произлегоа пораки/ пароли за поттикнување на еднаквоста меѓу луѓето. |
| 6 | Дискусија за посета на час од советник | 07.10.2016 | Наставничките Андриана Димитров, Соња Кузманова и Славица Костевска споделуваа и пренесуваа искуства од посета на советник од бирото за образование од соодветниот наставен предмет |
| 7 | Еко настан: Здраво е , од Климентина е! | 29.10.2015 | Во октомври месец натсвници од нашиот стручен актив беа вклучение во реализација на настанот „Здраво е, од Климентина е!“. Овој настан имаше за цел да ги промовира производите од екоградината Климентина, но и да го поттикне секодневното конзумирање на производи од овој тип. |
| 8 | Представување на училишниот патронен празник со интегриран отворен час на сите наставници од стручниот актив | 09.11.2015 | Во Декември по повод патрониот празник на училиштето беше реализирана повеќедневна манифестација, во која нашиот стручен актив учествуваше со заедничко представување на Стручниот актив со проект „Стаклена градина“. Оваа одлука беше донесена со цел да се зајакне соработката меѓу членовите од стручниот актив, како и да се |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | изработи нешто позначајно, од поголема димензија кое ќе остане во трајно сеќавање на учениците, а истовремено ќе биде едукативно за нив. Представувањето се состоеше од предавање на тема: Ефектите од стаклена градина, како и практичен експеримент со кој можеше да се согледаат ефектите од стаклената градина врз растенијата. |
| 9 | Разгледување на кодексот за облекување и однесување на наставниците; Разгледување на систематизација на работните обврски на наставниците | 23.11.2015 | Наставниците го исчитаа кодекстот за облекување и однесување на наставниците и го дискутираа истиот. Беше донесен заклучок дека треба да се надоплони кодексот за облекување и однесување на учениците, а да се преработи кодексот за облекување и однесување на наставниците. Од страна на членовите на стручниот актив беше изразен став дека наставниците не се согласуваат со потпишуваење на овој кодекс, бидејќи мерките кои е предвидено да се преземат за непропишаното однесување и облекување се многу ригорозни. Наставниците ја разгледаа и систематизацијата на работни обврски, за која немаше посебна дискусија. |
| 10 | Учество во награден конкурс Trash for art | 07.12.2015 | Во тек на декември месец наставничката Андриана Димитров од овој стручен актив во соработка со наставничката Ленче Крстеска од активот ликовно, музичко и физичко образование зедоа учество на наградниот конкурс „Trash for art“ на кој го освоија второто место и парична награда од 20 000 ден. |
| 11 | Учество во настан со предприемнички карактер: Климентовци, предприемачи! | 28.12.2015 | Во месец декември наставниците од Стручниот актив преку одделенските совети беа вклучени во настан од препримеачки карактер: Климентовци, предприемачи! Преку поттикнување на учениците за развивање на нивниот предприемачки дух преку производство и продажба на храна. |
| 12 | Анализа на успехот на учениците на крајот од првото полугодие | 11.01.2016 | Наставниците дискутираа за ученици кај кои има пад или напредок во постигнатите резултати. Анализирајќи ги позитивните страни на учениците како би се обезбедиле услови за подобрување на успехот на учениците по предметите од активот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 13 | Избор на ученици и нивна подготовка за општински и регионални натпревари | 08.02.2016 | Наставниците дискутираа- меѓусебно се договраа во изборот на ученици за да не дојде до препоптеретеност на поодделни ученици, како би се постигнале подобри резултати. |
| 14 | Посета на пречистителна станица за вода, предавање и квиз | 05.03.2016 | Во месец Март наставничката Бојана Д. Гоновска во соработка со ЈКП Водовод- Битола со ученици од VIII и IX одд. посетија пречистителна станица за вода, а потоа беше одржано интерактивно предавање на тема „Водата значи живот затоа треба да ја штедиме“ со што беше одбележан меѓународниот ден за заштеда на водите. |
| 15 | Промоција на импровизирани сончеви колектори | 10.04.2016 | Во месец април наставничката Соња Кузманова по физика со ученици од IX одд. реализираа низа пресметки за потрошувачката на електрична енергија во училиштето, учествуваа во изработка на импровизирани сончеви колектори од лименки кои имаат за цел сончевата енергија да ја користат за затоплување на училниците. По поставувањето на колекторите беа извршени исти пресметки со што беше воочено дека колекторите ја постигнаа својата цел. |
| 16 | Резимирање на активностите од отворен тип кои беа реализирани во учебната 2015/2016год | 26.04.2016 | Во изминатата 2015/2016год. беа реализирани следните активности:<br>Во октомври месец наставничката Андриана Димитров реализираше еко настан: „Здраво е, од Климентина е!“ Овој настан имаше за цел да ги промовира производите од екоградината Климентина, но и да го поттикне секојдневното конзумирање на производи од овој тип. На овој настан водителите преку драматизација укажуваа за значењето на здравата храна, како и поттикнуваа на нејзино секојдневно конзумирање. Ученици представници од сите паралелки од VI до IX одд. изработуваа декорации од здрава храна. На приредбата учествуваа и други учесници кои не се дел од стручниот актив.<br>Во Декември по повод патрониот празник на училиштето нашиот стручен актив учествуваше со заедничко представување на тема „Стаклена градина“. На ова представување му претходеа истражувања на тема Стаклена градина од различни аспекти. Хемија- Бојана Д. Гоновска- стакленички |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | гасови. Физика- Соња Кузманова- емисија на стакленички, Биологија- Славица Костевска и Андриана Димитров ефекти на стаклена градина врз растенијата и човекот и изработка на модел на стаклена градина. На крај активностите разултираа со предавање на тема: Ефектите од стаклена градина, како и практичен експеримент со кој можеше да се согледаат ефектите од стаклената градина врз растенијата.<br>Во тек на декември месец наставничката Андриана Димитров од овој стручен актив во соработка со наставничката Ленче Крстеска од активот ликовно, музичко и физичко образование зедоа учество на наградниот конкурс „Trash for art“ на кој го освоија второто место и парична награда од 20 000 ден.<br>Во месец Март наставничката Бојана Д. Гоновска во соработка со ЈКП Водовод- Битола со ученици од VIII и IX одд. посетија пречистителна станица за вода, а потоа беше одржано интерактивно предавање на тема „Водата значи живот затоа треба да ја штедиме“ со што беше одбележан меѓународниот ден за заштеда на водите.<br>Во месец април наставничката Соња Кузманова по физика со ученици од IX одд. реализираа низа пресметки за потрошувачката на електрична енергија во училиштето, учествуваа во изработка на импровизирани сончеви колектори од лименки кои имаат за цел сончевата енергија да ја користат за затоплување на училниците. По поставувањето на колекторите беа извршени исти пресметки со што беше воочено дека колекторите ја постигнаа својата цел.<br>Од февруари и сè уште во тек се активности по повод проектот Еко пакет Македонија, на кој учествуваат наставниците Андриана Димитров, Бојана Д. Гоновска и Марија Гилевска со свои тимови од ученици со кои изработуваат макети од тетрапак амбалажи на тема Еко град. |
| 17 | Дискусија за посета на часови од страна на | –04.05.2016 | Наставничките Соња Кузманова и Андриана Димитров ги споделија своите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | државен просветен инспектор | | искуства од посета на државен просветен инспектор, на што се треба да обрнат внимание колегите, дали и какви забелешки беа дадени. |
| 18 | Дискусија за резултатите од одржаните натпревари на кои сме учествувале | −29.05.2016 | Наставниците споделуваа искуства за карактерот на натпреварот и начинот на подготвување на учениците. Дискутираа и за освоените награди:<br>• Андриана Димитров (биологија и природни науки): на <u>општински</u> <u>натпревар</u>- **4** први места, **2** втори места, **12** трети места и **6** пофалници; <u>регионален</u> <u>натпревар</u>- **1** прво место, **5** втори места, **7** трети места, **6** пофалници; <u>државен натпревар</u>- **1** прво место, **2** трети места и **4** пофалници<br>• Славица Костевска (биологија)- <u>општински натпревар, регионален натпревар, државен натпревар</u><br>• Бојана Д. Гоновска (хемија)- 1 трето регионално место, 1 четврто државно место<br>• Соња Кузманова (физика)- |
| 20 | Предлог распределба на часови | −20.05.2016 | Наставниците меѓусебно се договорија за задоволување на фондот на часови на сите наставници и целосна покриеност на наставните програми. |
| 21 | Учество на државен натпревар Еко пакет Македонија | −31.05.2016 | Наставниците Андриана Димитров, Бојана Д. Гоновска и Марија Гилевска со свои тимови од ученици со кои изработуваа макети од тетрапак амбалажи на тема Еко град зедоа учество на овој државен натпревар. |
| 22 | Дискусија за отворен час на Славица Костевска на тема Повторување и проширување на знаењата за ефектите од стаклена градина | −09.06.2016 | После одржаниот отворен час на тема Ефекти од стаклена градина се дискутираше за работата во групи, идеите кои имаа за цел да ги пренесат учениците преку сработениот материјал кој го презентираа. |

Во однос на програмата на стручен актив нема нереализирани активности, напротив реализирано е многу повеќе од планираното. Програмата за наредната учебна година може да биде збогатена со некои од овогодинешните реализирани активности, но сето тоа зависи од она што ќе биде предвидено во Годишната програма и Развојниот план на училиштетото.

Изработил: Андриана Димитров

**СТРУЧНИОТ АКТИВ –ликовно образование, музичко образование, ФЗО и иновации**

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## СТРУЧЕН АКТИВ – МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ И ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ
## 2015/2016

Годишната програма на Стручниот актив по Музичко, Ликовно и Физичко и здравствено образование е усогласена со наставните содржини кои ќе се реализираат преку отворени часови. Наставниците од активот кои не ги одржаа часовите во првото полугодие поради премногу обврски ќе ги одржат во текот на второто полугодие. Кај останатите планирани отворени часови за во второто полугодие има промена во месеците на одржување.

| Реден бр. | Активност | Време | Опис |
|---|---|---|---|
| 1. | 1.Избор на нов претседател на стручниот актив | 25.08.2015 година | На барање на досегашниот претседател на стручниот актив Предраг Созовски да биде сменет од функцијата претседател на Стручниот актив поради многу обврски и претседателство на одделенски совет, се изврши нов избор на претседател. За претседател на учебаната 2015/2016 година беше избран Игор Огненовски. |
| 2. | -Донесување на програмата за работа на стручниот актив – музичко, ликовно и физичко и здравствено образование.<br><br>-Разгледување на годишната програма за работа на училиптето Св. Климент Охридски – Битола, во учебната 2015/2016 година. | 02.09.2015 година | - Во врска со првата точка, од страна на наставниците – членови на стручниот актив, доставени се сорджини кои се составен дел на програмата за Стручниот актив за учебната 2015/2016 година. Исто така стручниот актив цо полн состав ја разгледа годишната програма за работа на потсетување на што да се обрне внимание понатаму, а додека за целите заклучивме дека ги применуваме и понатаму и во целост ги прифаќаме. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | 1.Договор за активностите по повод денот на училиштето | 16.10.2015 година | - По првата точка се разговараше за активностите што ќе треба да се превземат по повод патронот празник (натрпревари и конкурси). По изборот на овогодишниот слоган "Светлина" секој член од Стручниот актив си одреди со која точка ќе настапува. |
| 4. | 1.Разгледување на активностите по предмети во стручниот актив по повод патронскиот празник "Св. Климент Охридски" – Битола.<br><br>2.Тековни прашања. | 27.11.2015 година | - По првата точка наставниците по физичко и здравствено образование најавија активности за почетокот на првата недела – закажани турнири и натпревари со ученици од збратименото училиште "Глигор Прличев" – Охрид.<br><br>- Активностите по музичко образование беа најавени дента, прецизирани со датум, и успешно изведени во предавањето на академик, одбележување за јубилеј на училиштето.<br><br>- Во сите овие активности целите беа успешно реализирани: дружење на меѓуетничка основа, такмичарски карактер и сплотеност меѓу генрациите.<br><br>- По втората точка се сублимираа резултатите и активностите се оценија со високи коментари. |
| 5. | 1. Годишна и тематска програма за предметот ФЗО. | 15.12.2015 година | -На одржаниот состанок е донесен предлог при составувањето на годишната програма наставниците кои предаваат во истата година (одделенија) да ги приближат или усогласат програмите за таа учебна година колку е можно повеќе.<br>Во досегашните програми разликата во часовите не е голема (5-7 часа). |
| 6. | 1.Разгледување на успехот на учениците при крајот на првото полугодие по наставни предмети.<br><br>2.Учество на | 23.12.2015 година | - По првата точка беше дискутиран успехот на учениците по ликовно, музичко и физичко и здравствено образование. Наставниците заклучија дека нема некои поголеми промени во успехот во споредба со претходната година, со некои исклучоци, на пример во **IX** одд., каде успехот е послаб на ниво на генерација, но тоа е така по сите предмети, па со повеќе работа и ангажираност на наставниците со додатна и дополнителна настава, тоа ќе се надмине. Исто |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | патрониот празник.<br><br>3.Тековни прашања. | | така беше разговарано за успехот по новиот предмет Иновации, па наставничката **Ленче Крстеска** објасни дека предметот е добро прифатен од страна на учениците, и успехот е солиден на ниво на IX одд.<br><br>- По втората точка Активот заклучи дека се покажа во добро светло на прославата на денот на училиштето. Натпреварот во кошарка помеѓу нашето училиште и училиштето "Глигор Прличев" – Охрид побуди голем интерес кај учениците, кои во голем број беа присутни и ги бодреа натпреварувачите од нашата екипа. Наставниците по ликовно ги доделија пофалниците и наградите на учениците, како од одделенска, така и од предметна настава. Исто така го украсија холот со ученички цртежи кои што беа во голем број. Наставникот по музичко образование **Игор Огненовски** се погрижи за хорот кој настапи на двата дена (03.12.2015 и 04.12.2015год.) во училиштето.<br><br>- Во тековни прашања се разговараше за отворените часови во корелација со други предмети и се разменуваа искуства. |
| 7. | 1. Отворен час ликовно образование : Стевче Тодоровски – Презентација на темата ,,Новите тенденции во уметноста"<br><br>2. Тековни прашања. | 11.02.2016 година | - Презентацијата на часот беше одржана со VI – 2 одделение и беше проследена од претседателот на Стучниот актив Игор Огненовски, наставникот по техничко образование Игор Стојанов и наставникот по информатика Атанас Пеев. Часот беше одлично оддржан од страна на наставникот Стевче Тодоровски, беше подготвен со богат материјал за работа како и користење на ИКТ во часот. |
| 8. | 1. Улогата на наставникот во дополнителната, додатната настава и слободните ученички | 27.03.2016 година | - На овој состанок по првата точка се дискутираше и донесе заклучок дека додатната, дополнителната настава и слободните ученички активности успешно се реализираат, а доказ за тоа се постигнатите резултати на сите натпревари, конкурс и приредби<br>- За втората точка се дискутираа активностите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | активности<br><br>2. Месец на екологијата<br><br>3. Тековни прашања | | кои што се изведува со текот на месец Март по повод Екологијата.По ликовно образование наставниците објавија ликовен конкурс, на кој што твореа и учествуваа децата, како од одделенска така и од предметна настава.Наградите од конкурсот беа доделени на главната приредба.На истата наставниците по музичко образование се претставија со свои точки каде што децата пееја и свиреја во духот на екологијата. |
| 9. | 1. Отворен и часови по музичко и ликовно образование – Игор Огненовски и Пеце Колев наставници по музичко образование и Ленче Крстеска наставник по ликовно образование- на тема- ,,Месец на екологијата”<br><br>2. Тековни прашања | 18.04.2016 година | - На овој состанок се дискутираа активностите кои што се изведува со текот на месец Март по повод Екологијата.По ликовно наставниците Ленче Крстеска и Ствче Тодороски имаа активност преку изработка на скулптурите од тетрапак кои беа изложени за време на манифестацијата која се одржа на 21.03.2016г. Исто така наставничката Ленче Крстеска изработи пано кое што беше поставено во училишниот ходник на ,,Денот за заштета на електрична енергија”на кое учениците залепија еко пораки. Наставниците по музичко образование Игор Огненовски и Пеце Колев настапија со свои музички точки каде децата свиреа и пееја во духот на екологијата. Наставникот Игор Огненовски со ученичките Леона Мариќ VII 2 и Зорица Станковска VII 3 се претставија со песната ,,Sustainbale is possible” а наставникот Пеце Колев настапи со своите ученици Толевски Горјан VI 1 саксофон и Поповски Бојан VI 3 труба, се претставија со композицијата ,,Од новиот свет” од Антони Дворжак. Цела оваа манифестација беше проследена од членовите на стручниот актив како и од службата на училиштето (педагог и психолог) и исто така беше проследена од директорката и заменик директорката на училиштето и родителите кои беа во голем број. |
| 10. | 1. Учество на натпревар по предметот музичко образование наставник: Игор | 20.04.2016 година | - На овој состанок се дискутираа активностите за натпреварите, каде наставникот по музичко образование Игор Огненовски учесвуваше на регионалениот натпревар со хорот на училиштето. Натпреварот се одржуваше на 16.04.2016г. во основното училиште ,,Елпида Караманди” – Битола. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Огненовски<br><br>2. Тековни прашања | | - Поради прекрасниот настап кој го имаше хорот комисијата одлучи да додели 91 поен и со тоа што го дели првото место со основните училишта како што се: Тодор Ангелевки, Гоце Делчев и Стив Наумов. |
| 11. | 1. Извештај за реализација на активностите за изработка на сончеви колектори | 25.04.2016 година | Активностите се реализираа на ден 22.04.2016 година во училишната трпезарија со почеток од 09:30 часот. Учествуваа ученици од петто и деветто одделение. Целта на активностите беше учениците да научат дека природната сончева енергија уште се нарекува обновлива, затоа што ваквиот вид на енергија постојано и природно се обновува и повторува; да научат за претварањето на енергијата од еден во друг вид; да знаат дека оваа енергија не нанесува штета на човековата околина и со искористување на оваа сончева енергија штедимееелектрична енергија.<br>Во склоп на сето ова на изработена населба беа поставени повеќе изработени модели. Учениците со својата демонстрација и презентација, објаснуваа како сончевиот панел ги апсорбира (привлекува) сончевите зраци, и дека на таков начин сончевата енергија се претвора во механичка која го придвижува моделот. Учениците активно беа вклучени во текот на изработките и беа задоволни од направеното.<br>Активностите се реализираа на крајот на првото и почетокот на второто полугодие. Од Стручниот актив по музичко, ликовно и физичко и здравствено образование беше присутен наставникот по физичко обрзование Горан Димовски на сите одржани состаноци во врска со изработката на колекторите, исто така го изработи анкетниот лист, учествуваше во пополнување на апликацијата и во текот на изработката на сончевите колектори ангажираше ученици за сликање и снимање. Целта на сончевите колектори е заштеда на електрична енергија. |
| 12. | 1. Распред елба на часовите во стручниот актив | 25.05.2016 година | - На овој состанок се дискутираше на првичната распределна на часовите за учебната 2016/2017год.<br>***Музичко образование:***<br>**Игор Огненовски:** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | – Музичко и Ликовно образование<br><br>2. Тековни прашања | | VI одд.-1,2,3,4 и 5 = 5 часа<br>VIII одд.-1,2,3,4 и 5 = 5часа<br>ХОР – 5часа<br>Танци и ора:<br>- VIII одд.-1,3,5 = 6 часа<br><br>**Пеце Колев:**<br>VII одд.-1,2,3, и 5 = 5часа<br>IX одд.-1,2,3,4 и 5 = 5часа<br>Оркестар – 5часа<br>Танци и ора:<br>– IX одд. -3,4 и 5 = 6 часа<br><br>***Ликовно образование:***<br>**Ленче Крстеска:**<br>VI одд.-1,2,3,4 и 5 = 5часа<br>VIII одд.-1,2,3,4 и 5 = 5часа<br>Проекти од ликовна уметност:<br>-VIII одд.-10часа<br><br>**Стевче Тодоровски:**<br>VII одд.-1,2,3,4 и 5 = 5часа<br>IX одд.-1,2,3,4 и 5 = 5часа<br>Класична култура на европските цивилизации:<br>- VI одд.-1,2,3,4,5 = 10часа<br><br>***Физичко и здравствено образование:***<br><br>**Златко Трајчевски:**<br>VIII – 1,2,3,4 и 5 = 15 часа<br>VI – 1 и 2 = 6 часа<br>Одделенски раководител на VIII-2 = 1час<br><br>**Предраг Созовски:**<br>VII-1,2,3,4 и 5 = 15 часа<br>IX-3 и 5 = 6 часа-<br>Одделенски раководител на VII – 2 = 1час<br><br>**Горан Димовски:**<br>IX – 1,2 и 4 = 9 часа<br>VI – 3,4 и 5 = 9 часа |

Претседател:
Игор Огненовски

## Извештај за одржаните натпревари и освоени награди по месеци за предметот физичко и здравствено образование

| Реден бр. | Активност | Време | Опис |
|---|---|---|---|
| 1. | - Крос<br>- Футсал<br>- Одбојка | Октомври 2015 година | - Освоено II(второ) место на општинскиот есенски крос.<br>- Учество на фудбалскиот турнир по повод патрониот празник на оу Глигор Прличев-Охрид<br>- Учество на одбојкарскиот турнир по повод патрониот празник на оу Стив Наумов |
| 2. | - Крос<br>- Футсал<br>- Пинг-понг<br>- Шах | Ноември 2015 година | - Освоени повеќе места во различни конкуренции на Ноќната трка по повод 4 ти Ноември<br>- Учество на општинското првенство во фудбал-машки<br>- Учество на општинското првенство во фудбал-женски<br>- Освоено III(трето) место поединечно на општинското првенство во пинг понг-машки<br>- Освоено II(второ) и III(трето) место поединечно на општинското првенство во пинг понг-женски<br>- Освоено I(прво) место на општинското првенство во шах-машки<br>- Освоено I(прво) место на општинското првенство во шах-женски<br>- Освоено I(прво) и III(трето) место поединечно на општинското првенство во шах-женски<br>- Освоено II(второ) и III(трето) место поединечно на општинското првенство во шах-машки. |
| 3. | - Шах<br>-Одбојка | Декември 2015 година | - Учество на државно првенство во шах-Охрид 2015<br>- Учество на општинските натпревари во одбојка-машки<br>- По повод Новогодишен панаѓур организирани се интерни турнири во одбојка и баскет (мешани екипи) |
| 4. | - Одбојка<br>- Кошарка | Февруари 2016 година | - Освоено I(прво) место на општинското првенство во одбојка-женски<br>- Освоено I (прво) место на регионалното првенство во Одбојка-женски-Битола<br>- Освоено I(прво) место на општинското првенство во кошарка-машки |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | - Одбојка<br><br><br><br>- Кошарка<br><br><br><br><br><br><br>- Ракомет | Март 2016 година | - Освоено VI(шесто) на Државното првенство во одбојка-женски Валандово 2016<br>- Освоено I(прво) место на општинското првенство во кошарка-женски<br>- Освоено I (прво) место на регионалното првенство во кошарка-машки/Битола<br>- Освоено I (прво) место на регионалното првенство во кошарка-женски/Прилеп<br>- Учество на општинското првенство во ракомет-машки<br>- Освоено II(второ) место на општинското првенство во ракомет- женски |
| 6. | - Кошарка | Април 2016 година | - Освоено VI(шесто) на Државното првенство во кошарка машки-Аеродром Скопје 2016<br>- Освоено VI(шесто) на Државното првенство во кошарка женски- Скопје 2016 |
| 7. | - Фудбал<br><br><br><br><br><br>- Одбојка<br><br><br><br>- Ракомет | Мај 2016 година | - Освоено II(второ) место на општинското првенство во фудбал- машки<br>- Освоено II(второ) место на општинското првенство во фудбал- женски<br>-Освоено второ место во натпреварите на училишната лига во одбојка-женски.(Октомври-Мај)<br>-Освоено второ место во натпреварите на училишната лига во ракомет-машки. (Октомври-Мај) |

Претседател:
Игор Огненовски

## 13.УЧИЛИШТЕН ОДБОР

Врз основа на член 126 од Законот за основно образование и член 68 од Статутот на ОУ„Св. Климент Охридски"- Битола, претседателот на Управниот одбор одржа осум состаноци во просториите на училиштето. Управниот одбор работи според Деловникот за работа на истиот. Состаноците се одржуваа според претходно изработена програма за работа, со потребно мнозинство на присутни членови на кои се расправаа прашања од интерес на работата на училиштето.

Може да се истакне дека во месец октомври се донесе Одлука за распишување оглас за избор на директор, а во ноември Училишниот одбор имаше сотанок на кој се вршеше интервју со кандидатите кои ги исполнуваа условите за директор, согласно Законот за основно образование.

Во месец март, членовите на Управниот одбор имаа состанок со инспекторите од ДПИ. Целта на состанокот беше да се согледаат сите аспекти од работата на Училишниот одбор, како дел од интегралната инспекција на училиштето.

## 14.СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ

Програмата на Советот на родители е реализирана во целост, во согласност со активностите на училиштето.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесените извештаи за работата на нашето училиште во учебната 2015/2016 година, можеме да констатираме и со гордост да кажеме дека зад нас оставивме уште една успешна учебна година.

Тоа може да се воочи од целокупната работа во сите сегменти на функционирањето на нашето училиште, како и од тоа дека редовноста на учениците е на завидно ниво. Нема ученици кои своеволно и неоправдано ја напуштаат наставата, а поведението на истите, исто така задоволува. Наставниците, користејќи ги сите услови и можности, работеа на своето усовршување. Проектите ги прифаќаа со задоволство и заедно со учениците, ги спроведуваа предвидените содржини. Редовно ги посетуваа потребните обуки за лично и професионално напредување. Тоа може да се види и од успешно спроведеното екстерно и интерно оценување, кое оваа година, можеме да кажеме, се изведе со голем степен на професионалност и без никакви проблеми.

На хигиената, се стави посебен акцент. Реализирани се сите предвидени систематски прегледи и вакцинации за учениците и вработените, според програмата на Министерството за здравство. Се изврши дератизација, деинсектизација и дезинфекција на училиштето.

Учествувавме на сите понудени манифестации и ги одбележивме сите позначајни датуми преку работата на училишното радио.

Исто така, наша голема гордост и плод од нашата посветена работа се многубројните награди и признанија кои ги освоивме во текот на оваа година.

Ја завршивме учебната година, задоволни и исполнети од реализираното, а нашите нови идеи, предлози, замисли, со силен ентузијазам, ќе ги имплементираме во новата учебна година.

Битола, август, 2015 година

Директор

___________________

(Андријана Мигуловска)

**Училишниот одбор го предлага оваа Извештајот на усвојување до Советот на Општината Битола.**

Дирекор

Андријана Мигуловска

____________________________

Претседател на училиштен одбор

Лидија Ш. Шокларовска

_____________________